**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од четвртото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 5 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,45 часот.

На седницата претседателот Г. Стојан Андов, претедател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 86-та седницана Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Александар Гештаковски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на РМ.

Продолжуваме со утврдување на Предлог амандманот IV на Уставот на РМ.

Продолжуваме со општиот претрес.

Исправката на текстот на Предлогот на амандманот IV што ја достави претседателот на РМ ви е доставена односно поделена.

Има збор Г. Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на претседателот,

Навистина голема беше дилемата во овој момент да се дискутира и како да се дискутира со оглед дека сите сме заинтересирани за процесот кој го започнавме и го заокруживме во Охрид на 8 и на 13 август овде во Скопје. На сите добронамерни таму присутни и граѓани на РМ сигурно им е стало оваа работа што побрзо да заврши; дека е за доброто на РМ; дека е тоа добро за граѓаните македонци; дека тоа е добро и за граѓаните албанци и за сите други, па затоа мислам дека понекогаш и непријавувањето за дискусија само по себе нешто значи, а понекогаш се добива впечаток дека сепак некои работи врз основа на тоа како некои работи се работат во последно време има простор и потреба за објаснуваше. Не верувам дека со аргумент може нешто да се промени во ова Собрание затоа што за жал имам чувство дека аргументите во Собранието не секогаш, без разлика колку тие биле квал-итетни и базирани ќе вродат со плод, но јас се одлучив барем за една демократија помеѓу нас и граѓаните и тоа не на едни или други граѓани, туку за сите граѓани на РМ затоа што една работа е вистина, тоа што еден мој сопартиец пред два три дена рече дека за жал Македонците пратеници, или другите и граѓани читаат еден печат, слушаат едни канали на телевизија, другиот дел ги слуша двете и печатот на македонски и печатот на албански. Во такви услови навистина е многу тешко да се создаде амбиент каде што може со аргументи да се соочиме и да изнајдеме решени. Некој ќе се осеќа, како едниот на другиот сака нешто да му укине, да му одземе или да извлече, туку да се најде солуција која е навистина прифатлива за сите и која што ќе биде во функција на тоа што е заеднички поната-мошен живот во една демократија евроатлански ориентирана и нормално Македонија на сите подеднакви граѓани.

Јас мислам дека кон овој процес пријдовме најсериозно и со сета желба од него да продуцираме мир, продуцираме рамноправност и продуцираме квалитети за оваа држава кои што ќе бидат навистина карактеристични не само по тоа, затоа што беа тие кои што ја сопреја војната, туку и по тоа дека ова општество мора внатрешно да се организира така да таа биде способна да се приближи кон европските асоцијации и како таква да остане кај нив, а не да фати некој друг правец кој што е непожелен и непотребен за сите граѓани на РМ.

Во таа сериозност ние и како партија и јас лично досега сме покажале слух и доблест да се соочиме со аргументите на другите, да се соочиме со таа реалност и во тој дух да изнајдеме решенија кои што не се секогаш такви како што ние во стартните позиции ги пропагираме, кои што не се секогаш со тоа што ние би сакале или некој друг би сакал, туку секогаш како решенија кои што се прифатливи за нас, но прифатливи и за другите, затоа што само со таков начин на договарање може да се најде договор кој би бил излез од некоја криза. Со поинакви решенија и со поинаков пристап мислам дека би влегле во друг правец на текот на состојбите кои би можеле да произведуваат пак тензии и конфликти за кои што сигурно никој не ќе биде среќен. Во тој дух мислам дека беше досегашното наше ангажирање, но за жал еве се покажа последната недела поради решенијата и поради непринципиелното кршење на тоа што се договоривме, како прво и

Друго поради неквалитетните решенија кои очигледно не се резултат или не се такви кои што би ги прифатиле сите, а пак не би биле на штета на другите. Значи, се предлагаат решенија за кои ние сме принудени да излеземе пред вас и да аргументираме тоа што ние го сметаме за заеднички прифатливо решение и како така да ги натераме во демократска смисла сите, и вас тука, а и поголемиот аудиториум дека сепак тоа што ние нудиме, или тоа што ние не сме задоволни и тоа што ние би сакале да направиме такви решенија што мислиме сепак ќе ни по-могнат да излеземе од таа криза не се решенија кои што се насочени против другите но се решенија кои ги отсликуваат пореално и најреално состојбите во општеството на РМ и

дека само како такви тие би можеле да ја стабилизираат оваа држава, затоа што не е само за Макеоднија принцип, туку општо е познато дека оппштествата се стабилизираат во својата структура така кога тие тоа го стипуваат, кога се отсликување на реалните општествени и други состојби во самата Република.

Поради тоа јас денеска излегов тука да искажам некои свои размислувања во врска со ова и за жал да констатирам дека овој тек или овој начин на дијалогување понатаму на овој начин не е, ниту сме ние криви, ниту како партија, ниту како индивидуи, туку криви се тие кои што не успеаа да стојат зад својот потпис и како таков да го спроведеме на начин како што се договоривме. И, ако е така потребно е да се истакне и да се каже дека таквиот типичен наш однос према основните состојби не значи дека е изгубено чувството за одговорност за целокупниот процес. Ние како сериозна партија мислиме дека можеме да придо-несуваме и понатаму и за решенијата кои што се предлага да се менуваат и за целокупниот процес кој што може да биде позитивен и за самото решение и за Македонија и за сите граѓани кои што живеат во неа. Но очигледно со последните промени на текстот на овој амандман некој инсистира да не прави помалку одговорни. Јас верувам дека за доброто на оваа земја потребна е еднаква одговорност на сите што живеат во неа, а ние за жал во тоа сме одбиени. Затоа мислам дека има потреба да се анализираат другите партии кои понекогаш искажани тука и од мои колеги во одбрана на тоа што е сега предложено или во функција на напад на тоа што беше порано предложено како дел од охридскиот до-говор кое што навистина не кореспондира ни со стварноста, ниту можат да се нарекуваат аргументи, затоа што некои од нив веројатно неможат да бидат иквалификувани како аргументи кои се на ниво на достонството на овој Парламент, а другите некои пак се аргументи кои што не само што неможат да не убедат нас, туку тешко е да се убедат и тие самите себеси за тие факти и аргументи што беа изнесени.

Не ми е целта по секоја цена да ги имплементирам размислувањата на пратениците и како такви да бидам сигурен дека после изнесувањето на моите аргументи тоа мислење ќе биде променето. Поради аудиториумот и поради сеопштата клима во државата добро е некои работи да се дообјаснат затоа што сепак граѓаните било да се албанци било да се македонци, било да се турци, било да се други мислам дека имаат право да ги чујат аргументите и од другата страна и да бидеме начисто што беше тоа што нас не тераше и сега уште инсистираме да се опстои на решението што беше дадено во Охридскиот договор и што е тоа што нас сепак не прави посензитивни во однос на сегашното решение.

Јас сакам да им гарантирам на сите граѓани на РМ дека не беше чувството наше за да некого го нема во преамбулата, не беше наша потреба, ниту наше барање граѓански концепт, затоа што ни сметаше некој народ тука, или било кој друг народ што може тука да се спомне. Воопшто тоане ни беше цел и тоа се докажа и со досегашните излагања на моите колеги кои во ниеден момент не пристапија на начин на кој би ставиле до знаење дека ние се определивме за граѓанскиот концепт затоа што сакаме да се брише Македонскиот народ. Мислам дека тој аргумент или тој начин на размислуваше ни малку не е соодветен, туку други се причините зошто ние застанавме со овој проект.

Како прво и основно ние цврсто веруваме дека граѓанскиот концепт е најдобар концепт. Концепт без да се негира националното, било чие национално. Без да се негира таа компонента е најдобриот начин да се надминат разликите помеѓу заедниците во едно мултиетничко општество. Тоа беше прв и наш главен аргумент.

Друго, ние знаевме дека една држава што сака да се ориентира евроатлански и да гради модерни односи каде што граѓанинот е во центарот на политиката и на секојдневниот живот ние мислевме дека најдобриот качин е граѓанскиот концепт каде што навистина е единственото ниво и единствената можна демократски прифатлива категорија каде што навистина сите можеме да стоиме на едно рамниште како начин на надминуваше и на разликите и на тоа што значи демократско уредување на едно оптшество.

Трето, можеби посензитивно беше единствениот начин и најдобриот начин да се промовира во демократска смисла рамноправноста затоа што сите ние, веројатно и вие имаме лоши искуства со општества кои во својот концепт промовираат, макар тоа било и во преамбули, хиерархиски пристап на колективитетите, хиерархиски пристап на делови од општествата кои како такви во иднина секогаш можат да провоцираат други тези и други проблеми.

Ние ако албанци секогаш мислиме дека имаме поголема причина за тоа да го кажеме затоа што досега историски гледано сме гледале каде водат државите кои во основа се базираат на хиерархиско воспоставување на општеството. Со тоа јас несакам да речам дека ова решение ќе произведе такво нешто, но историски покажано секогаш хиерархиските општества биле тие кои што се база и основа за понатамошни тензии и конфликти, почнувајќи од Француската револуција, почнувајќи од левите диктатури, од десните дикатури од другите нерамноправни и лоши етаблирани друштва кои во себе имаат конфликти сао поради хиерархиската поставеност, еднаш врз база на националност, на друго место врз база на фактичка основа, на трето место врз бара на идеолошка основа, а сите знаете што значи во комунизмот,или во времето на стлинизмот хиерархиската поставеност врз база на припадност на една идеологија и каде тоа го

однесе целиот источен свет, а посебно самиот руски народ само поради тоа што некои беа болшевисти, а другите требаше да бидат тие што нив ќе ги служат. Несакам соодветни паралели да правам, но сепак инсистирам на фактот дека нашата аргументација, нашата заложба за граѓанско општество беше определба за која што аргументите наши, планот беа направени на начин на кој што тие произлегуваа и од историските моменти и од потребата за наш заеднички живот, понатаму и од потребата за уредување на државата врз модерни принципи. Затоа мислам дека и албанците тука во Македонија и во бивша Југославија имаа такво искуство што тие себе си се осеќаа дискриминирани на две нивоа. Прво поради идеолошкиот аспект и друго поради националниот аспект.

Поради идеолошкиот затоа што се знаеше комунистичката партија во бивша Југославија спрема нас таква политика водеше и ние во тоа сме сензитивни и не би сакале и идеолошка хиерархија на Уставот да направиме а и поради другото, поради тоа што и во тоа време и сега по инерцијата на таа логика сака да се наметни сега ако не од идеолошки аспект да се задржи националниот аспект кој што може да биде причина, момент за тензии во идната и на ваков начин уредувана Македонија, за кој што ние како албанци мислиме поради таквите аргументи не сакаме да преземеме одговорност за тие работи.

Тука слушам и многу тези кои што јас ќе се обидам да ги исповрзам или да дадам други аргументи, не да полемизирам со нив, затоа што не ми е тоа целта, туку чисто заради тоа што и Македонскиот народ и македонската јавност, верувам дека албанската знае дека со некои тези често се рециплираат, често се зборува и од ова место безуспешно некако ние да ги убедиме нашите колеги дека во некои нивни тези нема, ама баш ништо нема вистинито и неможе тоа да биде начин на комуникација помеѓу нас каде што ние како албанци секогаш ќе бидеме принудени врз такви квалификации ние само туак да се исповедаме, ние само да даваме некој отчет за некои односи или за некои историски аспекти на развојот на албанскиот народ, како што веројатно е и на македонскиот народ.

Пред се сака да разјасниме две работи, за кои мислам дека се непотребни затоа што нашите колеги повторувајќи ги често дека албанскиот народ никогаш не му се знае крајот, има една призренска лига со такви програми дека има еден документ, платформа за национални односи на академијата на науките на Албанија и со тоа што сака да се постигне. Според мене две цели.

Прво да се докаже дека сите академии на Балканот, значи не само оваа нашата со некои чекори или моменти, дали тоа беше на слабост или на концепт јас незнам, вие како македонци подобро го знаете, напраивја некои потези кои не само што се анахронични, туку се спротивни на интересите на самиот народ. Истото го направи и Српката акаедмија на науките и уметностите, значи академиите воопшто имаат националистичк пристап, па така и Албанската академија на науки, јас несакам да ја бра нам, туку во таа смисла и тие исти се. И тие прават нешто, концепт ништо друго туку тоа што го прават и другите академии.

Друго да се каже на Македонскиот народ никогаш неелаборирајќи ги тие тези, никогаш некажувајќи што содржи таа платформа, што е тоа призренска лига и тн. Не секогаш во функција да им се каже на Македонскиот народ дека ние ќе допуштиме или не ќе попуштиме, затоа што ако попуштиме овие документи какви такви ќе имаат такви задни намери што е катастрофа по нас. Тоа мислам дека ниту е прифатливо, ниту е вистина. Затоа јас веднаш ќе кажам на колегата, што поради коректност и пред да дојдам тука отидов и му реков дека не е вистина дека во документот на академијата, на албанската академија на науки нема нешто што би било спротивно на интересите на македонскиот народ, а посебно спротивно на тоа што значи понатамошен развоен тек на Република Македонија.

Бидејќи не бев сигурен, јас успеав овие два-три дена, откако по четврти пат го слушнав овој аргумент, го најдов документот и вистина е така како што јас велам. Тука се промовира, се пишува во тоа заокружување на крајот дека албанскиот народ во Републеика Македонија, треба да ги ужива сите тие права и да постане уставотворен народ, како што им следува на сите народи во бројчаност колку што се толку, толку, тоа е предмет на наши разговори, но едно е точно дека ништо нема од тоа што тука што сака да се промовира со тој документ.

Така, мислам дека од овој аспект, албанската интелегенција, ако тоа е веќе израз на една таква институција и ние како албанци тука, не поради тоа, туку како и албанци тука, наши приоритети, господа се демократијата и наша и на македонското општество како целина, демократијата на сите албански простори каде што се и такви какви што се, евроатланската ориентација и нормално пазарно стопанство. Тука, сметам дека досега сме дале доста аргументи и тешко е да се пробиваат овие аргументи само со напоменување на еден таков документ, без никогаш да се каже што е тоа. Се знае, госопда, нашите приоритети се тие што ги спомнав а можам повторно да ги кажам. Наш приоритет е демократијата на нашето општество. Нормално, во таа демократија ние ќе бидеме демократични толку во Македонија како албанци, колку што ќе бидете и вие. Неможеме и ние да бидеме повеќе од вас, сигурно не ќе бидеме помалку од вас. Дајте да бидеме заедно демократски толку, колку што ќе ни биде добро за сите овде во Македонија. Друг начин мислам дека нема.

Друга теза, која што овде се сака да се рециклира, со некои тези за кои што мислам не се вредни да се напомнуваат, туку се покажуваат, мислам инсистираат на тие тези и сметам дека се во заблуда.

Прво, секогаш кога тука се зборува, се зборува дека, е, ние добро сега тие аргументи прво беа тоа што го немаа "македонскиот нарол Потоа, што е војната и што е под ваква закана. Па, пред два дена слушавме дека тоа е под диктат на платените дипломати. Тоа го рече еден дискутант тука, мислам дека беше од ВМРО-ДПМНЕ, за кој што мислам дека не го дели мислењето сакам да кажам и на својата група. Значи, да се каже од оваа говорница дека ова е резултат на платените дипломати мислам дека ниту, јас најмалку што можам да направам, треба да се оградам од оваа говорница, затоа што тоа не ми оди во полза на сите. А, тој што го рекол, веројатно, можеби има аргументи, но јас велам ако ги има нека ги каже. Сметам дека секој дипломат овде е на помош на граѓаните на Република Македонија. На крајот ако успееме да го надминеме, а јас верувам дека ќе успееме потребно е едно заблагодарување на сите тие дипломати, претставници и други со една наша општа декларација тука, а не од тука некој да ги повикува нив дека албанците ги поткупиле и ова е разултат на нивните дипломатски платеници, што мсилам дека е многу штетно и на партијата што тој ја претставува, а и како Собрание ние што сме тука заеднички.

Друго е тезата, еднаш што ви реков за тоа дека ова е резултат на конфликт. Господо, ние знаеме дека тука имаше конфликт и тоа е факт Но, јас не сакам да се заканувам, ниту некогаш сум се заканувал. Но, знам да кажувам факти. Овој документ, што беше потпишан во Охрид, таков каков што беше, факт е дека ја запре војната. А, ја запре војната, затоа што беше наша заедничка потреба. Војната не е во интерес ниту на Македонците, ниту на Албанците. И како такви со помош на меѓународните фактори што тие ни помогнаа, ние успеавме да дојдеме со решение за да ја сопреме војната. А, она другото зошто сега се зафативме за уставни промени, сметам дека има други аргументи, затоа што таа ниту настана поради, како што рече еден колега од албанска нарко-мафија и поради борба за територии. Да беше ова нарко мафија, јас незнам некој документ ние да сме го потпишале тука за борба против нарко-мафија и со тоа да престане војната. Ако тоа би било причина, со една таква декларација, значи ние би ја спречиле таа работа. Ниту, знам документот кој што го потпишавме во Охрид, зборува за територии. Напротив, тој зборува за права и како таков, што дојдовме до таа солуција, мислам дека, сепак, внатрешната реорганизираност на македонската држава беше како потреба, која што таа не успеа да ја направи за овие десет години, а сега се отворија простори за евроатланска ориентација и приклучување на тие структури.

Сите знаете дека Македонија пред војната, беше групирана во групата на Западен Балкан. А, дали знаете што е тоа Западен Балкан? Дали е Западен Балкан, затоа што сме навистина ние многу на запад или имаме некои особености тука, што навистина имаат потреба, внатрешно, правно, уставно и општествено, ако сакате, да се организираат на тој начин, ние полека да избегнеме од тој Западен Балкан па макар биде западен и секогаш георграфски. А кои се тие прашаша. Овие земји кој што се во Западен Балкан, уште еднаш ќе кажам не се тоа заради тоа што се многу западно од некои источни, туку поради тоа што тие имаат нерешени меѓуетнички проблеми. Тоа е веќе документ. Тоа е прво.

Второ, е поради тоа што имаат нестабилни институции како такви.

Трето е поради тоа што што имаат низок развој на цивилно општество.

Четврто е поради тоа што тие во својата транзиција од економски аспект, не успеаа така да ја направат, што од нејзе да произлегува една соодветна транспозиција или транзиција од едно комунистички или централно планирано стопанство, во стопанство кое што е базирано врз пазарни законитости. Поради тоа,ние имавме корупција, ние имавме елементи на организиран криминал и не само ние,туку сите земји кои што се во Западен Балкан и тоа не е документ само за Македонија, се карактеризира порави овие четири аспекти. Тоа не е документ, ниту албанците што го донеле, ниту македонците, туку тоа е меѓународен документ кој што ги дава основите за една таква состојба во едно општество и ги дава насоките за разрешување на проблемите, кои што би ги снижиле меѓуетничките тензии, затоа што прво е тоа, кои што би ги стабилизирале институциите како второ, кои што би го развиле цивилното општество и нормално како таква би создале една база, една основа за заеднички консензус за основните начела на демократијата, за да можеме полесно да војуваме и против корупцијата и против организираниот криминал и против сите зла што ние ги имаме тука, без разлика од кое етничко потекло сме. Затоа што, само така, решавајќи ги овие четири елементи, ние ќе бидеме спремни да се приклучиме кон овие структури.

Мислам дека аргументот, со ова сакам да докажам дека само поради ова и ова тоа настана или овие права се дадени на начин само да се задоволат нештата, мислам дека тоа не држи. Правата се конципирани на начин, тие да делуваат стабилизирачки во самиот систем во Република Македонија. Затоа, мора да ги решат овие три, четири точки кои како Македонија не ни се услов за нас, туку се услов за Европска Унија и за другите стандарди. Нормално е дека Европската Унија не сака да импортира нестабилност, таа сака да продуцира стабилност. Сметам дека ние ќе бидеме во добра корелација

со таа заедница, со таа филозофија, ако се спроведува тоа што е и договорено.

Од некој колеги и колешки тука често се споменува аспектот или аргументот дека преамбулата ќе биде ваква или таква, затоа што вие како сакате да се наречете, сепак тука има еден народ, тука има малцинства, има вакви, има такви, и тоа го аргументира со фактот дека ние секој ден потпишуваме декларации и документи и конвенции за малцинства. Господа, тоа е точно, но јас ќе ја кажам и другата страна на оваа вистина. Ние секој ден потпишуваме и потпишувавме во овие десет години, можеби и порано, документи и конвенции, кои што се занимаваат со правата и на малцинствата и од политички аспект малцинства и од лингвистички аспект малцинства и од можеби возрасен аспект и од други аспекти, затоа што малцинствата се многуслојни, не е само од политички аспект, но документите кои што ние ги потпишуваме за да ги средиме односите во меѓуетничките односи, иако потпишани ние никогаш не успеавме тие тензии да ги смириме. Очигледно тие документи што ние ги потпишуваме не соодвествуваат со реалноста во Република Македонија. Проблемите со албанците неможат да се решат врз база на потпишување на тие документи, затоа што веќе тие се тука во таков број и со такво квалитет, што очигледно бараат еден друг простор да си го реали-зираат за себе и да преземат поголеми одговорности во оваа држава и како такви мора да се третираат на соодветен начин, на кој што мислам дека и прави обид овој документ и верувам ако се имплементира како што треба и како што е потпишан, веројатно, ќе биде еден сушствествен придонес кон стабилизација и кон тоа што значи решавање на проблемите, заедничките проблеми, меѓуетничките проблеми врз сопствените искуства и врз сопствените можности. А, не врз тоа дека чисто се потпишува така па затоа вие сте малцинства рече колешката пред еден ден, затоа што ние потпишуваме секој ден документи за тоа. Не и го спорам правото да каже така, туку мислам аргументите од таков тип, чисто не стојат. Ако сакате да кажеме за тоа како се решенијата и од типот на малцинствата во меѓународното право, во меѓународната практика отишле многу понапред од нас и без овој документ, можеби и со овој документ. Јас ќе ви кажам нема да ве носам во Шведска или во Финска, да се каже, е, ние не сме швеѓани, не сме финци. Ке се најде некој начин, сепак тоа да се реватилизира. Ќе одиме во Ромунија, ако сакате, поблиску ни е тука. И, по историскиот тек, дури ние сме биле пред нив, но сега тие веќе за 6 или 7% Румуни таму имаат такво право. Еве, да го земеме едукативниот систем. Имаат два универзитета на румунски јазик. Едниот е државен, другиот е приватен. Значи за 7% граѓани Румуни што живеат во Румунија. Не го зборувам тоа на памет, затоа што ги имам конфирмирано сите овие факти што значи немојте да мислите дека било вака, било така, можеби некои решенија што се тука најдени или спроведени досега биле од таков карактер, дека такво нешто немало и некој сега си експериментира со Македонија, затоа што никаде никој го нема тоа право, било да се нарекуваме малцинства, било колективитети, било заедници, тоа било непримерено и со Македонија се прави експеримент. Мислам дека со Македонија никој не прави експеримент, секој сака да и помогне, а ние ако му одмогнеме ќе го направиме тоа што мислиме дека е најнепотребно. Затоа што, и ак одиме по тој концепт по гаранции на правата и на групите кои што се во бројчаност малцинства, мора да се направи дистинкција меѓу тие, можеби албанците се помалку од македонците,но исто така тие се многу повеќе од другите, не поради разлика помеѓу нив, туку поради меѓународните документи, каде што се вели во членот 8 и 9 дека тие групи, кои бројчано веќе се суституцијално во поголем број, од тоа произлегуваат и други права и други обврски. Тоа не е дека ние сакаме некого да дискриминираме или да недискриминираме. Врз таа основа е земена таа бројки од 20%. Дека, сепак, тој број, споре мене, е висок и според стандардите е висок но се базира врз фактот дека тие опмали групи што се во помал број, имаат соодветни механизми за решавање на тие проблеми. А, тие групи што се нудат и кои што ги има во поголем број, тука се вели супстанцијален број, значи, супстанцијално веќе нивниот број доаѓа до израз, нормално е дека треба поинакви и посоодветни решенија. Од тој аспект доаѓаат решенијата за кои што мислам дека тука се само имплементирани, а никако правени како преседан. Никако дека се прави некој експеримент или некое чудо. Не, господо, читајте ги малку меѓународните обврски, договори што секој ден ние тука ги потпишуваме, па ќе ги најдете и овие аргументи.

Господо пратеници, би сакал на крај уште еднаш да ја кажам нашата желба и понатаму да придонесуваме за заокружување на мировниот процес и за негово квалитативно заокружување, но сметам дека решенијата за кои нашиот став е јасен и поради принципиелни причини и поради понудените неквалитетни понуди, ние опстојуваме и би сакале и сме отворени за понатамошни разговори за изнаоѓање на формула со која што би ги задоволиле сите.

Затоа, уште еднаш да повторам дека тука од ниеден пратеник албанец не сте го слушнале некој став кој што би бил против тоа што е реалност во Република Македонија. Има начин и има формула тоа да се најде ако се има волја. А, волја треба да има ако се сака, нормлано, и ако сме убедени дека после овие промени да живееме во една просперитетна, демократска , модерно конципирана земја нан која што би, одговорноста на сите тие што живеат тука, била пропорционална и соодвет-на и како таква би била гарант не само за опстојување на оваа земја туку и за развој и за евроатлански ориентации и за други добри нешта, што мислам

дека на Македонија како на рамоправна заедница и следува. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави пратеникот Радомир Карангелевски.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Благодарам господине потпретседателе, сосема накусо, бидејќи беше спомнат еден дел од мојата дискусија и разговарав пред дискусијата со господинот Азис Положани и му благодарам што ми даде можност, попрецозно да се обратат некои работи. Постои прашање во врска со ова платформа на албанската академија на науките и уметностите, која што се вика платформа за решавање на албанското национално прашање, а ги третира албанските етнички простори. И, од друга страна коинцидирањето со тотално идентична територија, како што беше од 1941 до 1944 година националистичка фашистичка Албанија до 1944 година. И, тој самиот спомна дека албанскиот народ е уставотворен народ. Јас токму тоа, господине Положани, го објаснив дека конструктивен народ, не уставотворен народ во Република Македонија е македонскиот народ и тој ја создал македонската држава. И, ви ги читав деловите и од Манифестот од АСНОМ, а ја знаеме и Декларацијата од 1991 година на 25 јануари. Меѓутоа, македонскиот народ ја конституира државата, едноставно да се каже, и таа станува демократска, граѓанска и сите кои што живеат во неа се граѓани на таа држава, јас тоа сакав да ви објаснам, и дека понатаму треба да се гради граѓански концепт во Република Македонија. И сите граѓани да имаат поддеднакви права. Тое е едно.

Второ, јас не навлегувам во текстот на Преамбулата, бидејќи мојот став и на мојата пратеничка група е и на партијата да не се менува постојната преамбула токму од овие причини што ги изнесов.

Меѓутоа, кога веќе зборуваме за постојната содржина, таму како да граѓаните се едно, македонскиот народ е друго, а деловите од другите народи што се посочуваат во новиот текст на преамбулата се набројуваат, тогаш би требало да стои "граѓаните", да се стават две точки и да се набројат. Тоа сакав да објаснам.

И уште еднаш да кажам, не се согласувам со тезата, таа теза е контраграѓанска теза што ја изнесовте, а бев против таа теза и во својата дискусија кога г-динот Сејфедин Харуни изнесе дека, доколку некоја националност ја има во поголем број, дека таа требада има и некои поголеми права. Токму тоа е контра чистограѓанскиот концепт, за кој јас и демократската алтернатива се залагам, а тоа значи сите граѓани, и еден да е поединец од било која етничка припадност, треба да ги ужива сите права и слободи и да ги има обврските спрема РМ, кои се дадени со Уставот и законот. Во тоа е разликата, г-дине Положани концептуално меѓу вашиот став и ставот што јас го изнесував и сега го дообјаснив.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повлете г-дине Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Да одговорам на г-динот Карангелески, затоа што сепак имам чувство дека г-динот Карангелески свати и јас успеав, ако не успеав ми е жал да го убедам дека документот кој што е производ на Албанската Академија на Науки и Уметности и каде што се вика така како што рече и г-динот Карангелески и точно е дека во 1989 година е промовиран, значи успеав да го убедам дека сепак во тој документ нема ни една реченица, ама баш ниедна реченица која би се косела со принципите на уредување на Македонската држава, а би било против интересите на македонскиот народ. Значи, напишано е на начин којшто веќе како практика бил тука понапред, значи се предлага или се размислува за подобар начин за етаблирање или стабилизација на оваа држава, дека тоа би било кога и албанскиот нарсд би бил конституент. Тоа не е ништо ново, ниту неможно, затоа што тоа право како што знаете го имавме со Уставот од 1974 година и тоа не е искуство што произлегува само од фактот дека некој го рекол, туку искуство што беше практикувано за стабилизација на односите како што беше замислено во една југословенска федерација тогаш. Значи, тоа не стои. Македонскиот народ е консти-туент, нормално, но има декларација, има референдум 1991 година, но поради непотребните решенија или подобро речено несоодветните решенија кои беа дел од тие декларации и референдуми, албанците не учествуваа и не гласаа за такви и слични устави. Заради потребата да изнајдеме начин сега заеднички да подготвиме еден Устав кој ќе значи консензуален пристап за базичните предлози, како што рече г-динот Климовски на првата седница на Собрнаието што се одржа во салата во Владата, значи, умешноста е во правењето базични вредности за демократијата. Тоа би не терало сега и би ни дало аргумент навистина да градиме држава каде што конституентот односно суштината на овој сегмент ќе биде граѓанинот. Ние тоа го прифативме, затоа што мнслевме и бевме убедени не дека е најдобар или дека имавме такви почетни позиции, дека тоа е најдобар начин да се надвладеат некои разлики што ги имавме и во мегувреме да се придонесе кон создавањето на една модерна граѓанска држава.

И нешто друго што сакам со индигнација да го отфрлам, незнам дали беше лапсуз, но рече дека тоа што тука се проповеда во таа книга е исто она што беше направено како продукт на една фашистичка борба, мислам дека се изрази. Мислам дека тоа не е точно и можеме за тоа да полемизираме. Ниеден концепт господа пратеници, ниедна сериозна политичка партија, ниеден сериозен политички блок или Влада, во било кој дел каде што живеат албанците досега

не промовирал идеја или концепт кој ќе биде сличен на тој што го промовираше фашизмот. Така со индигнација ги отфрлувам таквите алузии и на овој документ. Затоа би рекол нашиот приоритет е демократијата и демократичност на односите меѓу нас, Евроатлантската ориентација и нормално добри односи со соседите. Мислам дека тие тези со таа намера се депласирани и ако г-динот Карангелески навистина мисли дека со тој документ некако во некоја смисла се промовира истото што е фашизмот, мислам дека целосно апсолутно е неприфатливо и нестои како такво.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-динот Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Колегата Азис Положани со доста расположение зборува за довербата што треба да ја градиме и во однос на Охридскиот документ што веќе е во фаза на раз говори. Меѓутоа, сметам дека довербата многу повеќе ќе ја зајакнеме во нашата држава кога би погледнале право во очи на вистината и на историските факти. Тој довербата ја бара преку Албанската Академија на Науките и Уметностите, преку Призренската лига се некако однадвор, однадвор од каде што ни се случија и овие настнаи. Јас сметам дека довербата треба да ја бараме внатре во нашата земја, меѓусебе, бидејќи најдобро се познаваме. Голем број Албанци, кога почна да се разговара за некаков дел, албанците дека се дел на албанскиот народ во однос на предлогот на амандманот на преамбулата, едноставно истакнуваат дека албанците во Македонија се дел на Македонскиот народ. Тоа едноставно го образложуваат со факти. Тие живеат во Македонија, сета топонимија е македонска, сите тие се знаат и луѓето дека се албанизирани при крајот на осумнаесеттиот век. Тие истите обичаи ги имаат. Блискоста со македонскиот народ, непостои друга материјална и духовна култура подалеку од македонскиот народ. Се што е заеднички е создавано, меѓутоа, последицата е само во примањето на исламот и албанскиот јазик. Меѓутоа, кога се зборува за вистината и ја бараме довербата, нашите активности треба да ги насочиме на оние елементи за доизградба на довербата, за блискоста што постои меѓу населението во Македонија, без рзалика на кој јазик зборува и на која вера припаѓа, бидејќи сите знаат дека исламизацијата е многу подоцна склучена, бидејќи сите тие на овие простори беа христијани.

Затоа, на овој план да посветиме повеќе внимание што ќе придонесе за приближување и изградба на довербата. Кога сето ова ќе го оствариме на овој начин, кога сите како единствени тука си седнеме, решенијата на проблемите ќе ги најдеме без некој однадвор да ни се меша во нашиот двор. Дека тоа е можно, бидејќи сме сведоци дека имаме албанци кои зборуваат на албански јазаик, а се декларираат дека се македонци. Истото се случуваше во тој период со многу граѓани на Македонија. Дури истото и денес се случува, голем број од исламската заедница се определуваат за нови вери во државата и обратно. Сето тоа се процеси во сите земји, па и во Македонија. Затоа проблемите тука да ги решаваме, бидејќи тие се наши, не се од соседите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Поради коректност и почит кон г-динот Сајковски, само накратко ќе му реплицирам. Ме критикуваше или не се согласува со начинот и со методот дека јас ги посочувам аргументите за соживот за доверба и кон споменатите документи, како што кажа тој, призренска лига и други. Г-дине Сајковски, јасно кажав зошто го правам тоа, затоа што одредени дискутанти тука ја базираат или ја насочуваат меѓусебната недоверба поврзана со овие документи. Нормално, јас се повикувам на тие документи како што се и како што треба да се интерпретираат за да докажам дека и историски и документарно нема ништо со тезите за спротивставување, крвно спротивставување или за некоја задна намера на албанците кон македонскиот народ врз основа и на овие документи што беа спомнати, но не од мене, јас само од мој аспект ги декларирав. Значи, врз база и на документи не стојат и се ништавни таквите тези.

А ова другото што го рековте, влегувате во историјата кој бил тука, јас сосема се согласувам дека тука има многу што да се каже, но, само едно да се разбереме г-дине Сајковски.Јас мислам дека ниту преамбулата, ниту Уставот не е ниту место ниту документ кој што претендира да ги надмине сите наши историски разлики, да ги анализира сите минати христијански, исламски и било какви религии во Република Македонија, туку е документ кој што ќе создаде доверба меѓу нас за заеднички живот во една демократска и рамноправна идна Македонија. Во никој случај не го признавам овој документ како модел за надминување на сите наши историски работи. Тие се работи за историчари, ќе најдете некој аналитичар тоа подобро да го анализира. Јас го прифатив граѓанскиот концепт како концепт и во преамбулата затоа што мислам дека со тоа се создаваат аргументи и простор за рамноправност во РМ, базирани врз модерни концепти, рамноправност, Евроатлантска ориентација и други добри работи, а не како начин да ги решиме историските раз лики кој бил тука, како бил тука. Мислам дека овој парламент се изнаслушал со такви тези и порано, јас несакам во тоа да навлегувам.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Му благодарам на колегата Азис Положани што длабоко во себе чувствува дека навистина Албанците во Македонија се дел од

Македонскиот народ и дека постојат шанси за совладување на сите прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, со раммковниот договор почна една нова етапа за разрешуваше на меѓуетничките проблеми во Република Македонија. Во Рамкмовниот договор прецизно беше предвидено што треба да се менува од Уставните, а што од законските и како сето тоа ќе се имплементира.

Многумина од пратениците мислат дека со амандманите се задоволуваат интресите на немакедонците во Република Македонија и дека усвојувањето на амандманите ќе биде една голема дата за малцинските заедници. За жал, амандманите и датата на усвојувањето за албанците секогаш ќе значат потсетување на гранатирањето на нивните домови, раселување од своите огништа во правец кон планите за да го спасат големиот живот, во соседните држави или во внатрешноста на РМ. Потоа, изгорените домови, големи имотни штети, убиства на недолжни граѓани, живот без струја во куќите, во подрумите, без храна, речиси една година изгубена во образованието без можности да одат на работа итн. Со еден збор, албанските села беа гранатирани, а самите Албанци беа малтретирани, изолирани од светот или раселени од своите домови и никој од нас не можеше ништо да направи за нивните животи и маки. Ова се однесува на сите без исклучок, но видните последици беа за Шарпланинските села Гајре, Лисец, Шилковица, Бродец, Вешала, Вејце, Селце и Лавце, каде што и ден денес нема ниеден пратеник во селото.

Новиот предлог на текстот на амандманите на Уставот на РМ, предлага неколку измени во однос на почетниот текст односно во однос на договорениот со Рамковниот договор. Мислам дека и текстот на амандманите предвидени со Рамковниот договор не претставува нешто што треба да се прифати без големи резерви, но тоа што е договорено за странките станува закон. Ова важи да тие кои го прифаќаат римското начело "факта суб серванта". Бидејќи тоа не се случи во овој случај, мислам дека се во право тие кои го почитуваат Рамковниот договор и тоа од повеќе аспекти. Сите знаеме под кои услови и во присуство на кои личности дојде до потпишување на Рамковниот договор. Ако се почитува раммковниот договор ќе се врати довербата во личностите кои ја раководат Република Македокија, и тоа не само од страна на граѓаните туку и од функционерите и раководителите кои ја спроведуваат власта, било да е судска, или извршна власт.

Тенденцијата за изменување на тоа што е дговорено е многу видлива и никој не го знае крајот на ваквиот начин на работа. Беше договорено да имаме граѓанска држава, сега немаме. Беше договорено дека нема да има територијално решение со етничките проблеми, сега тоа го имаме. Беше договорено дека ќе имаме рамноправно застапување на граѓаните во јавниот живот во РМ, сега тоа го немаме, бидејќи е направена замена со терминот "соодветна и правична застапеност". До денес немаме прогласено дека немаме правично вработување и сите знаеме дека едно е пропорционална етничка застапеност, а друго е правична.

Беше договорено дека ќе се реши проблемот за високото образование на мајчин јазик на заедницата која брои над 20% од вкупното население во Република Македонија. Сега тоа не е случај, што е од најакутните проблеми во Република Македонија, кога се однесува за тетовскиот универзитет, односно за образование на албанците во универзитетот.

Беше договрено дека сите верски заедници ќе имаат рамноправен статус во Република Македонија, сега тоа не е, бидејќи една верска заедница е порамноправна од другите, иако сите познаваат еден Бог. Беше договрено дека при изборот на судиите во Судскиот совет, Уставниот суд и други, ќе се бираат пропорционално. Сега тога е многу комплицирано и непознато. Сега се бара само да се обезбеди гласањето, а не се бара однапред составот на судиите, да биде етнички. Да сакавме така, ќе имавме однапред одреден состав со броевите 3, 2, 1 и тн.

Беше договорено дека ќе се почитува консенсуалната демократија во еднодомно одлучување. Со предложените решенија се предвидува едно мнозинство кое оди само на штета на тие кои имаат интерес за едно такво гласање. Бидејќи конзенсусот не се бара од таа заедница која има правен интерес од тоа гласање, туку е предвидено при гласањето да гласаат најмалку половина од пратениците кои припаѓаат на заедниците, Албанците, Србите, Турците, Ромите, Власите, Бошњаците кои не се мнозинска заедница. Овде како што се гледа, културниот идентитет на Србите, Ромите, Власите, треба да го заштитат Албанците, или пак за албанското знаме да гласаат и Србите, Ромите, Власите, Бошњаците, Турците, што ќе биде многу тешко. Оваа консенсуална демократија која им се нуди на Албанците во Република Македонија, иако бројно се една третина од вкупното население, не е реална, не одговара на фактичката состојба. Често пати одлуките што се во интерес на Албанците зависат од гласовите на заедниците кои бројат 0,4% од вкупното население. Од друга страна, со Уставот на Република Македонија е гарантирано дека секој граѓанин има право во секое време слободно да се изјасни за својата национална припадност. Беше договрено да се почитуваат роковите за

усвојување на амандманите, законите за предвремени парламентарни избори. Тоа не е случајно. Со еден збор, со старата, со новата и најновата Преамбула Република Македонија ќе биде еднонационална, со повеќе национални малцинства, еднојазична, дополнително со малцински јазици, едноконфесионална, дополнително со некои други конфесии.

Беше договорена амнестија. Тоа до денеска не е решено. Јавната декларација на претседателот Трајковски за амнестирање не претставува правно решение. Амнестијата треба да биде со закон. Во врска со ова можам да цитирам едно судско образложение, од еден педантен судија, кој кажа: "По наоѓањето на советот на овој суд, жалбените наводи кои се однесуваат на изјавата на претседателот на Република Македонија за амнестија се без влијание на поинакво одлучување по однос на мерката притвор и против обвинетиот."

Имено, изјавата на претседателот на Република Македонија за амнестија во овој момент и во оваа фаза на кривичната постапка против обвинетиот не претставува правен основ за укинување на мерката притвор. Ова е од причини што согласност од член 98 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 4 став 2 од Законот за судовите, судиите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, Апелациониот суд во Скопје. За ова јас немам коментар, бидејќи јас мислам дека судијата е во право.

Новата Преамбула предложена со Амандман IV на Уставот на Република Македонија претставува најверојатно уникат од досегашните постојни преамбули во светот. Тоа значи дека само во Уставот на Република Македонија ќе постои една таква Преамбупа. Од една страна признава граѓански принцип, а од друга страна ги набројува сите националности, дури и тие кои немаат ни 8.000 жители.

Набројувањето на етникумите во Република Македонија се прави на таков начин што еден етникум го прогласува за македонски народ, кој е суверен во оваа држава и покрај него живеат и некои незначајни етникуми, кои се малцинство. И за нив ќе важат законските стандарди кои се применуваат за националните малцинства во другите земји. Македонија значи нема потреба од демократија по своја мера. Со оваа Преамбула се релативизираат Албанците без кои во сегашниот момент не може да се замисли владината коалиција. Мислам дека треба да постои поинакво решение во Преамбулата. Ако Албанците во овој момент не можат да бидат потполно рамноправни со Македонците, односно со македонскиот народ, ако не можат да бидат државотворен народ, бидејќи не постои клима сега во овој момент, тогаш сигурно е дека не треба да се ставаат во ист кош со другите националности кои навистина се малцинства. Тогаш ќе беше подобро во Преамбулата да постои едно решение, кое одговара на реалноста, македонците да се третираат како народ, Албанците како припадници на албанскиот народ во Македонија, а другите како малцинства со име и презиме. Македонскиот народ, мислам текстот на Преамбулата ќе беше како што имаме предлог од страна на Мевљан Таири: - Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, припадниците на албанскиот народ во Република Македонија, како и припадниците на турската, влашката, српската, ромската, бошњачката и другите националности ..., тогаш ќе беше една Преамбула која ќе ги третира порамноправно сите граѓани во Република Македонија и ќе бевме сите задоволни. Во спротивно, Албанците кои се автохтони во Република Македонија, кои се 1/3 од населението на Република Македонија, кои учествуваат во сите досегашни владини коалиции, кои со Уставот од 1974 година беа потполно рамноправни, нема да прифатат во своја држава да се чувствуваат како под кирја, да не знаат дали се третираат како државјани на Република Македонија, или како граѓани кои овде се случајно како азиланти, како раселени, како номади, или пак привремено сместени во Република Македонија.

Значи, треба да имаме една доверба кај сите граѓани во Република Македонија. Има место новата Преамбула да прифати нешто што ќе ги зближи сите граѓани на Република Македонија. Не сакаме Албанците да се чувствуваат како малцинства, бидејќи тоа е тешко да се прифати, тоа е на штета на Република Македонија. Ние сакаме да се чувствуваме како граѓани во своја земја, а како граѓани во своја земја ќе бидеме тогаш кога и ние ќе мислиме дека тоа е вистина.

Ако ме прашате мене за Преамбулата и старата и новата, бидејќи го имаме нормативниот дел каде цело време се третираат како малцинства, не менува многу во значај и затоа сум дека за една таква Преамбула не треба да се дојде до некој нов конфликт во Република Македонија. Меѓутоа, барам од вас, од сите пратеници една иницијатива да се реши и тој проблем. Значи, да се разграничи македонскиот народ, после Албанците и понатаму да дојдат овие кои се вистински малцинства. Тоа е во интерес на Република Македонија. Мислам дека тоа ќе помогне да немаме понатамошни конфикти.

Благодарам на сите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам колега Алиу.

Збор има пратеникот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе,

Јас мислам дека немаме доволно кворум за работа, иако сум пријавен редовно за дискусија. Сега е редно вие да одлучите дали да продолжам или ќе ги повикате пратениците да влезат во салата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да го прифатам вториот услов, колеги кои не се во салата нека влезат да можеме да го ислушаме колегата Оломан за неговите ставови околу точката на дневен ред.

Ве молам колеги пратеници влезете во салата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Добро, јас ќе се потрудам да бидам и краток и суштински да ги набројувам некои мои сугестии во врска со темата за која расправаме скоро неколку дена и да се надевам дека ќе смогнеме сите сили прво да се соочиме со реалноста на Република Македонија, како држава на сите нејзини граѓани и реалноста во која се наоѓа Република Македонија во последните 9 месеци. Многу краток во моето излагање, само ќе изнесам некои факти.

Уставот на Република Македонија кој го донесовме 1991 година, албанците тогаш не гласаа токму поради слабостите кои ги имаше тој Устав, односно до денешен со кој работи Република Македонија. Постојано велевме дека Уставот ќе генерира криза, односно несогласување меѓу институциите на системот и државјаните на Република Македонија, т.е. Албанците. За жал, тоа и се случи, бидејќи македонскиот блок политички партии, со носталгичност кон она што тоа значи да бидеш Македонец, меѓутоа Македонец да живееш во Република Македонија и да не размислуваш дека во овие граници на Република Македонија живеат голем број на Албанци, Турци, Роми, Власи и реддруги.

Меѓутоа, незадоволството кај Албанците континуирано се мајоризираше токму во овој законодавен дом, токму од лидерите на политичките партии кои беа, односно во поголем број кои ги претставуваа Македонците во Република Македонија, така да за жал, ескалира и војна меѓу два ентитета, т.е. меѓу Албанците и Македонците, од која војна, за среќа, би рекол, не се вовлекоа сите Албанци, бидејќи ние цело време, претставниците избрани од народот бевме во овие клупи заедно со вас и со тоа докажавме дека не се сложуваме ниту со оние кои мислат дека ОВК војува за да освојува територии. Меѓутоа, бевме цврсто убедени дека пушките ги зедоа за жал младите незадоволници, т.е. Албанците за да се борат за нивните права, односно правата кои нивните претставници пратеници не можеа да ги реализираат институционално во овие собраниски клупи.

Меѓутоа, и тоа се покажа дека не е лесно да се војува, бидејќи институциите на системот, како така, работеа до ова време и со сето тоа, вие знаете дека меѓународниот фактор ги превзеде некои работи во свои раце, така да не случајно седнаа да преговараат лидерите на политичките партии кои се во ова Собрание, а кои имаат најголем број пратеници.

Се постигна Рамковниот договор во Охрид. А јас, ако ми се дозволи, имаме и голем број на лекари, ќе се служам малку со лекарски речник, се констатира дека Република Македонија "боледуваше" од болест и така да конзилиумот на лекари, почнувајќи четворицата лидери, дури не бевме сигурни во тоа, така да имавме и двајца суперспецијалисти, тоа е господинот Леотар и господинот Пердју и тие ја определија дијагнозата, а тоа беше Рамковниот договор.

За да се спроведе, значи да се даде терапијата, токму требаше овој законодавен дом да ја прифати таа терапија и да Македонија еднаш за секогаш се излечи од болеста која последната деценија од 1991 па до денес играме сите на лоши карти, а тоа е без одговорност кажуваме политички опции, кажуваме дека сме големи македонци, кажуваме дека сме и големи албанци ако сакате, меѓутоа, за жал, ние само изгубивме сите, бидејќи тој Рамковен договор за жал, пак велам, од медиумите или електронски или пишаните медиуми, ги натеравме граѓаните да секој ден бидат пред ова Собрание и ги убедивме на некој начин дека Република Македонија се загрозува од страна на Албанците. Тоа за мене не е точно. Република Македонија се загрозува инотитуционално и тоа од страна на владите, се загрозува од криминалитет, се загрозува со тоа што Буџетот на Република Македонија скоро е испразнет, со тоа што се купуваат тенкови, се купуваат хелихоптери. Меѓутоа, за жал и во овие бизнис работи, се профитира од одредени министри на добар начин, така да граѓаните на Република Македонија тврдам дека се загрозени институционално, а не од страна на Албанците што секој ден на институционален начин бараат да ги реализираат нивните права.

Господинот Бадентер кој беше пријател на Република Македонија по потпишување на Рамковниот договор пред новинарите се изјасни односно рече: кога две страни не се задоволни тоа е правиот компромис и веројатно замина од Република Македонија дека Рамковниот договор ќе се спроведе онака како што беше потпишан од страна на лидерите.

Одредени пратеници од одредени политички партии беа несериозни, би рекол, кои не го признаваа потписот на нивниот лидер, кои Рамковниот договор го сваќаа како рамка во која мислеа дека треба да се стави една слика дури се рече јавно на Комисијата за внатрешна политика и одбрана од одреден човек македонец, кој, за жал, јас му одговорив дека во таа рамка ако ја сваќа како рамка тој Рамковен договор, јас не би сакал

да бидам на слика со тој пратеник кој застапува интереси на граѓани како и јас.

Ние, на некој начин и Европската заедница ја ставивме во дилема, впрочем што бараат пратениците македонци, бидејќи кога беше иницијативата на претседателот на државата за промена на Уставот на Република Македонија ние сме свесни и имаме аргументи дека таа иницијатива се прифати со 96 гласа про, а после тоа почнуваат тактиките така што и ден денеска верувам дека одредени пратеници тактизираат мислејќи дека изборите се блиску, па дали можат да поентираат и во овие лоши денови кога во Република Македонија, за жал, ни се случува војна, која војна одзеде недолжни животи, а тоа се државјани на Република Македонија без да ги делиме на албанци и македонци, меѓутоа, и ден денес па и од денеска натаму ние треба да се справиме со реалноста, бидејќи еден пратеник пред малку кога не сакав да му реплицирам рече дека Република Македонија е конституирана како држава само на македонскиот народ. Не го гледам во салата, меѓутоа, нека се подготви ако е надвор да одговори на прашањето каде е придонесот на албанците во Илинденското востание, во АСНОМ - ска Македонија и да ми одговори на прашањето што значеше за него Седмата албанска бригада и да ми одговори на еден цитат по ослободувањето на Република Македонија и градовите, се работи за една книга "Слободата е нивен идеал" така е насловот, а за авторот не ми текнува сега, има еден цитат кој вели во градот Кичево го вееле заедно и крушевското знаме и албанското и дури бил казнуван секој албанец ако не го ставил и крушевското знаме и обратно.

Историскиот континуитет на Република Македонија е и со албанците така што пред фактите молчат и боговите. Сто пати сме рекле дека ние друга држава немаме, тоа е Република Македонија, а дали некому му одговара или не, тоа е негово. Колку пати треба да се изјасниме дека ние ако бевме за тоа да се распарчи оваа Македонија, тоа најлесно можеше да се случи 1991 година кога ние сеуште живеевме во таа Југославија која, за жал, изгубивме многу жртви дури се зборува за голем број човечки жртви и на голема материјална штета.

Меѓутоа, да не должам многу, ќе кажам уште една реченица ние господинот Фровик го избркавме од Република Македонија, бидејќи тој нудеше идеално решение за да се извлечеме од воената криза која ја зафати Македонија. Веројатно се сеќавате дека тој човек постана човек персона нон грата за Република Македонија.

Да ве потсетам малку и господинот Пердју беше избркан на некој начин од Република Македонија, па сега треба да се запрашаме реално, човечки Република Македонија е двомилионска држава со сите нејзини граѓани. Дали ние сме попаметни од Европската унија која има 15 држави. Тоа е првото прашање. Дали сме попаметни од НАТО структурите кои имаат 19 земји и бројчано колку е нивниот број човечки, економски колку е нивната моќ и дали треба да се освестиме во тоа каде треба да ја водиме Република Македонија. Дали во евроатланските структури или сеуште ќе зборуваме носталгично, би рекол, за исток кои источни земји веќе се посткомунистички и економски се многу слаби. Јас сум со сите оние кои мислат дека Република Македонија треба да ја подготвиме со сите оние нормативи, впрочем на тоа и сме работеле, дека местото и е во Европската унија и во евроатланските структури.

За да се излезе од оваа криза во која се наоѓаме, а тоа е веќе Рамковен договор кој, за жал, претрпе измени со два амандмани, а тоа е амадманот во врска со преамбулата, јас мислам дека има сеуште време, предлагам, ако во тоа не успеале лидерите - потписници, тогаш нека се соберат координаторите на пратеничките групи, нека подготват еден амандман кој навистина ќе ни понуди излез од оваа ситуација, бидејќи еден искусен политичар - македонец рече дека не треба да ни се случи незадоволството на албанците од 1991 година. Јас мислам дека сега треба да се поправи таа грешка, бидејќи ни македонците нема да изгубат оти и македонската нација не е создадена со устави ниту со преамбули ниту албанската нација е создадена како таква. Се надевам дека сите ќе смогнеме сили заедно овој проблем да се надмине, бидејќи цениме меѓународното искуство е големо, па мора да водиме сметка дека зад овој Рамковен договор се четири потписници кои имаат доволен број пратеници и мислам дека што поскоро да се надмине оваа ситуација поради тоа што нашите граѓани односно нашите државјани во местата во кои се војуваше таму е пустош, а иде зима, рачунајте дека тие немаат кров над глава.

Дали ние сме одговорни како законодавен дом пред тие граѓани кои ги претставуваме овде? Јас мислам да, бидејќи тие ни го дадоа мандатот и тие можеби сеуште веруваат во нас Република Македонија е создадена како држава во која слободно можат да живеат и албанци и македонци и сите други, меѓутоа само врз рамноправна основа, врз една здрава доверба меѓу нас, а се надевам дека младите генерации кои ќе не наследат во иднина дури за овие теми за кои ние расправаме ќе се насмеат и ќе речат дека еве кои пратеници не претставувале во 2001 година или незнам која година. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Оломан Сулејмани.

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Излегов со една јасна цел на одредени членови на Комисијата за внатрешна политика и одбрана да им разјаснам некои работи,

бидејќи самите покажаа дека апсолутно немаат ниту слух ниту ги знаат тековите на работата на таа комисија, па дури и на ова Собрание, или ингеренциите кои припаѓаат на ова Собрание и на пратениците во овој дом.

Стануваше збор за тоа дека Рамковниот договор бил образложен од претседателот на Комисијата како еден вид рамка во која се става слика. Тоа е толку наивно и толку прозаично што и на малите деца им е сосема јасно дека тој Рамковен договор претставува рамка во која ние како Собрание треба да се движиме, бидејќи целата одговорност ни припаѓа нам како пратеници тие измени на Уставот на Република Македонија треба да ги направиме ние, а за да го направиме тоа ние треба да бидеме сосема убедени, сосема начисто со тие промени за да можеме на крајот да изгласаме такви промени.

Ако сака пожитуваниот господин да биде убеден во тоа дали тој Рамковен договор беше талмут или библија еве ја и преамбулата. Од тоа што се предлагаше во Рамковниот договор е изменета што значи не е табу тема дури и во оваа преамбула која сега ја имате пред вас мора да претрпи уште измени јазични, текстуални итн. Затоа што учениот свет на вакви работи навистина ќе ни се смее.

Не сакам повеќе да зборувам, кога ќе ми дојде редот за општата расправа ќе се пријавам, ќе станам и ќе зборувам за овој дел, а тука има доволно мудри глави не само од пратениците, има мудри глави од Правниот факултет, да видат за што всушност станува збор и дали сум во право или не сум во право.

Инаку, рамките и сликите секој нека си ги чува дома и нека му бидат како една реликвија за која треба да се гледаат или да си ги гледааат своите предци или поколенија, а ова што е денеска пред нас е премногу сериозна работа за ние да се однесуваме така наивно или пак јас лично како Ѓорѓи Котевски да бидам толку несериозен за да можам да прифатам нешто што не сум убеден дали е така или не е така.

За другиот дел што се однесува до лидерите секој на свој начин во својата партија си има одредена цена за своите лидери и тоа е партиска работа, останува во партијата, овде нема потреба што да кажуваме кој колку го сака лидерот, колку не го сака. Наше е во согласност со она што го уживаме како право и обврска во Собранието да го направиме заради тоа што од нашите чекори, од нашите постапки, од овие измени ќе зависи иднината на Република Македонија и на сите што живеат во неа, без разлика кој од каде потекнува и дали има романтизам во главата или нема. Затоа треба да бидеме трезвени, ова е мојот одговор сега за сега.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали господинот Вангел Симев се јавува за реплика или за говор?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

За реплика.

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Пратеникот Оломан Сулејмани кажа она што го кажуваат голем број албанци кои се застапници на голема албанија. Поточно оние интереси кои произлегуваат од кујната на Албанија. Сите треба да знаете дека Албанија е генератор на целокупните немири на Балканот. До скоро мислевме дека е генератор Србија, поточно Милошевиќ, еве го нема Милошевиќ и понатаму проблеми. Кој ги прави проблемите? Токму албанската популација.

Господине Оломан, ја спомнавте Крушевската република. Вие знаете дека албанците воопшто не учествуваа, македонците ги повикаа сите малцинства, власите учествуваа со македонците, но албанците не учествуваа. Треба да знаете исто и оваа војна еден ден ќе ја кажувате дека се борите за човекови права, а оваа војна што ја водевте сега не е за човекови права, ова е за поделба на Македонија. Тоа на сите им е јасно. Веќе не постои македонски слепец, сите прогледаа, туку крајно време е да ги отвориме картите, крајно време е да прогледаме. Знаете дека вие ќе бидете виновни затоа што водите кон граѓанска војна. Знаете ли како ќе заврши таа граѓанска војна? Многу лошо за сите. Не зборувам дали македонци или албанци. Зошто кон тоа го туркате народот. Не можете да бидете народ, сватете еднаш. Вие сте малцинство и ќе останете, без разлика на вашиот број колкав е.

Пред малку не сакав да реплицирам, ја спомнавте Унгарија.

Знаете дека Унгарија беше веле сила. Унгарија беше окупатор на Романија и затоа има голем број на малцинства, нивни луѓе кои живеат со векови таму Немојте да правите споредби вие кои вчера дојдовте овде за подобар живот. Македонија ви ги отвори ширум вратите почнувајќи од бегалците на Косово и вам ви даде се да живеете добро и да живееме заедно. Вие тоа го злоупотребувате.

Уште еднаш да ве потсетам дека Крушевскиот манифест е напишан 1922 година, немојте да читате само материјали од Академијата на науките на Албанија, читајте ја и Македонската академија, ако сакате да дознаете нешто. Читајте меѓународни автори.

1922 година е објавен Крушевскиот манифест од Никола Киров-Мајски, а знаете зошто е објавен, поточно излезен 1923 година, точно од големобугарската идеологија. Таму е покажано дека учествувало и албанското население. Земете ја литературата, директните учесници, ќе видите дека во Илинденското востание немало албанци. Не зборувам за исклучок еден или двајца, но

немало. Исто така, немојте да заборавите за АСНОМ. Има сведоци, постојано читаме во печатот дека токму Македонија војуваше против балистите, на почетокот војуваше против бугарските фашисти, а вие бевте тие албанците, да не речам вие, но како што ги нарекувате вашите браќа кои зедоа оружје да ја делат Македонија и со Ванчо Михајлов направивте прв пат обид да ја делите Македонија поточно Албанија не вие.

Значи тоа е стара замисла, неостварена желба на Албанија да ја подели Македонија заедно со Бугарија, со Ванчо Михајлов. И сега повторно дури имавме можност и во печатот да прочитаме дека Доста Димовска била заинтересирана до Групчин. Не, господо Македонија е цела и со никого нема да се дели. Вие сте малцинство и мора тоа да го прифатите како малцинство. Токму во Втората светска војна вие војувавте против партизаните, против Македонија војувавте, вие влеговте во сојуз со фашистичка Италија, заедно војувавте. Па тоа мора да го признаете, цр-на дамка, и таа е ваша, мора да ја признаете. Зошто не сакате да признаете? Сега исто како бугарите настапувате. Бугарите не ослободиле. Кога тие беа окупатори на Македонија и вие бевте окупатори на Македонија, тоа треба да го знаете и тоа мора еднаш да го признаете, тоа го знае целиот македонски народ. Дајте да ги симнеме маските, дајте чесно да дискутираме во интерес на Македонија и да живееме заедно, а не да ја делиме Македонија. На секогото му е јасно дека сакате да ја делите Македонија. Замислете си ако некој сака да ја подели Албанија, како ќе ви биде, или дека сака некој да ве брка вас од Македонија, како тоа ќе го примите? Па вие го бркате македонскиот народ од Западна Македонија. Зошто го бркате македонскиот народ? Одговорете на тоа прашање. Голем број на македонци се иселени. На тоа треба да дадете одговор. Зошто еднаш не го запититите тој народ и јавно да кажете дека го иселувате македонскиот народ, егзодус во својата сопствена држава. Каде го има тоа? А вие ниеднаш, бидејќи и вие сте македонци само со албанско потекло, вие сте должни да го заштитите македонскиот народ. И крајно време е еднаш да застанете објективно и објективно да ги гледате работите во интерес на соживот. Така е можен соживот. А на овој начин, многу тешко ќе може да се воспостави соживот како вие што сакате да ја делите Македонија. Кој е тој што ќе дозволи да се подели државата? Дали има таков македонец кој сака да прифати поделба на Македонија? Нема, тоа мора да го знаете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Таири се однесуваше на Оломан, а не на вас.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Се однесуваше на сите нас. Тој се обраќаше до сите нас. Не му рече на Оломан Сулејмани, тој се обраќаше до сите нас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако вака продолжите ќе ја прекинам седницата.

Тој се обраќаше до Оломан Сулејмани.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Нека каже дека со Оломан само реплицира, јас ќе се повлечам. Но, тој се обраќаше до сите нас.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас имав реплика на Оломан Сулејмани.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Јас се чувствувам повикан на тоа што го кажуваше.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега сакате ли да имате непријатности.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, треба да му го одземете зборот на човекот, затоа што цело време само провоцира овде. И сега барате ние да се однесуваме нормално во една ненормална ситуација која што тој ја створа цело време. Точно така. Затоа ќе ве молам да ми дадете збор. Мора да му се одговори на некои глупости што се зборуваат овде. Нека излезе и нека каже дека тој реплицирал само со Оломан Сулејмани а не со албанските пратеници.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас кажав дека реплицирав со Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас нема да ви реплицирам ако вие се подготвувате за тоа господине Симев, меѓутоа лоши тези пласирате пред Собранието и пред јавноста. Првата теза ви е многу лоша кога велите дека албанците се дојдени овде за корка леб и дека им било подобро овде. Има длабоки аргументи и многу јаки аргументи историјата, односно албанците се автохтонен народ во Република Македонија. Тоа дали ви одговара вас, или не, значи историјата покажала дека албанците се автохтонен народ кои што живеат во Република Македонија. Албанците одат за корка леб токму поради вас господине Симев и некои како вас кои не им ги решавале проблемите во државата во која што живеат. Точно е тоа, ги зеле куферите и заминале на печалба во европските земји, во Америка, па ако сакате и во Австралија. Вие пред неколку дена рековте овде дека албанците имаат добри куќи, имаат добар стандард, меѓутоа не одговоривте на едно прашање. Требаше да бидете искрен и да одговорите на ова прашање. Гурбетчиите албанци одат со куфери, а ги оставаат нивните деца овде. И одговорете на прашањето дали вашите деца израснале без родител кога голем број на албанци растат без родител, без онаа родителска грижа и она родителско воспитување.

Токму тоа се осети ако сакате да знаете и за време на војната кога скопскиот и охридскиот аеродром скоро беа празни, бидејќи на овие аеродроми ви се само албанците, а не по бизнис како што има голем број на македонци со акт ташни како господа одат по бизниси и тоа можеби со државни средства, а албанците одат со празни куфери и се враќаат нормално со спечалени пари кои ги спечалиле со пот. И што друго да ви речам, освестете се, навистина ви велам како колега, немојте да ги провоцирате албанците бидејќи ако ве слуша некој Албанец кој навистина знае што е сожителство, кој знае што значи држава Република Македонија кок сите ја осеќаме кахо наша држава, барем 100 пати тоа сме го рекле и дека не работиме на тој дел да ја отцепиме Македонија па да ја припоиме, како што играте на многу карти, на голема Албанија и незнам што. Јас мислам дека екстремното крило да се рече така од албанците кои за жал реков зеде оружје, токму ова Собрание беше виновно, бидејќи бевме мајоризирани од страна на пратениците македонци. И треба да се смогнат сили Рамковниот договор кој е пред нас, меѓутоа оној кој нуди граѓанска концепција, а не враќа со новата преамбула, новиот предлог амандман кој не враќа во XVIII век, или незнам каде, бидејќи има ценети професори овде кои се повереници на предлагачот. Тие најдобро знаат дека суверенитетот произлегува од граѓанинот и му припаѓа на граѓанинот. Ако играме на картата демос, ние се сложуваме во смисла на зборот демос. Ако сакате да се набројат народите, немојте и со оваа карта да не вовлечете како да сме против другите кои ние сме самите загрозени како албанци и тоа реков институционално. Должен сум да речам уште една реченица, господинот Али Ахмети како политичко крило на ОВК 100 пати кажа и појасни: не ги земавме пушките да војуваме против македонскиот народ, туку ги земавме пушките да војуваме против институциите на системот кои нанесоа зло за албанците.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине Оломан, јас кажав...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

(Од место). Не ми го спомнувајте името.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да не ви го спомнувам името? Добро. Треба да знаете, јас зборувам за механичкиот прилив што се изврши во Македонија од Косово посебно после земјотресот. А не зборувам за оние родени албанци кои се лојални на Македонија. А за тоа екстремно крило што го спомнувате албанско, и македонски има, знаете колку македонски екстремни крила има? Тие треба да ги осудите, како и ние што ќе ги осудиме и ги осудуваме. Не треба да се дозволи ектремизам. Знаете дека ова е XXI век, век на љубов, век на цивилизација, век на соживот. Жално е во денешно време да се употреби оружје и на некој да му се одземе животот. Има ли поголем грев? Дали може тој таков човек да живее во денешни услови кога на друг ќе му одземе живот. На тоа не смее да се помисли. И само да ви спомнам дека во Дебарска Жупа веднаш после ослободувањето живееле одвај од 3 до 5% албанско население покрај границата со Македонија. Албанско население во Македонија живеело во неверојатно мал број. Во цела Македонија немало ниту 5% после ослободувањето. Значи, тој е механички прилив, не е прилив поинаков како што вие го кажувате. И затоа јас ја кажувам вистината, да ја спуштиме топката и во интерес и на албанските чесни граѓани и на македонците. А тоа што кажувате дека на гурбет оделе албанци, исто така и многу македонци отишле на гурбет. Ако ве интересира целата моја роднина е на гурбет, немам ниеден роднина ни на мајка, ни на татко, сите се во Америка и во Австралија. Па не сум богат. Така што многу македонци има на гурбет и на гурбет не ги даваат парите, оди, па врати се со многу пари, тешко се заработуваат таму парите. Но, мило ми е да се заработи и добро да живеете. Но, овие проблеми треба еднаш да ги расчистиме во интерес и на вас и на нас и треба со ладни глави да се размислува, да ја кажуваме вистината. Зошто не признаете дека 1945 - 1946 година војната кога заврши уште се војуваше во Македонија. Против кого војуваа македонците? Војуваа против балистите. Но, вие од нив можете да се дистанцирате, кажете Јас дојдов во Македонија, но гледате колку сум лојален на Македонија. Јас дојдов во Македонија и сум многу лојален Македонец. Должност ми е да бидам лојален, затоа што парче леб јадам македонски, на македонска територија живеам и затоа сум многу лојален Македонец, а и вие треба да бидете исто така лојални како мене.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ми прави една забуна овде се јавуваат повеќе луѓе, сега дали се јавуваат за збор, или за реплика?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас барав процедурално. Господине потпретседател, дами и господа сакам на тие што сте тука да ви честитам дека навистина сте тука. Јас броев едвај 40-тина сме. Ние немаме услови да продолжиме со работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ги молам колегите пратеници да влезат во собраниската сала и да продолжиме со работа.

Предлагам пауза од час и половина.

Ќе продолжиме со работа во 16,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,40 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со општиот претрес амандманот IV од Уставот на Република Македонија.

Процедурално за збор се јави пратеникот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, во салата не се присутни претставниците на предлагачите. Мислам дека и тие треба да бидат присутни за да можеме да продолжиме со расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека ги повикаат претставниците на предлагачите да дојдат да присуствуваат на седницата.

За збор се јави г. Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, Подолго време ние расправаме за Рамковниот договор и во разни дебати кои беа овде одржани, св изнесоа расноразни видувања за тоа што значи Рамковниот договор, што значи излез од криза, дали тоа навистина е излез од криза. Имаше и лични фрустрации и емоции кои во никој случај, во еден ваков многу битен период, не може да придонесат за разумно решение.

Искрено се прашував што тоа значи излив на фрустрации и емоции во вакви клучни моменти. Сакав да ги сфатам луѓето, но прочитав една книга во која беа направени одредени студии, во Франција во последните 200 години, и дојдено е до интересен податок. Секогаш кога во државата има максимална политизација на граѓаните, а обично тоа се случува кога има крупни промени. Тогаш граѓаните се максимално политизирани. Се појавува еден чуден феномен, а тоа е дека бројот на самоубиствата се намалува, што значи дека многу луѓе, па и политичари, во вакви ситуации се лекуваат, добра им е терапија за нивно лично лекување. Претпоставувам, одредени пратеници кои излегоа овде со такви ставови и такви изливи, веројатно тоа им е добра терапија.

Она што сакав денес да го кажам е мојот став околу тоа што ние навистина денес треба да поддржиме или да не поддржиме. Дали тоа што треба да го поддржиме значи решение за иднината на РМ.

Сите ние знаеме дека РМ потпиша договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Уште тогаш некој добро и со право забележа, зошто мора да има стабилизација и асоцијација, што значи дека ЕУ со право констатира дека РМ треба прво да се стабилизира па после тоа да стане евентуално асоцијативна членка.

Во која смисла РМ треба да се стабилизира.

Прво, Република Македонија треба да се стабилизира на внатрешен план, т.е. да ги изгради меѓунационалните односи, на ниво што ќе бидат прифафливи за ЕУ, а од друга страна ќе гарантира стабилност на државата и на регионот.

Второ, РМ треба да се стабилизира во поглед на односите со соседните држави, за кои сите ние знаеме дека подолго време не се стабилизирани.

Трето, РМ треба да се стабилизира во смисла на јасно определување на перспективите и иднината каде ја бара. Дали е тоа ЕУ, дали се НАТО структурите.

Имајќи ги предвид сите овие работи, Рамковниот договор според мене нудеше прифатливо решение. Не случајно врвни дипломати од ЕУ и пошироко рекоа дека овој Рамковен договор кој е резултат на компромиси е виза за Европа.

Свесни за тоа дека историските контраверзии на создавањето на државите на Балканот, а посебно на РМ се толку длабоки што еднаш за секогаш дефинитивно треба да се решат.

Од каде потекнуваат тие контраверзии?

Вие кои многу се повикувате на историските факти, мислам дека подобро од мене знаете.

Букурешкиот договор кој, територијата Македонија, потсетувам уште еднаш територијата Македонија, како географски поим ја подели во дел кој и припаѓа на Грција, дел на Бугарија и дел, во тоа време, бившата Бивша Југославија, со една фус нота со која се бара таа бивша, бивша, или како ме поправаат овде Кралска Југославија, треба да гарантира одреден статус на Македонија. Историјата покажа дека тоа не се реализира.

Другите пак велат дека Македонија е коминтернска творевина. Каде ја базираат нивната теза дека РМ е коминтернска творевина. Тие таквата теза ја базираа, веројатно по втората светска војна кога зоните на интереси во овој дел на Европа и Балканот се поделија со таканаречената салфета, каде што овој дел од Балканот се подели во систем, фифти-фифти за Бивша Југославија; 100% зона на интерес Грција на Запад; 70:30% за Исток - Бугарија и слично.

Несреќни со таквата поделба, одредени сили кои директно учествуваа во таа поделба на овој дел Европа, Европа промовира, барем така тие аргументираа, тие што викаа дека е коминтернска идеја, дека во Југославија треба да се создаде држава Република Македонија.

Тргнувајќи од оваа идеја, некои господа овде не ги гледам, а претпоставувам дека биле дури учесници, после распаѓањето на Југославија, како најзасегната, барем така се осеќаше Грција, пројави интерес за свикување на конференција, со тема што со остатокот од Македонија која по тој Букурешки Договор и припаѓаше на Југославија а Југославија веќе не постои.

Колку што мене ми се познати информаиците, таа конференција се подготвувала некаде 1992 година. Дури во подготовката на таа конференција учествувале и експерти од РМ.

(реакции во салата)

Да дури ги знам и по име, но не сакам да ги кажувам. Професори од Универзитетот "Кирил и Методиј".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина. Продолжете г. Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Во подготовката на таа конференција идејата била како со остатокот од територијата, како географски поим Македонија, во која разните сили кои ја сочинуваат политиката денес и таа од 90-тите години, воочуваат опасност за регионот и со дипломатски средства таа идеја ја спречуваат и не доаѓа до таа конференција. Но, силите и државите добро етаблирани во регионот, кој ги има сите механизми и можности да превземат мерки со кои прво себе си ќе си го гарантираат, а потоа да создадат услови, во одредени околности и ги постигнуваат своите цели, ги презедоа сите тие мерки.

Прва и најетаблирана земја на Балканот сигурно дека е Грција. Не случајно таа излезе прва со идејата за измена на името, знамето, Уставот. Сите тие беа, ако вие добро памтите, а јас памтам, беше во нашиот печат интегралниот дел од писмото на министерот за надворешни работи на Грција, како тој ја образлагаше тогаш неговата теза дека РМ треба да го смени името. Тоа од прилика беше вака, дека РМ е коминтерска држава и таа сама по себе, со два милиони жители не може да биде опасност за Грците. Но, таа во сојуз со некоја држава може да биде опасност за Грција.

За жал, денешните прошетки на клучните политички личности од РМ во разни центри на одлучување, дури и во Украина и Русија, ја потврдуваат тезата на Грција дека Македонија во такви односи и со таква политика може да биде опасна за Балканот.

Јас навистина сум разочаран од таа политика.

Дали ние, дали РМ отстапува од консензуалните определби дека иднината ќе ја бара во Европа, дека иднината ќе ја бара во Евро-атланските интеграции, се со цел, токму овие историски контраверзии, овие реални основи на кои треба да почива иднината на РМ, а тоа по мене се два столба: добрите меѓунационални односи, првенствено меѓу македонците и албанците и јасната политика, европски ориентирана во НАТО структурите е гаранција за перспективна иднина на РМ. Рамковниот договор, според мене токму такви напори правеше, а преамбулата посебно беше компромис на тие околности и бараше решение како сите овие историски контраверзии кои што ќе гарантираат затворање на сите политички отворени прашања со соседите и внатре, да се решат еднаш за секогаш и во тој дел да бидат исполнети условите, таа да биде членка на ЕУ и НАТО, ако навистина тоа го сака.

Што правиме?

За жал кризата, многу луѓе, дури и политички лидери ги затече ндподготвени, или недоволно дораснати за ситуацијата и моментот во кој се најдоа, го изгубија компасот и не беа свесни за последиците и промовираа разноразни идеи како да се реши тој проблем. Главното беше, решавање на така наречени историски победи, воено решение.

Откако ги добија сите показатели, која е цената за една ваква историска победа во човечки, материјални, политичко-изолациони и се друго за водење војна, не им остана ништо друго освен да прифатат начин на решавање на проблемите преку дијалог и взаемно почитување. Но, бидејќи предлабоко беа навлезени во тој процес и таа стратегија и тој начин на решавање на проблемите, тие немаа сила и храброст одеднаш да се повлечат од тој концепт. Продолжија со концепт, јас сакам да мислам дека е тоа несвесно, велгувајќи во една игра која беше и ден денес е преопасна за Република Македонија, негирајќи дека Рамковниот договор во Охрид е решение и тој нуди решение и перспектива за излез од кризата. Јас претпоставувам дека тоа го направија со цел да го поправат моменталниот рејтинг. Но, откако работите отидоа предалеку, и сфатија дека мора да се вратат во процесот, тие наметнаа решение за излез од оваа ситуација. Но, јас сум длабоко убеден дека се она што се нуди, посебно во преамбулата, не е никакво решение, токму од тие историски причини, затоа што РМ еден ден, ако сме се определиле да влеземе во НАТО, а мораме да влеземе не дека тоа сакаме, тоа е судбина. Знаете дека НАТО промовираше идеја на отворена врата, но никако несака да промовира идеја односно таа отворена врата некоја идна членка ја затвори и од опем до полис, да добие лов зол. Тоа не сака. А која држава може тоа проблеми, она може да биде причина за затворање на вратата на НАТО, а НАТО како сериозна, принципиелна организација, тоа нема да го дозволи. Што значи тоа.

Првите најави како ќе ни се одвиваат работите, откако евентуално го усвоиме овој амандман, веќе се назираат.

Пред три-четири дена беше најавено која ќе биде стратегијата на Грција, како членка на НАТО, а во НАТО одлуките се носат со консензус, и ЕУ, е тоа, ако сака РМ да ги исполни условите за влез во тавите организации, таа мора да донесе декларација со која ќе каже дека ние не сме тие Грци, или ние не сме тие Македонци. Само претпоставуваме. Претпоставувам, истото ќе се случи и со другите држави, затоа што, не ги решавате, не ги затвараме тие прашања. Не ги затвараме.

Првото понудено решение беше решение што ги затвараше тие проблеми. Зошто?

Ни една нација не се создала со декрет, со пишувана или не пишувана преамбула. Тоа е историска категорија. Тоа е социјална категорија, социолошка категорија која има свои предности, која има свои белези: култура, јазик и сл., кои не можат со едно пишување, ни со едно бришење да се избришат. Но, политички рассудувајќи, таквото решение контраверзите ги решаваше и отоваше пат кон Европа.

Некој ќе рече зошто на Ризван Сулејмани му е толку битно за Македонија. Битно ми е, многу ми е битно затоа што судбината ни е заедничка. Да претпоставиме дека Господ сите нас не праша, еден по еден, дали би сакале заедно да живееме, или во овој дел од Европа, тешко дека некој ќе кажеше дека овде сака да живее, или вака. Но, бидејќи судбината ние не можеме да ја смениме, мораме да живееме заедно, она што можеме да направиме е таа судбина да ја направиме поприкладна, поудобна и подобра за нас.

Тргнувајќи од ова и тоа како сум загрижен. Не сакам да живеам во држава која што ќе биде слепо црево на Европа и на овој дел од Балканот. Не сакам да живеам во држава која ќе биде црна дупка од овој дел на Европа, а ние ќе бидеме црна дупка и слепо црево ако не го фатиме возот на прогресот. Тоа е ЕУ, тоа е НАТО структурата. Затоа сакам најдобронамерно да ме разберете.

Да се најде решение кое што ќе го реши на долг пат овој проблем. Не е решение фрустрациите на едек колективитет, на една нација да се решаваат со издигање на други фрустрации. Фрустрациите и емоциите никогаш не се сојузник на иднината и просперитетот. Тие само можат да го девалвираат и можат да ја уништат иднината и просперитетот. Во име на тоа јас мислам дека ние сите заедно ќе најдеме сили ако веќе до овде го "истуркавме" договорот и овие мали недораз-бирања ги надминеме и да тргне возот на помируваше, да тргне возот на перспективата и иднината на РМ.

Благодарам.

(некои пратеници бараат збор за реплика)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да нема реплика подобро. Никого не спомена, ниту партија спомна ниту човек. Никого не спомна. Ве молам тишина.

За збор се јави Љупчо Анушев.

(и понатаму некои пратеници бараат збор за реплика)

Никого не спомена, нема ништо ...

(пратеникот Вангел Симев тргнува кон говорницата)

Никого не спомна, Анушев има збор, седете таму, седете си на свое место.

(Г. Александар Флоровски бара збор за реплика)

Не, нема реплика.

(Александар Флоровски - кој вели нема реплика)

Јас го велам. Јас ја водам седницата.. Ќе си добиеш збор, ве молам ништо од тоа. Ниту партија спомна, ниту личност спомна, ништо не спомна. Државата е на сите а не само ваша. Тишина.

Државата е на сите, а не само поединечно тука.

(некој пратеник од место - што не му реплицирате вие)

Ќе му реплицирам кога ќе треба. Тишина.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Од почетокот на кризата односно од пролета оваа година ДА се обидува да ја мотивира јавноста, политичките фактори во земјата да размислуваат и да делуваат во интерес на граѓаните на РМ. Во тој контекс имавме изработено план за излез како од политичката така и од економската криза во која се наоѓа РМ. Предлозите за уставните промени беа отфрлени од двете политички партии, најголеми во земјата а нивните решенија од Рамковниот договор ги гледаме сега. Предлозите не ги ни коментираа, затоа што ниедна партија нема во овој момент предлог ниту решение за економската криза, а нема ниту волја за дискусија со тие што ја имаа. Ставот на ДА е познат. Преамбулата на Уставот да остане иста со дополнвување на испуштените малцинства, како што се Срби, Бошњаци и тн.

Мислам дека успеавме да. убедиме колегите од СДСМ и предлагагачот и покрај тоа што имаа црст став за неменување ништо од Рамковниот договор, но што се случува? Добивме нов текст кој исто така не кореспондира со интересите на граѓантие на РМ. Целта не беше во преамбулата само да се спомне Македонскиот народ, туку да се избегне уредувањето на државата од два народа, кое понатаму ќе доведе до федерализација на земјата. Одтука, а и од

некои други работи, кои што ќе ги кажам подоцна, заклучувам дека ние си играме плитика, си играме држава.

Ги суспендиравме сите институции на системот, особено Парламентот и гласот на народот. Се се одвиваше тајно, а овој состав на Парламентот информации црпеше од медиумите. Ние овде немаме достоинство, инаку нема да дозволиме вакви понижувања. Последното понижување ни го приреди претседателот на државата, предлагајќи ни ги Г. Фрчковски и Г. Поповски за овластени претставници во Парламентот Тие кои учествуваа во изработка на Уставот кој сега не им чини, тие кои ја правеа територијалната поделба па сега не е добра, тие кои сега ги даваат сегашните решенија добро платени од ЕУ и на крај што е најважно за нашето достоинство, тие кои беа предмет на разгледување во Анкетната комисија на Собранието и за кои ова Собрание има донесено одредени заклучоци. Каде се сега членовите и претседателот на Анкетната комисија кои не убедуваа во одговорноста на овие двајца господини. Не ми е јасна и нивната смелост воопшто да бидат тука со нас.

Понижувањето е толку поголемо што потписниците на договорот однапред беа убедени дека овој состав на Парламентот ќе ги изгласа овие решенија, па после тоа ќе го распуштат Парламентот и ќе има предвремени избори. Значи, не одредиле за жртвени јариња.

Дел од играта во државата се и разните советници на претседателот, Имаме советник за надашнална безбедност директно од школска клупа, а и правиме лоши советници од добри потпароли. Некои од колегите од СДСМ рече дека овој договор е најдоброто што можеше да се направи во овој момент. Тоа е сигурно така. Подобар овие луѓе не можеле да направат затоа тшо никогаш, никогаш немале стратегија на подолг план. Тешки милијарди се обезбедија од приватизацијата и од блокадите на СРЈ, но тие отидоа во приватни џепови, не во економ-ска стратегија на земјата, или во лобирање на стратешките цели на државата. Добрите примери во стопанството, како "Фершпед", "Македонија турист", "Пивара" не се плод на поставениот систем, туку плод на волјата на нивните главни менаџери да истраат во се што овие влади им го подготвуваа и покрај тоа да инвестираат во земјава. Без стратегија, само со констатации, преку бројки и оваа Влада нема стратегија за излез од тешката економска криза, туку чека што ќе кажат разните мисари што ни доаѓаат во земјата, па немаме трпение да почекаме ни еден ден да си одат тие, туку го кажуваме планот, нашиот нов план. Барем да почекаме еден два дена да отидат тие претставници па народот да свати дека тоа е наш план а не нивни.

И, што направи оваа Влада која и дадовме мандат да ја разреши кризата и безбедносната ситуација. Прво што го направи ги раскина односите со Тајван. Тоа беше единствено најважно во обезбедувањето на мирот во земјата. Образложение, Кина ќе и помогнела на Советот за безбедност, а Тајвант не бил држава туку територија. Кина видовме колку ни помогна, а Тајвант во овој момент со одобрени 40 милијарди долари од својата Влада се подготвува за влез во светската трговска организација и ќе биде примен на следната сесија, а таму не примаат територии, туку држави.

На оваа Влада и дадовме мандат да ја средат кризата, а тие не само што не ја средија туку ја продлабочија со неадекватни решенија во политиката, а социјалните разлики како резултат на лошо изведена приватизација ги направија уште поголеми. Некој од колегите од СДСМ рече што сакаат малите партии? Демек тие биле големи партии па затоа биле паметни. Тоа е исто како да кажеш што повеќе тежи -кило памук или кило железо.

Претставници на ДА учествуваат во изготвување на договорот за асоцијација со ЕУ, меѓутоа во овој момент земјата е многу подалеку од таа ситуација кога се склучуваше договорот и сега ни се вртат многу варијанти за западен балкан и за регионално влегување во ЕУ. Уште во 1998 год, покрај констатациите за лошата економска положба имавме решенија за излез од таа економска положба, но заради претседателските избори и заради шемата за ова да ни се случи што ни се случува нашите решенија не беа поддржани и ние заради тоа ја напуштивме Владата. Сега повторно нудиме решенија за излез од економската криза и нив ги предложивме уште во мај оваа година. Другите партии констатираа војна е, што да правиме, а ние сме сигурни токму сега дека можат нашите решенија да бидат актуелни. Имаме познати инвеститори со подготвени проекти за развој во Републиката, само потребно е да им се овозможат услови за влез во државата, а и сега да се преговара со Меѓународната заедница за гаранции од земјите од кои потекнуваат тие инвеститори. Не стратегијата да ни биде донаторски конференции кои обезбедуваат мали средства за потполнуваше само на буџетот, а не развој на стопанството, вработување на граѓаните и врќање на средната класа која ја заборавивме. Во Бунарџик сега требаше да работат фабриките а не да има војска таму.

Што е се барањето за добивање шенгеј визи за Македонските граѓани и тн? Сето ова требаше преговарачите да го стават на маса. И сега во овој момент повикуваме на национално единство за решенијат од Рамковниот договор и за излез од економската криза. Но неможе тоа да се оствари од себични погледи на некои лидери на партии. Ние кусогледи неможе да ги гледаме позитивните примери од албанските партии. И тие имаат разлики меѓу партиите, но за стратешките нивни цели за седаваат во Шипковица, во Призрен и тн. и тн. Па не ви е јансо, не ли можат пет шест или седум наши лидери да седнат, да се договорат за стратешките цели на оваа

држава и никој веќе да не биде крив. Секаде во светот во секоја паметна држава е така. Да се вратам на преамбулата и на Рамковниот договор. Значи, имаме решение држава од две заедници. Ние кога се одвојувавме од СФРЈ се одвоивме да немаме војна и да имаме сопствена држава. Значи да му биде подобро на народот. Војната не ја избегнавме, сопствена држава сега констатираме дека неможеме да имаме, туку од две заедници, а на народот не му е добро, туку добро им е на владетелите кои владејат без никаква контрола а народот ни порачува аман не не бранете веќе. Несакам да кажам дека не требало да се одвоиме од СФРЈ туку да кажам дека не се одвоивме за да ни се случува ова што ни се случува сега. Меѓу другото не направивме држава во која ќе се разбираме јазично. Македонците не го знаат албанскиот, а албанците се помалку ќе го знаат македонскиот.

Со овие решенија по Уставот, прогласување во преамбулата народи, а во нормативниот дел заедници на народите и членот во Рамковниот договор каде сме обврзани границите на општините да се одредат после пописот со меѓународни посматрачи ќе се случи следното Пред пописот ќе се изврши силен притисок врз сите што потенцијално би се пишале албанци и ќе се одредат страниците на општините во кои повеќе од 20% говорат немакедонски односно албански.

Со донесувањето на Законот за локална самоуправа нема да може да се спречи регионално поврзување на општините и така ќе се добие замислена административна граница на дел од народот што повеќе од 20% не зборува македонски.

Дел од македонскиот народ ќе се сели без притисок. Сега ќе имаме нова фаза каде што албанците ќе ги сакаат многу македонците затоа што ќе им се случуваат настани од типот средбата на градоначалникот на Тетово и слични работи, а ние и немаме стратегија да го задржиме македонското население, затоа што ако имавме уште од сега ќе забраневме продажба на станови и имоти на тој дел од земјата.

Значи, така спремни албанците ќе ја дочекаат разврската на Косово и според тоа ќе одлучат дали ќе прават стварна федерализација или отцепување. При тоа не мислам на овој состав на пратениците албанци. Тие задачата досега си ја извршија, ќе дојдат други да го продолжат започнатото од пред 100 години. Дали имаме стратегија и решение уште од сега за вакво одвивање на работите или и тогаш ќе одиме со површински солуции како сега. ДА размислува и има решение за оваа варијанта.

Од сето ова што го кажав произлегува мојот став да гласам против усвојувањето на овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г. претседателе , почитувани колеги пратеници,

Најнапред со прашањето до претседателот на Собранието на РМ и со прашање до министерот за внатрешни работи и јавниот обвинител на РМ. Што е со судбината на киднапираните Македонци, цивили, за кои што слушаме преку медиумите и за жал по се изгледа се случило што ниту еден од нас не сака да се случи на ниту еден граѓанин во РМ?

Г. Претседателе барам во најкраток можен рок, итно да добиеме информација од министерот на внатрешни работи и од јавниот обвинител на РМ информација за судбината на овие граѓани на РМ.

Што се однесува до уставните промени за кои што еве подолго време разговараме со одредени прекини на седниците, со борба за кворум, со сугестии за промени на текстовите преку амандмани, преку најразлични покажувања на нашиот патриотизам, меѓутоа толку ја сакаме Македонија колку створаме за неа, а не колку говориме за неа.

Нова демократија уште на почетокот од воените дејствија кои отпочнаа во РМ со нападот на Танушевци реагиравме најоство, баравме најостро да се одговори на овие во тој момент, од нашето Собрание прогласени како вооружени групи и екстремисти, но во понатамошниот тек, во одвивањето на воените дејствија во РМ тие служејќо се со терористички методи навистина прераснаа во терористи кои на дел од територијата на РМ направија огромно зло и РМ полека но сигурно ја влечат кон економска катастрофа.

Најнапред да прашам дали заврши војната? Ако гледаме формално правно таа не ни отпочна, не прогласивме воена состојба, мегутоа воени дејствија на територијата на РМ сеуште има и покрај тоа што НАТО силите со 5000, или над 5000 војници дојдоа да ги разоружаат терористите во РМ. За 3300 парчиша 5000 војска. Сосема јасно. Намерата беше друга, ние тоа го баравме и ние тоа го поддржуваме. Стоиме за потребата НАТО да биде во РМ се со цел на еден мирен начин да ги надминеме настанатите проблеми во РМ.

Процедурата за преговорите отпочна вонинституционално. Отпочна меѓу четири лидери на политички партии и претседателот на државата Г. Борис Трајковски во присуство на двајца олеснувачи под надзор на целата Меѓународна заедница. Многу нормално е во едни вакви воени услови, под сила на притисож со огромен број на жртви, знаеме дека во периодот кога се разговараше и договараше за уставниет промени во Охрид најнапред осумина македонски припадници на одбранбените сили беа тероризирани, потоа во истиот тој период, како ќе се затегнеа преговорите уште 10 души припадници на одбранбените сили на РМ исто

така беа на ѕверски начин убиени. Разбирливо е во тој период преговарачите под вакви услови да преговараа може и сватливо е да се направат доредени пропусти, одредени грешки. Несватливо е договарањето на англиски јазик и потпишување на еден ваков договор во кој се предвидуваат и уставни промени да се потпише на англиски јазик бидејќи тоа ниту со закон кај нас е предвидено. Меѓутоа, неможам да разберам одкако се обидовме оваа процедура на уставни промени да ја внесеме во Парламентот каде што ќе бидат вклучени и помалубројните парламентарни партии да се наидува на осуди откако истите тие поднесовме амандмани и одредени сугестии се со цел за подобрување на текстот на амандманите за уставни промени.

Без негативна смисла, но доградувајќи го текстот да можеме меѓуетничките, меѓунационалните односи да ги подобриме во Република Македонија и со тоа да создадеме услови за отпочнување за стабилизирање на Република Македонија и отпочнување на економски раст во РМ и приближување кон НАТО структурите и кон Европската Унија. Во тој период поднесовме Иницијатива за референдум, што граѓаните на Република Македонија ќе го добијат правото да се изнесат по овие уставни промени, се со цел да ги заштитиме и преговарачите, кои доколку се соодветни овие уставни промени, би требало да ги поддржат и граѓаните на Република Македонија. А, бидејќи, ќе бидеме сите за, тогаш на граѓаните преку најразлични начини можеме да ги убедиме да излезат на референдумот и да го дадат својот глас по сопствено убедување за или против. Доколку, ценат дека за доброто на Република Македонија се предлагаат амаднмани, кои што се соодветни, прифатливи, ќе гласаат, нормално, за. Доколку, ценат дека се на штета на Република Македонија односно на граѓаните, на сите граѓани на Република Македонија, ќе гласаат против. Во тој период наидовме на најразлични обвинувања, поаѓајќи од парламентарни групи, од пратеници, од медиуми дека Нова демократија е парламентарна група која што се залага за војна во Република Македонија и која што го кочи процесот на уставни промени.

Одговорно од оваа говорница тврдам дека тоа Нова демократија ниту го посакува, ниту во својата програма го има, туку токму спротивното. Доколку донесеме уставни промени, доколку ги направиме уставните промени, кои што главно, се неприфатливи за македонскиот народ, ние не го решаваме проблемот, ние го одлагаме проблемот и за извесно време, ќе имаме навистина, не го посакувам тоа, но сериозни проблеми. Во прашање ќе биде краток период кога делот од македонскиот народ кој што е незадоволен од вака предложените уставни промени, ке одреагира на еден сличен начин како што реагираа останатите.

По отварањето на расправата за амандманите, најнормално пре-тседателот на државата, се оддржа јавна расправа по предложените амандмани, сите забелешки му беа доставени на увид на претседателот и посл тоа се даде конечната верзија односно предлогот на амандманите кои што сега денес говориме за истите. Човечки е во онакви услови во кои што се преговараше во Охрид да се направи грешка, но исто така, доблесно е одредени грешки да се увидат и одредени промени да се предложат од господинот претседател Борис Трајковски.

Преамбулата која што е предложена од господинот претседател почнува со: "Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните што живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот, турскиот, влашкиот, срспкиот, ромскиот народ", не гледам кому ова му пречи. Дали господата претходно кои што реагираа и дискутираа се чуствуваат македонци и дали тие се дел од својот матичен народ, од албанскиот народ, кои што живеат во границите на Република Македонија. Да, со сета почит кон сите тие кои што ја почитуваат државата, на која и припагаат и во која живеат. Меѓутоа, господо, можеби има екстремно однесување и кај дел од нашите пратеници, меѓутоа, екстремноста е свој ствена и за дел од вашите пратеници на вашите пратенички групи. Неможе да се негира постоењето на македонскиот народ, уште помалку да се стави албанскиот народ како конститутивен народ на Република Македонија, државотворен народ на Република Македонија. Албанскиот народ како дел, албанците кои живеат на територијата на Република Македонија, како дел од својот матичен народ албанците, се добредојдени и да живееме заедно и да го градиме просперитетот во Република Македонија.

Во понатамошниот текст на амандманите односно кај другите амандмани, главно, забелешките се однесуваат на терминот "заедници". Ние предлагаме да се замени со "граѓаните со национална припадност различна од националната припадност на другите граѓани". Воедно, предлагаме да се уточнат законите кои се носат со сложено мнозинство односно системските закони. Бараме предложеното мнозинство каде што се предвидува гласањето, предложеното мнозинство да сз замени со многу повисоко, со што се внесува многу поголема степен на демократичност, со што зајакнува граѓанскиот карактер на Уставот. Конкретно тоа е во членовите 10, 12, 18, каде што се предлага "Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население". Овде ние имаме дадено амандмани кои што ќе бидат предмет на разгледување и уточнување на текстот на истите и рпедлагаме овој број да биде повисок односно наместо двотретински да се одлучува четири петински, каде што ќе одлучуваат 96 пратеници, меѓутоа, никако да не се оди во "заедници", бидејќи може да ни се случи следниот пример. Одреден закон

кој се донесува со просто мнозинство од 61 глас, во тој случај ќе ни требаат 74 гласа при ваков состав на Собранието, за да може ваков закон кој е предложен да помине. Тоа значи дека од 23 пратеници од ПДП и ДПА, доколку тие не гласаат 13 души од нив, овој закон не би бил прифатен, што доведува до консензуалност која што не држи и која што се заснова не на граѓански концеп туку на малцинскиот односно условувањата кои што можат да дојдат во ид ниот период.

Воедно, предлагаме и нов амандман кој што би бил XVII-а и кој што се однесува за градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, за што е расправано и на Уставната комисија. Исто така, на размислување сме во текот на утрешниот ден да поднесеме уште еден амандман кој би бил амандман XIX за кој, најверојатно, ќе ни треба поддршка од 30 пратеници, бидејќи не е предложен од претседателот на државата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Прво, би сакал нешто да кажам во врска со досегашните излагања на многумина колеги, што веќе денеска некако не се дава да се реплицира. Може и по име и по презиме, може и како сака нека се сваќа, нароч но некои колеги што одат тврдо да негираат дека неможе нешто да биде бидејќи ако биде така, ќе биде крај на светот или обврзување со некои луѓе мафијашки групи или незнам што. Јас би им кажал на тие дека таквит групи, за жал ги има секаде и можат да ги најдат и во редовите на нивните партии, па затоа во текстот што јас го имам денеска, поконкретнс ќе бидете информирани за залагањата или размислувањето на Националната демократска партија за овие проблеми, што веќе неколку месеци можам да кажам се присутни во Собранието.

Мислам дека има повеќе од два месеци што јавноста од македонската или од албанската провиниенција се тероризира од различни ставови произлезени од политичките субјекти, кои сами си земаат за право да се самоповикаат релативни фактори и се потписници на Охридскиот договор. Како резултат на ова умествено жонглирање обичниот граѓанин со право и неретко е во дилема дали овие политички субјекти се истите кои го потпишаа овој договор или се субјекти кои имаат за цел да не убедуваат за големите недостатоци што ги има овој договор и не упатуваат на тоа за џабе ратификување, бидејќи овој договор нема да доведе до стабилизација или релаксација на состојбата.

Сведоци сме на големи критики и аверзии кои ги манифестира македонскиот политички блок врз овој договор благословен и од претседателот на државата, давајќи забелешки за сите амандамни кои ги регулираат проблемите, кои проблеми ги тангираат основните права на етнитетите, однесување на овие, кои со право ме потсетуваат на детски игри во Титина ситуација, јас да имам, додека ти да немаш. Во оваа рашомонијада во натпревар се вклучени четирите славни политички субјекти и за чудо сите се однесуваат според логиката, тоа што го одбравме вчера денес не чини.

Македонскиот политички блок длабоко пишманет за гоамити големите пропусти кои се направени за барашата на албанците ги оптужува секојдневно релативните политички меѓународни фактори, Европска заед-ница, НАТО, САД, како главни виновници за овие"попуштања", кои според нив ја загрозува стабилноста на Република Македонија, иако многу добро се знае дека овој договор не е резултат на нивната волја за стабилизирње на состојбите и за релаксирање на меѓуетничките односи. Не е резултат на меѓународниот притисок, но е резултат на неможноста на македон-ската Влада, кризата да ја реши преку насилство и војна, нештедејќи ништо.Многу се познати фактите за сите дека само во една зона со 10 илјади жители како во Слупчане, на пример, исфрлени се најмалку 30 илјади гранати за кои што велеа дека ги уништуваат терористите. Но без успех од единствената причина, бидејќи таму даваше отпор месното албанско население. Вакви примери, мораме да сватиме дека се ретки во светската историја во воени вештини. Но, да одиме понатаму. Ако ги разгледаме амандманите кои се спорни за македонскиот политички блок ќе видиме дека овие ги регулираат правата на албанците и другите етни-куми, како употреба на јазикот, симболите, високото образование, неза-висноста на религијата од државата и друго, што резултира дека кај некој опстојуза ставот и во XX1-от век, треба да се забрани правото да зборува на овој јазик, да учи на свој јазик, да ги употребува своите симболи и да е најголемиот парадокс дека овие ограничувања доаѓаат од народот, кој најмногу од сите ги претрпува на своја кожа носледиците да бидеш дискриминиран, последици што врз македонскиот народ ги прават соседните држави, кои што го условуваат името на државата, знамето, националниот и јазичниот идентитет.

Ако ги разгледаме што права добиваат албанците и од што стравуваат македонците, ќе произлезе очигледната политичка беда од партии во Република Македонија. Со овие препукувања и надмудрувања, паднаа маските од политичките хипокрити. Светот и денеска гледа кои се причините на оваа дискриминација и оваа понижувачка состојба. Кои се причинителите на војната и кој го блокира мировниот процес. Албанскиот народ секогаш низ историјата од солидарност и широкогрудност има напра вено попусти и на своја штета. Охридскиот договор и за политичките аналфабети е јасна дека врв на тоа е

широкоградоста. Националната демо кратска партија секогаш има истакнато дека, иако не се робови на никаков документ, иако нема да смета во неговата имплементација, никогаш нема да престане од својата политичка ориентација и платформа да сме рамноправни во оваа држава.

Сега што се случува? Македонската политичка елита е во хистерија и тие велат, албанскиот јазик да биде службен, не бидува. Ова неможе да биде, оти е крај на светот. Во овие моменти неможат да ги сватат македонските политичари, не сакаат амнестија да се регулира со закон, даваат отпор за имплементација на договорот, даваат откази на наставниците од средните училишта во Куманово, го земаат пратеничкиот имунитет на господинот Хисни Шаќри со порака до припадниците на ОНА, ова ви е вашата судбина. Типична комунистичка школа. Овие чекори секаде водат, но стабилност нема да донесат. Овие денови сведоци сме дека се врши голсм притисок да се промени преамбулата на Уставот нов момент кој го менува целосно Охридскиот рамковен договор што за нас е неприфаливо бидејќи синтагмата што се предлага во преамбулата уште еднаш го потврдува стариот концепт на Македонија како држва на македонскиот народ. Албанскиот народ се третира како колективен остаток кој треба да живее во границите на државата на македонците. Тој уште еднаш се понижува и се става во ист статус со етничките групи, со кои ни по број, ни по традиција неможе да се идентификува, бидејќи албанците не се дојдени од никаде, туку се етнички староседелци и со векови живеат во овие простори.

Нашиот предлог е јасен и дециден, кој гласи дека, Македонија е држава на македонскиот и албанскиот народ и другите етнички групи кои живеат во оваа земја. Ова е причината што ние ги даваме овие амандмани и мислиме дека тие ќе придонесат, во иднина да има помалку проблеми во оваа држава.

На крајот, им препорачуваме на колегите албанци да ги гласаат овие амандмани и еднаш засекогаш да можат и албанците да бидат рамноправни со македонците што веќе се бореле со векови. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Збор има Котевски Горѓи.

Значи, за реплика нема повеќе пријавено.

Тогаш, гледам дека овде нема пријавени и го заклучувам претресот.

Господинот Бошков сака реплика или господин Зибери?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво да констатираме, освен некои пратеници што бараат збор процедурално, дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, даи и господа пратеници, јас преесека интервенирав процедурално, немаше доволно колеги и колешки тука, мислам и сега е случајот таков, но овој пат дадов, поднесов преку архивата, предлог кој сакам да биде гласан.

Господине претседател, станува збор за овој текст, незнам дали и вам ви е доделен. Ова е до вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете, јас слушам.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Тоа е предлог за симнување на оваа точка од дневниот ред. Да не досадувам, бидејки е поделен текстот и образложението, јас би сакал да пристапиме кон гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, ние го утврдивме дневниот ред и ние можеме да престанеме да работиме само ако предлагачот ги повлече амандманите што ги предложил овде, на ниеден друг начин, така што не може сега пратеник да ни предлага да ја бришеме точката од дневен ред. По та прашање се изјасни Собранието, Собранието ја стави точката на дневен ред.

Молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа, недостасуваат неколку пратеници. Има пратеници во зградата.

(Претседателот Стојан Андов неколку пати ја повтори молбата пратениците да влезат во салата и притоа повеќе пратеници постапно доаѓаа). Продолжуваме со општ претрес по Предлог амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

За збор се јави г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе ,почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете ми и јас да го изнесам мојот став во однос на Предлогот на претседателот за измена на преамбулата на Уставот на Република Македонија и да го изнесам следното.

Најпрво ќе го изразам моето, а и негодувањето на мојата пратеничка група и на Партијата за демократски просперитет што веројатно ќе биде запишано во аналите на историјата на донесувањето на највискиот акт на Република Македонија, а тоа е то во текот на постапката, во самиот финиш, предлагачот во случајот претседателто на државата радикално да го измени ставот и да понуди еден текст кој е надвор од рамките и определбите што тој како предлагач ги изнесе кога ни предложи во Собранието Предлог за измени и дополнувања односно покренување

постапка за измени на Уставот на Република Македонија. Во тој дух и во таа смисла беше и нацртот на текстот, кој впрочем беше туак со огромно мнозинство подржан и како таков, кога сите очекувавме дека со таква содржина и таква дикција ќе биде поднесен тука во Собранието амандман, за жал, се случи тоа што се случи, претседателот направи измена на содржината на тој амандман и поднесе сосема друг член односно друг амандман со сосема друга содржина.

Отука принципиелно се поставува прашањето, дали можеше предлагачот после двапати излегување тука пред Собранието, после двапати давање целосна подршка, првиот пат со двотретинско мнозинство, а вторито пат со апсолутно мнозинство, можеше да направи таква промена на содржината на амандманот и како таков да ни се достави за расправа и за усвојување.

Се разбира, тој како предлагач го задржува правото во секој момент да изврши промени, да поднесе сосема друга содржина, па дури и да го повлече од постапка предлогот, но не и логично, доколку на двапати Собранието се изјасни по една содржина, на двапати се даваше подршка, во последен момент да го направи тоа што го направи.

Јас сум свесен за аргументите што може да ги изнесе предлагачот дека тоа е резултат на сумирање на резултатите од јавната расправа. Јавна расправа која беше според моја оценка тингирана, однапред ориентирана, се со една цел, а не и како вистинска јавна расправа, зашто таква и нема или јас барем не сум имал прилика да слушнам дискусии од јавна расправа во смисла на разглобување на сите аспекти од предлогот и како такви да ни се нудат тука пред Собранието. Напротив, секаде се слушаше иста песна, со иста интонирана дикција дека не може да се изземе од содржината на преамбулата рееференцата" Македонски народ", "Македонска држава" и слично, додека за одредени аспекти на членот 19 односно амандманот VIII се отиде до таму што Македонската православна црква се заканува дека сите пратеници кои ќе се осмелат да се изјаснат за содржината која беше утврдена во Рамковниот договор дека ќе се прогласат за неверници, дека нивните имижа ќе бидат истакнати на црн столб и т.н.

Поаѓајки од ваквата хајка, поаѓајки од ваквата кампања интонирана во ваков дух, се поставува логично прашањето дали не требаше на ист начин да се води јавна расправа и кај албанскиот дел и на ист начин да се интонира дискусиајта, за да може да се одбрани она што беше постигнато во Охрид или пак тоа беше погрешна стратегија на албанските политички апртии, кои сакајки да останат доследни и принципиелни на она што значи Договорот и она што значи потпишан документ, иако беа се разбира незадоволни подеднакво, ако не и повеќе од другата страна, сепак се придржуваа кон Охридскиот рамковен договор и принципиелно се изјаснија , дека ниту имаат намера да изнесат свои поинакви видувања ниту пак имаат намера да предлагаат амандмани кои ќе бидат андвор од содржината која една ш е договорена а коај е подржана и од страна на Европската унија, НАТО, САД, ОБСЕ и целата меѓународна заедница.

За жал, изгледа на ваквите поплаки на ваквите напади од сите страни потклекнаа и претставниците на Европската унија и САД и на крајот, преку ноќ, преку едно одење на г-динот Солана од канцеларијата на претседателот Трајковски до хотелот "Александар Палас" всушност се запечати судбината на едно многу чувствително прашање, прашање кое во изминатите десет и пвоеќе години беше едно од каменсопнувањата во градењето на стабилни меѓуетнички односи и градењето на една заедничка перспектива во рамките на една заедничка држава т.е. Република Македонија.

На јавноста и е познато дека политичките партии на албанците во македонија слични забелешки или слични барања како овие што сега ги слушаме деновиве имаа и 1991 година. Овие забелешки и барања беа упатени до тогашната Комисија за уставни прашања и до тогашниот предлагач. Меѓутоа, тогаш не се најде за потребно потрезвено, по ладнокрвно, со поголема рационалност да се разгледуваат тие рпашања и да се постигне поширок консензус, за да може Уставот за кој се надевавме дека ќе биде едно подолготрајно решение, се покажа дека е решение кое генерира конфликти, решение кое генерира нерамноправност и решение кое не може да го издржи судот на историјата, туку напротив, на првите поголеми искушенија да падне и денес тука да расправаме за промени на истиот.

(Претседателот Стојан Андов го напушта местото на претседавач на седницата, а г-динот Томислав Стојаовски продолжува да раководи со седницата).

И тогаш имаше обид да се убедиме дека всушност овој Устав, за кој денес расправаме, да го промениме, дека тој Устав добил не високи оценки од страна на Меѓународната заедница, па дури и од стручни асоцијации кои не се под диктат и влиане на дневно-политичките интереси ниту на Меѓународната заедница ниту на некој друг план и дека поаѓајки од таквите оценки всушност овој Устав ќе биде доволна рамка за исполнување на потребите на било кој етникум во Република Македнија, па и на албанците. За жал, времето ги демантира сите такви изнесени тези и ставови и се покажа дека тоа сепак не е така. Но трагедијата не е

во тоа. Трагедијата беше во обидот Уставот на Република Македонија како навискок акт според кој се определув аи обликува политичкиот систем на една држава, а во рамките на кој политички систем треба да ги изнесуваат интересите сите граѓани кои живеат во една држава, беше наметнат односно пратениците албанци кои имаа поинакво мислење во однос на истиот беа надгласани. Беа надгласани на најбрутален начин и покрај укажувањата дека тоа не е добро.

За жал, изгледа историјата се повторува. На ист начин сме ставени пред иста ситуација кога денес расправаме за содржината на амандманот за IV и одредени други амандмани, за кои како што реков преку ноќ беа изменети да ни се наметнува како единствено решение, како решение кое мроа да се прифати. Во тој дух, особено претседателот на Собранието кој за жал во меѓувреме ја напушти седницата, оди до таму да измислува процедури и постапки , се разбира надвор од Деловникот и ставот, па се заканува дека пратениците албанци ќе мора да го прифатат овој предлог, во спротивно тоа нема да се усвои. И како, туку ќе измислув апостапка коај би предвидувала дветретини од пратениците албанци да мораат да го изгласаат предлогот. Забора г-динот Андов дека притоа за таа работа постои Устав, постои Деловник.

Но тој вели дека тој наводно го претставува Собранието, а заборава притоа, да се претставува Собранието и да се работи по Деловник на Собранието се две сосема различни работи. Не дека тој не го знае тоа, тој многу добро дури и подобро од сите нас поединечно го знае тоа, но так аму се сака, зошто се андева вршејки таков притисок и закани се разбира против Уставот и Деловникот ќе ги исплаши пратениците албанци и ќе ги убедува нешто што тие не можат да го прифатат сепак да се согласат.

Го уверувам г-динот претседател Стојан Андов дека тоа нема да се случи, зашто тоа сепак не е во негова надлежност, дека за сите прашања во оваа држава постои процедура и во спротивно, да не беше така, Охридскиот Рамковен договор немаше потреба воопшто да се донесе во Собранието и да се поминува постапката утврдена со Деловник и со Устав, за да може тој Договор да се преточи во правна односно уставна норма и како таква да биде валидна и легална.

После една ваква водена кампања, очигледно е дека албанските политички партии избраа погрешна стратегија и како таква сега ги чувствуваме последиците, односно сме соочени да браниме нешто што веќе е променето, односно да се направат обиди да се убедат актерите на склучувањето на Охридскиот Договор да стојат зад потписот што го дале.

Јас сум еден од актерите кои непосредно учествувал во овие преговори и знам дека, додека се разговараше во Скопје меѓу претставниците на четирите политички апртии, кон крајот на месец јули, се дојде до еден документ кој беше претставен од страна на меѓународните претставници, или како што некој милува да ги нарече олеснувачи, господата Леотар и Пердју, а кој документ беше прифатен од страна на двете политички партии на албанците учесници во преговорите, без поголеми забелешки, без поголеми негодувања. Тој документ македонската јавност, па и албанската, многу добро се сеќава, беше дочекан на нож од страна на политичките апртии на македонците од страна на владини и невладини здруженија, од страна на МАНУ, Универзитетот, медиумите и што ли уште не, организирана форма на македонското општество. Со тези дека тоа е предавство дека ова дефинитивно значи распад на Република Македонија, дека ова значи крај на сите надежи да се сочува унитарниот карактер на државата, дека со ова ќе се запечати еднаш за секогаш судбината на македонскиот народ. Најдени пред вакви притисоци, за жал претставниците на Меѓународната заедница беа принудени да изнесат ставови кои не беа воопшто принципиелни, а тоа е дека тоа само претставува едно видување како резултат од водените преговори меѓу албанската и македонската страна, дека тој документ не е финален, дека тој документ ќе послужи само како основа за отворање на нови преговори и двка секоја страна го задржува правото да изнесува свои видувања и аргументи за тоа што значи определбата во тој документ.

Наш став беше дека тој документ, напротив, претставува резултат на водените преговори еден месец и дека како таков тој не треба да св менува. На треба да се дозволи да се впуштиме уште еднаш во преговори за нешто што е веќе договореноодносно за нешто што е понудено. Одбивајќи тоа да го прифати макеоднската страна, меѓународниот фактор беше принуден да организира таканаречен Охридски самит, на кој требаше да се разговара за нешто што беше минимум барање од страна на албанските политички партии.

Самиот факт што ние прифативме да преговараме за тој документ значеше дека ќе се снижи прагот на барањата и определбите на овие политички партии и дека ќе се наметнат решенија кои после повикувајќи се на мвѓународните посредници ќе се понудат како конечни тешенија. Таа наша бојазност, за жал, и се потврди. Во Охрид беа една по една еродирани определбите од тој документ, почнувајќи од членот 7, членот 48, членот 78, член 131 и т.н. И до крај, до едно последно барање поднесено од страна на македонската страна во Охрид беше деградирано. Последното барање за кое се

расправаше и кое беше прифатено од страна на меѓународните посредници беше членот 131, според кој посебна процедура за промена на Уставот на Република македонија може да се бара само за прашањата кои се од интерес за одредена заедница односно одредена националност, но не и правото таква определба да се бара за процедурата комплетно за промена на Уставот.

За жал, тој Договор беше склучен како што беше, тој претставуваше компромис, компромис направен само од едната страна, зашто само едната страна попушташе, додека другата само добиваше. Добиваше до таа мера до која ги поставуваше барањата. Во ниту еден момент во Охрид не се разговараше за преамбулата, во ниту еден момент од ниту еден учесник од макеоднската страна не беше покренато прашањето да се промени преамбулата поднесена во име на претседателто на државата. И се разбира кога беа завршени сите промени во останатиот дел од нормативниот дел кои ги спомнав од членот 7 па се до членот 131, тогаш како во хор целата македонска јавност се осврна кон содржината на преамбулата и како еден посебен дел, но се разбира под сенка на барањата за промена на преамбулата беа изнесени барањата за промена на членот 19 односно амандманот VII кој го регулира прашањето на положбата на верските заедници во Република Македонија.

И повторно, во ист стил се дојде до тоа што е денеска предлог на претседателот. Се разбира, како плод на погрешната стратегија, апсолутно, на албанските партии да бранат нешто што не е нивно барање, да бранат нешто што не е нивен став, да бранат нешто, што не беше нивен предлог. Но, беше и е изразена нивната согласност со самиот акт на потпишување на документот.

Не еднаш г-динот Солана, Робертсон и сите тие кои доаѓаат тука да не убедуваат ни е кажано дека Договорот како таков, треба да се спроведува. Не смее ниту точка, ниту запирка да се одземе или додава Договорите, како такви се прифаќаат или се одбиваат. И сега, одеднаш сосема други концепти. Не еднаш господата Солана, Робертсон, веројатно поведени по рефренот или слоганот на претседателот на државата, дека имаме намера да градиме граѓанска држава и дека граѓанскиот дух треба да провејува во преамбулата и во нормативниот дел, ги одбиваа сите наши напори да се најде решение што ќе го отсликува реалниот живот ов РМ. Тоа е мултиетничкиот карактер на државата.

Бранејќи ги овие тези, беше понудена таквата формулација каква што беше во содржината на Рамковниот договор. Нашите тези дека Македонија треба да се дефинира на колективни и национални основи беше одбиено како барање што н.е е содржано во ниту еден современ Устав во светов. Дека тоа е, малтене, еден либански концепт што ке доведе до конфронтации, сепарации и рушење на државата. Дека, перспектива на оваа земја е да се поведе по модерните и современите општествени токови во Европа за градење на држава, на концептот на суверенитетоп на граѓаните.

За жал, одеднаш, од истите луѓе, од тој претседател на државата кој толку милуваше да го истакне граѓанскиот концепт на државата и на преамбулата, добиваме концепт што наликува на тој, таканаречен либански концепт, меѓутоа, се разбира врз доминација на едни врз други. Доминација на македонските врз останатите. Значи, не е проблемот. Дали ке се гради колективистички концепт или етнички, туку е проблемот во тоа дали ќе бидат сите рамноправни. Ако се сите рамноправ ни, тогаш тоа е либански концепт, што води кон сепарација. А, ако се одбере колективистички пристап, но врз основа на доминација на едни врз другите, тогаш нема никаков проблем.

А, како да се толкува поинаку содржината на амандманот што сега се нуди, а кој вели - Граѓаните на Република Македонија, македонскито народ, како и граѓанит ешто живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите, освен како колективистички, освен како концепт што не беше прифатлив токму од тој кој сега се јавува како предлагач на овој текст. Тоа прво.

Второ, синтагмата "како и граѓанит ешто живеат во нејзините граници" е многу јасна и јасно е, барем според нас, во ПДП, што асоцира. Зарем навистина г-динот Трајковски се надева дека ние тоа не го разбираме? Дека тоа значи дека албанците во Македонија се граѓани кои живеат во оваа држава, но тие не се автохтони. Тие случајно се во рамките на РМ. И дека тие се дојдени, дека ова е држава РМ, но случајно живеат и граѓани кои имаат и албанска националност.

Второ, зарем навистина г-динот Трајковски се надева дека ние неразбираме што е " и дел од албанскиот народ"? Дел од албанскиот народ, земете ја правната енциклопедија или било која друга, политичка, ќе видите дека тоа е малцинство.

Но, ние слична формулација имаме во постојниот Устав. Но, таа има една голема предност визави ова бидејќи таа не ги дели граѓаните на дојдени и автохтони. И, Ако го отвораме тој процес, можеме да се надмудруваме кој кога е дојден и кој што претставува во оваа земја. Но, тоа не е потребно. Не треба ние да се надмудруваме во тезите, во докажување на тезите кој кога е дојден во Македонија, туку, во тезите кој колку е подготвен и толерантен едни кон други да градиме заедничка држава во која што подеднакво рамноправни ќе се чувствуваме сите. Да се надмудруваме во тезите дали ги прифаќаме современите европски за модерна

граѓанска држава. Да се надмудруваме во определбите дека, ако создаваме подеднакви шанси за сите за до толку повеќе оваа Македонија ќе биде стабилна. Затоа што во минатото се потврди, најголема опасност за било која држава, дотолку повеќе за Македонија со вакво хетерогено општество и со состав е, внатрешниот проблем односно внатрешните недоразбирања. Ниту еден непријател не може да биде поопасен за Македонија отколку непријателот на доминација на едни врз други.

Повикувајќи се во намерите да се обидеме да создадеме такви односи во кои што подеднакво сите рамноправни ќе се чувствуваме, ќе се чувствуваме граѓани во кои подеднакво ќе имаме шанси за развој во сите домени, од јазичниот, културниот, образовниот или било кој друг сегмент, ќе создаваме поголеми шанси, за поголема кохезија меѓу нас овде што ќе биде основна гаранција за градење на мирно, стабилно и перспективно општество во РМ.

Во спротивно, ќе оставаме простор уште еднаш, меѓу себе, ние тука да се надмудруваме и докажуваме кој какво право има, кој за што се залага, кој кого надмудрил и кој кого надгласувал во ова Собрание. Но, во тој случај ќе оставиме простор и во наредните години, наместо да се занимаваме со основни егзистенционални прашања, ќе се занимаваме и понатаму со тоа што значи содржина на преамбула на Уставот.

Се надевам дека имаме толку храброст и доблест да оваа преамбула не претставува камен на сопнување и елемент што ќе не раздвојува, туку ќе претставува камен темелнкк за градење на заедничка држава.

(во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи г-дин Томислав Стојановски; ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА Собранието на Република Македонија)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сосема накусо, мислам дека треба да дадам определено појаснуваше во името на предлагачот на амандманите, во тој склоп и на преамбулата за одредени оценки што се дадени тука.

Најпрво, сакам да укажам дека Уставот, во целина, според словото на Уставот се донесува со две третини гласови од вкупниот број на пратеници на Собранието. Тоа значи дека мнозинскиот модел е тој модел по кој се донесуваат и Уставот и законите, со различни видови на нозинство. И во делот кога се бара двоен квалификатив за определен дел на закони, доколку тие амандмани поминат, исто така во рамките и на едниот квалификатив и на другиот квалификатив се евидентира мнозинството. Во унитарните држави нема пример каде што се донесуваат закони на друг начин освен со мнозинстов. Станува збор за мнозински модел на демократија. Дури, ако сакате и во концензуалните демократии, во групите се брои мнозинстовот. Што значи, само по себе поимот мнозинство не дисквалификува определено решение по неговото значење.

Си дозволувам да кажам дека Уставот на РМ, постојниот што беше, што е донесен со повеќе од две третини гласови, не беше донесен на начин што означуваше брутално наметнување на тоа огромно мнозинство на одреден број пратнеици во Собранието кои не кренаа рака или не гласаа. Факт е дека тие имаат определени предлози што не постанаа дел од решенијата на тој Устав, но сигурно е дека не постои ниту теоретска, ниту логична ниту било која друга форма да решенијата кои што не добиваат мнозинство, нужно да станат дел од Уставните решенија, бидејќи логички тоа би значело малцинството да фингира или да игра улога на мнозинство.

Затоа сметам дека и процедурата на постојниот Устав и решенијата на постојниот Устав беа демократски и тие беа токму така оценети во повеќенаврати и во последниот исказ на г-динот, исто така Роберт Бадентер, кој е несомнен во таа смисла, политички не е пристрасен, веројатно и врзан за ниту еден интерес, кажа дека и денеска мисли дека постојниот Устав на Република М акедонија е демократски, еден, исто така, од Уставите на Либералната демократија на Европ-ската демократија.

Меѓутоа, не постои, исто така, Устав, што не се доградува. Тогаш, кога во општеството, во рамките на реалниот живот се создаваат проблеми или кога се мпостават одредени прашања што се сметг дека, доколку се решат, можат да надминат определени проблеми во таа насока.

Во таа насока би сакал да кажам и да изнесам став на предлагачот на Уставот, го изразувам и јас, како застапник на предлагачот и укажувам, иако е тоа вишок, луксуз да се каже дека тука имам и лично идентичен став, дека Уставот на РМ, не беше, по своите решенија, генератор, главен генератор, ниту генератор на војната. Меѓутоа, така како што се одвиваше кризата, како што се насочи на мирен начин таа да се надмине, уставните реформи покажаа и може да покажат капа-цитет на абсорција, на абсорбирање на конфликтите и проблемите и да решат голем број од проблемите, се она што можеше за еден дел на таа енергија, конфликтна, да претставува причина во таа насока.

Во таа насока сигурно е дека предложените амандмани, што се предлагаат како измена на дел од содржината, означуваат чекор во таа насока. Тоа што е битно да се каже, амандманите што се однесуваат, почнувајќи од членот 7 па натаму до крајот, апсолутно означуваат унапредување на областа на правата на јазичките, културните,образовните права, на правата на недискриминација во областа на јавната сфера, јавните служби и установи на

локално и државно ниво, со внесување на гараниција или механизам што го гарантира нивнотс остварување од Уставно ниво до законско ниво. Значи, дека навистина се консолидира еден дел, една линија на Уставот во таа насока.

Би сакал да кажам дека тие измени не можат да донесат штета на ниту еден субјект, ако сакате него да го гледате било како национално, културна група, било како група на граѓани, било како заедница што може да живее на локално ниво или општо, во РМ. Тие решенија постојат како стандарди. Тие не се експеримент во РМ. Постојат во многу земји од Европа во таа насока.

Последното, околу преамбулата. Преамбулата е, навистина, значајна заради тоа што врза или поврза голем интерес, подигна многу емоции, подигна, така да се каже, многу меморија. Таа, сепак, во однос на правното значење е декларација.

Нормативнио тдел е формално правно или уставно правно релевантниот дел врз база на кој се гради правниот поредок, комплетно.

Нормативниот дел од членот 1, до последниот член, се членови врз база на кои се мпродуцира правниот поредок во било која гранка.

Во таа смисла, сметам дека одредени дефиниции во Преамбулата, на определени дефиниции им се дава з начење кое што тие дефиници го немаат. Во таа насока дасе каже дека синтагмата "граѓанит ешто живеат во границите на РМ, што се дел од" албанскиот, турскиот, влашкиот и другите народи, дека означува или дека сакало да се каже дека се тие дојденци, во ниту еден момент не е конотирано такво значење на таа синтагма.

А, во правна смисла, граѓаните, не само на РМ,туку граѓаните на која и да е држава имаат потполно еднаков статус, еднакви права и тие се рамноправни, комплетно, без остаток. Дури, независно дали се дојдени пред 10 години или пред пет години. Некои држави даваат државјанство после пет години, некои после десет години, според законот, мислам дека уште не е изменет во РМ, по 15 години. Тоа значи, таквиот граѓанин кој стекнал државјанство во моментот кога го стекнува државјанството, апсолутно е потполно ист. Нема автохтони и дојдени. Нема на поминување, на заминување или на остануваше. Сите се граѓани на РМ.

Во таа смисла, навистина, заради ефектите во јавноста во однос на преголемата сензибилност што е создадена околу Уставот и особено преамбулата, ваквите реченици се напросто изразни средства што не го носат тоа значење, туку што практично значат дека граѓаните на РМ, тоа значи тоа се сите граѓани. Тоа не се македонскиот. Во првата синтагма "граѓани на Република Македонија", не се тоа македонскито народ. Тоа се сите граѓани. И македонскикто народ е дел од тие граѓани и припадниците кои се дел на граѓани на Република Македонија, дел од други народи исто така, се од категоријата граѓани на Република Македонија.

Имено, двете дефиниции или двете нивоа на дефиницијата, а тоа се граѓаните и второ ентитетите се поставени прво, во однос навистина едно реално, масовно, плебисцитарно барање да се видат или препознаат, но се поставени во еден контекст во кој не ги нарушуваат воопшто решенијата од нормативниот систем, а во рамките на новите амандмани на Уставот, може да се каже, тоа исто така формално логички го кажувам, бидејќи јас такво значење можам да му придадам. Идентификувањето на ентитетите во Република Македонија покрива на еден декларативен начин значи не обврзувачки и она што во амандманите се употребува како на пример двоен квалификатив околу донесување на закони поврзани со јазични, културни, образовни или со локалното право. Значи, не е надвор од нормативниот дел, со тоа што последно нормативниот дел го нема нарушено граѓанскиот карактер, исчекорено е во една позната европска пракса со надеж дека е тоа демократска заради очекувањето дека тие решенија ќе апсорбираат голем дел од проблемите и тензиите кои можеа да бидат мотивирани на таков начин во Република Македонија кои извор немаат само во Уставот или во Уставот, но можеа, ете се мотивираа и на таков начин. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Насер Зибери, па Прангоски.

Ве молам, на никој нема да му ускратам ништо, но недициплина нема да поднесам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Должен сум сепак да изнесам одредени коментари на изнесеното од страна на господинот Поповски и тоа за следните прашања кои тој ги изнесе како коментари на моето излагање.

Прво, околу процедурата за донесување на постојниот актуелен Устав од 1991 година. Јас апсолутно се согласувам, тоа впрочем и 1991 година сум го изнел и добро се сеќавам тогашниот новинар на тогашната телевизија Скопје тука во овој агол (покажува на дел од салата), Љубиша Николовски, го паметам по име новинарот, ме праша вие не сте задоволни со содржината на Уставот, јас потврдно кажав да, но дали имате забелешки на процедурата за донесување на истиот, реков не, значи господине Поповски ние не се разликуваме во однос на постапката за донесување на тој тогашен Устав, како што и сега упатувам остри критики на адреса на Стојан Андов, кој измислува постапки кои не се утврдени со Деловникот, ниту со Уставот. Тој тврди дека наводно нема да стапеле во сила амандманите или незнам што, доколку не

гласале 2/3 од албанските пратеници. Поаѓајќи од таквата принципиелност, ги побивам таквите тези кои навистина се апсурдни и не можам никако да ги разберам како може еден Стојан Андов кој 50 години има искуство од собраниски систем и од разни функции да може да изнесе такви глупости. Тоа е прво.

Второ, прашањето околу кое се разликуваме е во следното и како втора теза што беше изнесена од вас дали постојниот Устав претставува генератор на криза во меѓуетничките односи, дали тој генерира криза? Ние остануваме на ставот дека е да, потврден е одговорот и дека Уставот не претставува само процедура или Уставот не е добар доколку е донесен врз основа на по устав и закон предвидена постапка, туку тој претставува нешто повеќе и многу повеќе тоа многу добро го знаат господата кои го претставуваат претседателот на државата. На тој план постојниот Устав не го издржа судот на времето и затоа господине Поповски вие сте контрадикторен кога тврдите дека тој Устав не генерира меѓуетничка криза во Република Македонија или попластично кажано македонско-албанска криза во односите. Да не било така, немаше Македонија да влезе во оваа криза, да не беше така ние немаше денеска да расправаме за промените на истиот. Тоа е второ.

Трето, сами велите напротив, измените кои се нудат значат доволен капацитет за апсорбирање на постојните недоразбирања и надминување на некои проблеми кои се појавија во општеството, што е точно. Дека се обидуваме преку овие промени да создадеме таков капацитет кој ќе ги амортизира тие дивергентни становишта помеѓу албанското и македонското гледиште за тоа што значи државата, како треба да се уредуваат односите и тн. Тоа да, така е.

Впрочем, содржината на нормативниот дел на кој вие се повикувате со теза дека тој ќе ги унапредува односите, положбата правата на Албанците во образованиот, јазичниот, културниот или некој друг аспект е теза за која можеме да разговараме. Мене сосема ми е јасно што значи амандманот V кој го менува членот 7.

Тука сте, па би сакал да го слушнам вашето мислење дали постојниот член 7 од Уставот при едно коректно толкување не го подразбира истото. Тоа впрочем самите сте го кажале неколку пати едно правилно толкување на членот 7 значи употреба на албанскиот јазик во тие општини каде се мнозинство во сите подрачја, тоа значи и лични документи што е една од поентите, тоа значи и подрачните единици на министерствата кои се лоцирани на територии на општини кои имаат таков етнички состав. Тоа значи тоа што ние сега мораме како уставна норма што ќе биде реткост во практиката на уставите да го кажеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја потрошивте и шестата минута колега Зибери од вашето реплицирање.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се извинувам потпретседателе, само накратко. Значи, тоа е тоа или ќе ви поставам прашање, а што правиме во областа на образованието, како ќе ги унапредиме односите и правата на албанците на тој план, кога ние не го менуваме членот 48 последниот став, останува одредбата дека националностите односно по новиот предлог заедниците, имаат право на основно и средно образование на мајчин јазик и точка. Тоа е содржината на последниот параграф од членот 48 од Уставот и ништо повеќе. Ние се спротивставуваме на содржината на Преамбулата и тука не се согласуваме со вашата констатација дека тука ќе се....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, говоревте во другиот дел.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ве молам накраткко. Нашето становиште е било да го прифатиме едниот концепт или другиот, битно е таа содржина да рефлектира рамноправност меѓу граѓаните или да рефлектира реална состојба. Ние не спориме околу тоа дека македонците се мнозинство и како народ има такво право, но немојте да го спорите нашето право и реалната состојба дека албанците се многу повеќе од другите со кои вие ги изедначувате. Тоа право вие не можете да ни го ускратите, вие можете во норма, во Преамбула така да пишувате, но во реалноста тоа нема да го смените зошто факт е дека албанците според службената статистика се 23%, доколку сите останати сите заедно не се ни 10%. Таа реалност повелете отсликајте во новата содржина и ние ќе ја прифатиме без проблем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, за реплика на ред е господинот Прангоски.

(Негодувањд од страна на пратениците).

Вие не водите седница, па да знаете дали е спомнат или не е.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Во право сте, не бев спомнат, меѓутоа беа спомнати некои работи со кои сакам да реплицирам. Јас се извинувам затоа што претходниот водач на седницата спикерот Андов не дозволуваше реплики, моја среќа е и преднос што е ваква ситуацијата, ќе имате и вие право на контра реплика, како што имате.

Сакам да реплицирам со говорот на претходниот говорник во неколку точки, бидејќи беше доста инспиративен за реплика, барем за мене, на моменти така пригушено емотивен, дури се прикажа во состојба како да се

албанците со овие претстојни измени на Уставот на Република Македонија повторно губитници. Тоа е она што лично ме загрижува, ако е тезата дека биле губитници со првиот устав на независна, самостојна Република Македонија во 1991 година кој устав произвел криза и од таа криза да се отвори локална помала или поголема војна, тогаш ме загрижува овој став, лично, бидејќи секој малку паметен може да заклучи дека може да биде повторно еден вид повик или израз на незадоволство кое некогаш во еден одреден временски период повторно ќе се манифестира со некои слични настани во Македонија кои ги имавме во изминативе осум месеци, а што се колнеме овде сите од оваа говорница дека никако не сакаме тоа да се случи.

Јас сум еден од оние пратеници кои упорно сметаат дека Уставот на Република Македонија не е генератор на кризата во Република Македонија, напротив, сметам дека генератор на кризата во Република Македонија покрај надворешниот фактор за кој многу се зборуваше, сега сакам да го прескокнам, од соседството е квантумот, обемот на барањата на Албанците и нивните сфаќања за нивната позиција во Република Македонија.

Инаку е познато кои се правата на малцинствата во секоја држава. Овде повторно са работи за обработка на една теза дека не сме задоволни, затоа што немаме во Преамбулата статус на народ.

Ќе го прескокнам она околу вербалната еквилибристика каде се убедувавме дека не смее ни точка ни запирка од Рамковниот договор да се промени и пратениците треба само да бидат овде една продолжена рака и машинерија која само треба да изгласа нешто што е претходно договорено, за среќа тоа не се случи, јас сум поборник на тие кои мислат дека проблемите треба да се решаваат, ако сме демократска земја, овде во ова Собрание, отворено,. секако со обид за заеднички компромис. Но, линијата лидер, партија, Рамковен договор, пратеник, уставни амандмани е погрешна. Друга линија функционира во демократијата, господа. Функционираат граѓани, интереси на граѓаните, нивни претставници - пратеници, партија, па понатаму другите работи. Искрено се надевам дека ова незадоволство кое го слушнав, нема да биде во иднина повтрорно кажано како причина за одредени акции кои веројатно се подготвуваат. Благодарам. (Мевљан Таири бара реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ти мислиш дека направи нешто повеќе од она што треба да биде?

Повели, говори.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Како прво, мислам дека го почитувам правилото што вие го воведувате дека може секој на секого да реплицира така што еве и јас чувствувам за потреба да реплицирам со господинот Прангоски. Инаку, жалам што по некои прашања ќе мора да се повторуваме, но непрекинато некои не враќаа на некои дежурни теми. Апсолутно сметам дека со изгласувањето на договоренот од Охрид нема да имаме потреба ние албанците барем да сметеме дека треба пак да се фатиме за оружјето односно некои (од страна на потпретседателот е опоменат да не спомнува оружје). До сега говореше и претходникот, па ништо не му рековте. Апсолутно мислам дека ќе се изгубат тие основни мотиви како што и самиот претставник на претседателот го рече, дека овие уставни измени на некој начин се како резултат на желба да се надмине една ситуација. Јас се надевам дека тоа навистина ќе го направиме. Но, апсолутно, тоа не можеме да го направиме доколку вие тврдо стоите на ставовите дека овој Устав не бил никогаш генератор на криза, дека незадоволството на Албанците биле само маска зад која се криjат некои други работи и дека се ова што се случуваше во Република Македонија е увезено од некаде и дека, апсолутно нема никаква врска со Албанците кои живеат во Република Македонија

Навистина тоа јавно ќе го признаам дека имаше голема врска помеѓу настаните што се случуваа на Косово и тоа што "се случуваше во Република Македонија, но сигурно сметам дека ќе се согласите со тоа дека тоа не може да се случи во Република Македонија, доколку немаше почва тоа да се случи меѓу албанците од Република Македонија. Имаше албанци кои беа апсолутно незадоволни и навистина се чудам на вас како секогаш се обидувате да ја спроредите позицијата на обичниот албанец со нас пратениците, еве тука се пратеници, тука се директори, сите убаво живеете. Па и вие сте тука пратеници, имате директори, ве убедувам дека и македонскиот народ не е задоволен со тоа што вие сте пратеник и кој знае што правите за нив. Прашањето на задоволството на народот е да им создадеме услови мирно и спокојно да живеат. Јас сум убеден дека тоа ќе го направиме обидувајќи се да изнајдеме решение за проблемите кои непрекинато ќе ги истакнуваме.

Уште една фама да разбиеме овде, апсолутно не сум убеден дека со овие измени еднаш засекогаш ќе ги затвориме сите наши проблеми кои евентуално можеби постојат на релација меѓу албанците и македонците, но јас навистина се надевам дека нема да има никогаш повеќе потреба албанците или македонците било кој да се фати за оружје за да може да решава некои проблеми. Но, сето тоа ќе може да биде под претпоставка политичките лидери, тие што се најодговорни за оваа држава, тие што создаваат јавно мислење, тие што ја насочуваат државата во

прогрес, секогаш да се обидуваат да наоѓаат и да успеваат успешно да ги решаваат проблемите кои постојат помеѓу граѓаните од било какви различни интересни групи, затоа што не мора да бидат само проблеми кои произлегуваат на релација македонци-албанци или разни етникуми, туку може и други проблеми да настанат, но нашата важност, мислам на нашата улога ќе биде секогаш да наоѓаме соодветни решенија.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван потпретседателе, мислам дека се непотребни овие тези, посебно кога од страна некој пратеник од македонска припадност, а во конкретниот случај и од господинот Поповски, дека Уставот не е причина за кризата. Апсолутно, кога ова го вели македонец, било да е тој избран од народот пратеник овде, било да е претставник на претседателот на Републиката апсолутно го сватиме, бидејќи од свој агол тргнува, а сосема обратно е за нас албанците, дека било, уште е, бидејќи не е сменет тој Устав и ќе биде доколку тие решенија што се предлагаат и што се во процедура не се во полза на сите граѓани, а ние сме претставници на тие граѓани, односно на албанците. И кога јас нема да бидам задоволен со тие измени, имајте на ум дека и другите граѓани нема да бидат и сите албанци нема да бидат задоволни, бидејќи ние ги знаеме чувствата на нашиот албански народ.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господо пратеници и почитувани господо граѓани на Македонија. Крајно време е народот да ја дознае вистината и отворено да се проговори и за Рамковниот договор и што се се припрема со овој Рамковен договор. Вистина има само една. Без разлика што не е присутен денес претседателот на државата, тој мора денеска да биде спомнат затоа што тој е предлагач на овој Рамковен договор. Вие сте соучесници и вие доведовте до ова. Бидејќи претседателот е предлагач ќе го споредам со убиството на Цезар: "зарем и ти сине Бруте". „Зарем и ти господине претседателе". Треба да се даде одговор кој е автор на овој Рамковен договср. Треба претседателот на државата, или потписничарите да кажат кој е автор во која кујна се спремал, се готвел овој предавнички Рамковен договор, која е целта на овој Рамковен договор, зошто толку тајности во него, што се сака да се постигне со него? А сигурно за да се спроведе овој Рамковен договор беа потребни да не речам, да не употребам потежок збор, предавници, 6и рекол македонски олеснувачи требаше да се сложат, да се изнајдат и да го потпишат. Ако навистина претседателот на државата го пишувал овој Рамковен договор, тој треба да дојде и јавно да каже зошто го избриша македонскиот народ, која му била целта и што сакал со тоа да постигне. Сигурно дека претседателот на државата каде што го водел тој заговор со Рамковниот договор во Охрид, не бил на некоја си сбадба во Охрид и ако бил младоженец па да си ја заборавил невестата, а невестата ако бил народот и сега повторно да се вратиме назад за да го вметнеме македонскиот народ. Тоа е срамно и понижувачки од претседателот на државата да го изостави, да го заборави македонскиот народ, а после накнадно да бара внесување на македонскиот народ. Народот за таквите луѓе вели: „после свадба, тапани".

Досега имавме Устав каков, таков, дали беше генератор за немири или не? Јас велам не. И покрај таков Устав што имаме каков, таков, добар, сега со овој новиот предлог Рамковен договор кога би се променил и кога 6и се преточил во Устав, тој би бил еден хибриден, промашен, една турли тава кој ќе носи ништо друго, туку немир и ќе доведе до граѓанска војна. Замислете си господо со него се нуди консензуална демократија. Кое малцинство во светот има право да одлучува и да го надгласува автохтониот народ каде што тие ќе донесат на оваа седница деведесет и пет македонскипратеници ако гласаат за, ако еден албански пратеник се спротивстави, тогаш ќе нема одлука. По која математика, јас знам во прво одделение сум учел знак за помало и поголемо 95 може да биде помало од 1. Значи еден албански пратеник вреди повеќе од 95 македонски. Каде и во кој Устав тоа е вметнато и сакате да го вметнете. Прашувам, дали законот за сите е ист? Ако е за сите ист, тогаш кое е тоа право на албанското население 95 пати да вреди повеќе од македонските пратеници. Господа пратеници, сигурно не пиете вие млеко од шарена крава. Но, млекото си е млеко и такви привилегии не се дозволени. Народот има една убава поговорка: „Дајте му го прстот, ќе ви ја бара раката, дајте му ја раката, ќе ви ја бара државата". Ова баш така испадна.

Денешната расправа е историска за опстанок или распаѓање на ова мало парче вековита и библиска македонска земја. На овие простори живееме неколку илјади години и имаме дадено многу голем придонес за денешната светска цивилизација и писменост. Дојде време дојденци и натрапници кои живеат на наша територија неколку месеци и години да не бркаат од вековните огништа со благослов на домашните предавници. Ова не важи за чесните албанци кои се староседелци. Зборувам за тие што се дојденци. Македонија пет и пол века, да ве потсетам беше под турско ропство и со туѓа власт и покрај тоа имала своја нација, свој народ, своја вера и свои цркви и во услови на ропство, македонците никој не ги терал да се откажал од својата нација, од својот народ, или својата црква и вера. Можеби имале среќа што немале како денешните претседатели и премиери, можеби и што немале сопствена држава, можеби тука им била среќната околност, па затоа со Турците убаво живееле и добро им било пет и пол века. Уште ако се додаде немањето на македонска гордост и патриотски чувства, државничкиот

капацитет ќе се добие права слика кој не водел во изминатите десет години и зошто дојдовме до оваа состојба. Најдобар пример за ова е претседателот на државата господинот Трајковски и неговите недефинирани советници. Господо олеснувачи и македонски вазали не заборавајте дека и под турско ропство се пееше за Македонија. За жал од предавството на името, за Македонија веќе не се пее. А дали знаете зошто не се пее? Затоа што името кое ни го дадовте БЈРМ е туѓо, не прифатливо, неприродно, непевливо за македонскиот народ. Заради наведеното, ве прашувам од што уште ќе не откажете и до кога овој народ ќе трпи неправди токму од својот народ? Господо потписничари и вие господо пратеници дали знаете кои сте и што сте и дали сте наследници на нашите предци? Господо пратеници, ако не знаете кои сте и што сте, ќе ви одговорам и дали сте наследници на нашите предци, ако ве прашам вие ќе одговорите дека сте наследници на нашите предци. Јас ќе ви одговорам, не сте наследници на нашите предци. А знаете ли зошто? Затоа што наследството се чува, надградува и негува и брани со сите можни и неможни средства. А вие многу лесно се откажавте од она што ни беше наследство со векови, дури и најсветите работи само затоа што не гледате подалеку од својот џеб. Еднаш ќе мора да сватите дека има нешто свето од кое не можете и не смеете да се откажете. Знаете само едно, човек кој не си ја сака својата татковина, дека не е достоен да живее во неа. Сето ова ќе го потврдам со следните примери. Се откажавте од вековното библиско име Македонија, а не лажевте дека тоа е за кратко време. Се откажавте од вековно прифатеното знаме од народот со кое македонскиот народ со векови се гордеел и го веел во сите борби, се до конечното ослободување на ова мало парче македонска земја. Истите тие што не излажаа за името, ни го сменија и знамето, лажејќи не повторно дека ќе влеземе во европската заедница ако се откажеме токму од знамето. Ние се откажавме, Европската заедница е толку далеку колку што ние сме далеку од решавањето на националните проблеми во државата, односно проблемите со малцинството. Сега господо не откажувате и од македонскиот народ, од македонската нација и од Македонската држава. Дозволивте или се договоривте одреден број на терористи да извршат егзодус на македонскиот народ во сопствената држава пред вашите очи и пред очите на меѓународната јавност. Уште ги лажете дека многу брзо ќе се вратат на своите огништа. Тоа е предавство или неспособност од најтежок вид кое се коси со сите меѓународни стандарди, тоа е само неспособност на сегашната Влада. Замислете си тоа да им се случеше на македонското население со албанско потекло, ќе се дознаеше дури и на другите планети, не само на планетата земја. Тие од сламка знаат да направат ортома. А ние ортомите ги прикажуваме како некое си влакно, не значајно кое лебди некаде во воздухот. А вие молчите господо врвни политичари. Битолчани за таквите имаат еден многу убав збор, но не е за јавна употреба, сега нема да го употребам, тие знаат што значи. Кој ви го дал тоа право господо предавници без разлика на вашите моментални функции? Можете да се откажете од она што вие лично сте го купиле, или стекнале, или сте го добиле со наследство. Не заборавајте народот не може вечно да се води за нос, еднаш ќе му прекипе и ќе си ја преземе целата судбина во свои раце. Колку да ве потсетам, правдата и казната на народот е спора, но секогаш стигнува и ќе ве најде каде и да сте. Во овие судбоносни денови за Македонија треба сите македонци каде и да сме да се сплотиме, а истовремено ги повикувам и малцинствата кои живеат во Македонија и ја чувствуваат за своја татковина. Јас верувам дека побрзо ќе најдеме разбирање со малцинствата кои живеат во Македонија во однос со партиите кои за себе мислат дека се големи партии. За жал и во овие тешки судбоносни денови за Македонија не најде за право ниту претседателот на државата, ниту премиерот, ниту другите претседатели од СДСМ да не повикаат и да се договориме, да изнајдеме решение за овој Рамковен договор, односно за судбината на Македонија. Тие сметаат дека проблемот е решен. Јас велам не е решен, туку на Македонија и претстои заговор. Се кова веќе старата ненаучена лекција заговор против Македонија, за поделба на Македонија, а сето тоа се должи затоа што во минатото не успеавме да ја научиме лекцијата. Прашувам гласно, ќе се сплотиме ли сега кога ни е најтешко? Јас ќе одговорам, сигурно не. А знаете ли зошто? Сигурно знаете, затоа што на луѓето кои ги водат партиите многу побитна им е власта и привилегиите во однос на решавањето на македонските проблеми. Тие сметаат дека треба да одговорат за грешките само пред своите гласачи, односно само пред своите симпатизери. Не, господо, посебно се однесува за вас големите партии, вие треба да одговарате пред македонскиот народ за грешките што ќе ги направите сега со промена на овој Рамковен договор, не да одговарате пред вашите симпатизери, за бројот на вашите симпатизери имавме можност да се увериме на претходните избори. Крајно време е со прст да се покаже на предавниците и пред некого еднаш тие ќе мораат да одговараат, затоа што таквите постапки се за разнебитување на Македонија. Па затоа тие можат да бидат само добри албанци, можеме да ги сметаме таквите наши би рекол предавници македонци, за добри срби, за добри грци, или за добри бугари. За судбината на Македонија во минатото други решавале без наше присуство од македонци. На таквите одлуки Македонија и македонскиот народ бидејќи била под ропство не можела да влијае. И покрај тоа што имала многу голема желба да одлучува за својата судбина, затоа што тогаш Македонија немала држава, за разлика од тогаш Македонија има своја сопствена држава, суверена, независна

и меѓународно призната со своја територија, свој народ, свој јазик и свои граници. Сето тоа и дава за право на Македонија самата да одлучува за својата судбина како да ја крои државата и како да се вика државата. Заради тоа нека ни дозволат меѓународните олеснувачи, советувачи самите да си ја кроиме судбината. Но, најголем проблем е точно на неспособната Влада на Македонија која бара помош од меѓународната заедница да и ги решава проблемите. Ако сами не успееме да си ги решиме проблемите, најмалку дека може некој друг да ни ги реши од надвор. Ако под притисок на оружјето со помош на лажните олеснувачи и домашните предавници попушти Собранието, тогаш ќе мора тоа постојано да попушта, затоа што албанските екстремисти нема да се задоволат само со овие барања. Тие и понатаму ќе настојуваат да бараат се повеќе и повеќе, се додека не се оствари нивната крајна цел, а нивната крајна цел е распарчување на Македонија и припојување кон Косово и голема Албанија.

Тие во еден кус временски период, со рамковниот договор ќе бидат задоволни, но тоа, бидете убедени нема да трае долго.

Господа пратеници, постојано спориме и се убедуваме и разубедуваме, да докажеме кои и какви видови на држави постојат и какви видови на малцинства постојат во светот. Бидејќи ни јас, а најмалку и вие сте експерти за оваа проблематика, си зедов за право да го цитирам д-р професор Стојан Киселиновски. Според него постојат три вида на држави и тоа:

Првиот вид на држава, во која припаѓа и Македонија, се етнички држави, со свои граници, своја територија, народ, јазик и други белези на нација. Во етничките држави официјален јазик е јазикот на мнозинскиот народ, во нашиов случај македонскиот. Проблеми нема никакви. Јас незнам до кога овој македонски народ ќе пати.

Вториот вид на државотворност е оној кој е формиран од повеќе нации **и** секоја нација, при формирањето на државата стапува, или носи со себе своја територија односно го вложува својот етнички историски простор. Таквите држави се најчесто федерации, или конфедерации. Имавме такви држави, како Југославија, СССР и често пати за федерации се спомнуваат Белгија и Швајцарија.

Последните држави максимално се злоупотребуваат од албанското малцинство кое постојано кажува невистини, токму за Швајцарија и Белгија. Кај нив етничките групи имаат статус на народ, со свој јазик и своја територија. Тоа значи дека за наведените две земји, тие ги здружиле своите територии и јазици за да формираат држава, за разлика од вас, господа пратеници македонци со албанско потекло. Вие дојдовте во Македонија без територија. Сакате да се здружиме. Кажете како да се здружиме. Донесете територија од Албанија, ќе видиме, ќе размислиме ќе правиме конфедерација, дали ќе се здружуваме. Кој може да ви дозволи такво здружување. Или народно кажано, можеме да бидеме ортаци само ако вложиме и ние и вие, или јас и вие. Не можеме да бидеме ортаци, ако јас вложам, а вие ништо не вложите, или обратно. Во секој случај немате право да барате ни конфедерација.

Да се вратиме пак на Швајцарија и Белгија. Тие се здружија да формираат држава со свои територии и свои јазици. Поради наведеното овие држави имаат статус на рамноправни народи со рамноправни јазици и тоа германски, француски и италијански, односно роторманци во Швајцарија и фламанци во Белгија.

Во третиот вид на држави во кои спаѓаат САД, Канада, Австралија. Наведените држави се формирани со разновидни етнички групи, во ненаселен простор, а врз основа на мнозинскиот јазик формираат сопствена држава. Таквите држави се без етнички историски идентитет. Кај овие држави официјален јазик е јазикот на мнозинскиот народ. Кај наведените држави не се дозволува втор официјален јазик. Како пример ќе ги наведам САД. Во САД се говорат повеќе јазици додека англискиот, односно американскиот е официјален јазик. И покрај тоа што шпанскиот јазик го говорат во САД преку 45 милиони луѓе со шпанско потекло и покрај таа голема бројка што би претставувала една голема европска и би рекол светска држава, сепак официјален јазик е американскиот.

Морам да напомнам, бидејќи постојано спорите дека сакате да постанете народ во Македонија, како се формираат народите. Постојано ви зборувам дека не може да бидете народ, без разлика на вашата бројка колкава е. Можете да бидете 99%, народ не можете да бидете. Народ е еден. Македонскиот народ. На една столица има место само за еден.

Првиот начин на формирање на народ е малцинство кое живее на своја традиционално етничко-историска територија. Таквиот пример е со македонското малцинство во Албанија, Грција и Бугарија. Такво малцинство има право да бара да биде народ, а знаете зошто господо? За-тоа што Македонија е поделена на три дела и Македонија се граничи токму со сите соседи. Македонија се граничи самата со себе. Македонија се граничи со Грција, со македонски народ, со Албанија се граничи со македонски народ, со Србија веќе ја имаме територијата, со Бугарија се граничи со македонски народ. Од тие причини македонците можат да бидат народ. Вие не можете да бидете народ. Вие можете да бидете само малцинство, поголемо или помало.

Вториот начин на формирање на малцинствата е преку населување на туѓи историски простори. Токму тоа сте вие господа албанци. Таков пример е со сите малцинства кои живеат во Македонија.

Ова малцинство барајќи подобар живот, се насели на македонската територија. Тоа нема право да постане народ, а уште помалку да

бара јазик во службена употреба, без разлика на неговиот број. Исто така ова малцинство нема право да бара признавање или одделување или, како што вие знаете да кажете, како што деновиве кажавте, дека ние сакаме да владееме со овој дел од територијата на Македонија. Со целиот дел на територијата ќе владеат институциите. Македонија е неделива. Македонија е една единствена. Македонија со никого не се здружила.

После оваа научна констатација, јас сметам дека, господо македонски политичари со албанско потекло, ќе ја сфатите пораката и дека ќе нема да имаме проблеми, ќе сфатите дека сте малцинство и сметам дека во иднина нема да имаме проблеми.

Господа пратеници, со постојаните барања на албанското малцинство и со постојаните отсталки нз досогашната Влада, свесно се одеше да се обезличи еден од најстарите народи, не само на овој простор, туку и во Европа. Македонскиот народ е библиски. Тоа треба да го знае целиот свет а посебно малцинствата и тие треба да се гордеат што имаат можност да живеат со еден од библиските народи. Овој народ е благословен и затоа треба да знаете дека нема дрво без корен, како што нема и држава без корен. На дрвото коренот знаеме каде е, а треба да знаеме дека на државата коренот е народот. Во овој случај на македонската држава коренот е македонскиот народ. Ако се пресече или уништи коренот на дрвото, тогаш и дрвото ќе се исуши. Ако се уништи или избрише македонскиот народ, како што некој направи обид да го избрише македонскиот народ, тогаш ќе се уништи и македонската држава и македонската нација.

Со голема жал и тага на душата можам да констатирам дека од македонскиот народ и од македонската нација писмено се откажаа тројцата потписничари и двајцата советници. Наведенага господа ја прашувам, во чие име се откажаа од македонскиот народ, од македонската нација и од создавањето и можноста што е дадена за создавање на мултиетничка држава. Ако именуваната господа имаше малку македонска гордост во себе или македонско чувство и државничка одговорност, овој срамен и понижувачки рамковен договор на самиот старт немаше да го прифати, освен ако нема некоја заднина. Ако има некоја друга позадина, должност е овде олеснувачите да ни ја кажат вистината, бидејќи ние вистината не ја знаеме, а сега разговараме.

Провиден е овој рамковен договор дека е на штета и на македонската нација и на македонската држава.

Многу често во македонските медиуми се злоупотребуваа зборовите дека потписничари на рамковниот договор се четирите најголеми политички партии. Наводно тие се договорија и тие ќе го спроведат овој рамковен договор. Со ова сакам да кажам дека самонаречените големи партии ја доведоа Македонија до ова дереџе во кое сега се наоѓа. Тоа значи дека не постојат големи и мали партии, како што се замислуваат себе си СДСМ и ДПМНЕ, а уште помалку големи и мали политичари, како што себе си се нарекуваат претседателите на партиите господинот Бранко Црвенковски или господинто Љубчо Георгиевски. Иако за себе имаат високо мислење дека се најголеми, тие покажаа премалку државнички способности затоа што не знаеа дека татковината е неделива и дека се брани со сите можни и неможни средства и дека им е должност да ја одбранат татковината. За жал тие го избра предавничкиот рамковен договор како решение за овие тешки судбоносни денови за Македонија.

Големината на политичарите се гледа само во едно, во делата што ќе ги направат и остават зад себе. Ако ги вагаме господо вашите дела, на големите политички партии и политичари што досега ги имате направено и оставено зад себе, верувајте дури и вагата ќе се срами и ќе пукне од срам.

Господа пратеници, секое принудно менување на Уставот е мешање во внатрешните работи на државата, а тоа е недозволиво со меѓународното право. Ако е така, а така е, тогаш зошто дозволуваме некој од страна да ни се меша во државата и да ни кажува како да ја уредуваме и како да ја викаме. Каква дволичност од Меѓународната заедница. Конвенцијата за човекови права нема да важи, а ќе важи од утре охридскиот срамен понижувачки рамковен договор. Според тоа може да се користи силата и притисокот за остварување на некои лични цели. Ако е така тогаш во светот никогаш нема да има мир. Зошто постои меѓународно право, зошто работите треба да се решаваат со договор. Малцинските права се познати и тие како такви, должни сме како држава да ги почитуваме и спроведуваме.

Ако олеснувачите беа правични и правично сакаа да ги застапуваат човековите права, немаше тие права да гн бараат токму во Македонија. Тие ќе ги бараа во соседните земји и тоа Албанија, Бугарија, Грција, каде македонците ги немаат ниту елементарните човекови права. Затоа ја прашувам господата која контактираше со меѓународните олеснувачи, зошто не успеа да се избори и да каже какви права нашите малцинства уживаат во соседните земји. Зарем треба повеќе од овие права што македонците ги имаат дадено на малцинствата. Зарем македонците треба уште да прават отстапки.

Се ова што се случува во Македонија, посебно оваа војна е резултат на постојаните отстапки.

Господа македонци со албанско потекло, да ве потсетам.

Имате амбасадори кои, за жал работат против македонските интереси и оваа татковина не ја чувствуваат за своја, ја чувствуваат за туѓа. Имате свои министри кои

работат против државните интереси на Македонија. Ќе го спомнам министерот за правда Џевдет Насуфи кој го ословоди од обвинение мозокот на бомбашките напади Фазли Велиу, а сега е главен организатор на паравоените формации. Зарем тоа е правото и обврската на министрите. Негова должност и обврска е да ги штити интересите на државата. Точно овде во оваа собраниска сала тој дал заклетва дека ќе ги штити интересите на државата, а не дека ќе штити интереси на терористи. Имате директори и заменици кои исто така не работат и не го почитуваат законот, а работат против македонските државни интереси. Имате градоначалници кои за време на државните празници ги подигнуваат, место македонските знамиња, ги истакнуваат знамињата на туѓи држави. Кој може тоа господо пратеници со албанско потекло да го дозволи, а ги имате сите права.

Имате образование, основно, средно и високо. За жал и тоа го злоупотребувате. Ќе го земам за пример професорот на параунивезитетот во Тетово Фазлиу кој ги повика граѓаните на бунт и ги поддржа паравоените групи. Во моментите кога се пукаше во Тетово тој ги повика на бунт граѓаните. Тоа ли е целта на високото образование? И тоа е злоупотребено. Имавте високи функционери во Армијата на РМ и МВР и свои командири и началници. И тие ги злоупотребија своите функции и соработуваа со паравоените формации. Имате своја издавачка дејност. Имате свои библиотеки и театри. Живеете многу подобро од македонците кои со векови живеат на овие простори и постојано по нешто наследувале. Вие преку ноќ станавте големи богаташи. Прашувам, како и дали толку е голем вашиот труд. Сето тоа го постигнавте а како тоа го постигнавте, треба да одговорите и како можевте, кога сте угнетувани и со ограничени човекови права. Човек кој е угнетуван и е со ограничени човекови права не може да се збогати. Значи вие ги уживате сите човекови права и сигурно дека живеете добро. Ме радува што живеете добро, но немојте да кажувате дека сте ограничени во човековите права.

Ако некој е ограничен во човековите права, тоа се токму македонците. Ќе кажам неколку примери. Причината за тоа не сте вие. Добро е што вие се залагате и ќе бидете многу корисни ако се залагате за македонска држава, затоа што во вас постои некое единство и има што од вас да се научи. За жал, од големите македонски политичари нема ништо што да се научи. Од вас има што да се научи, но ако работите за државните интереси, а не за распарчување на Македонија.

Македонските студенти се обесправени токму во својата сопствена држава.

На двата универзитети во Македонија македонските студенти се одбивани со преку 90 поени, додека албанците се запишувани со 60, дури и помалку од 60 поени. Македонците се принудени да плаќаат партиципација, задолжувајќи се, дури би рекол и продавајќи од имотот само да ги школуваат своите деца, додека албанското малцинство, обесправено, не плаќа ништо. Му се дава можност да се школува на двата универзитети, му се дава можност да се школува и на универзитетите во Тетово. Таквите привелегии македонците ги немаат. Македонците се принудени да ја напуштаат својата земја и да бараат подобри услови во соседните земји, во Бугарија, што Бугарија неспособноста на македонската Влада ја злоупотребува за други цели. А уште подрастичен е примерот, имаме и такви примери и имаме и такви случаи каде се запишуваат и албански студенти кои воопшто не полагале квалификациони испити. Сигурно има такви и македонци. Не сакам тоа да го сфатите толку драстично, затоа што владее хаос во државата и во високото образование.

Уште подрастично е дискриминацијата на македонските работници кои постојано се отпуштаат од работа, а на нивно место се вработуваат "обесправени" албанци. Ако се направи споредба во вработеноста и стандардот помеѓу македонците и албанците ќе добиеме катастрофални сознанија на штета на македонскиот народ. Сето ова е резултат затоа што никој не води грижа за македонскиот народ и аќо некој од македонците побара прием кај некој од министрите многу тешко може да дојде, а додека било кој албанец ако побара средба со некој од министрите албанци многу лесно ќе ја добие. Причината господа е токму кај нас и крајно време е еднаш да проработи македонската свест и чувство за одговорност и државност.

Исто така дискриминирани се македонците со плаќање на скапа струја и вода. Обесправени се, а обесправените албанци ретко кои плаќаат струја и вода. Не помалку се дискриминирани македонските граѓани со плаќање и на големи казни и плаќање на скапи градежни дозволи. Деновиве, поточно вчера имав можност да слушнам на радио дека...

(На кое радио - дофрлување од место).

На македонско, на албанско не. Обесправените албанци ретко кој си ги извршуваат обврските према државата. Како пример ќе го земам Тетовскиот крај каде што преку 35% од албанското малцинство не плаќаат обврски према државата. Само во Тетовскиот крај и тоа имав можност вчера да го слушнам на радио. Јавните приходи се помали за преку 40% од ланската година. Како доказ на ова се наведува дека од 900 контроли што ги извршиле инспекторите во 500 се утврдени неправилности односно не платени приходи. Со други зборови огромно е

даночното затајување точно од страна на обесправените албанци.

Овој Рамковен договор е невалиден и според тоа необврзувачки од следните причини.

Рамковниот договор е потпишан за време на окупација на дел од Македонска територија. Договорот е напишан на англиски јазик. Како официјален документ на Република Македонија текстот треба да биде напишан на македонски јазик или преведен на македонски јазик особено кога се регулираат внатрешни работи во државата.

Покрај тоа може да се јави и спор со јазично толкување и постои можност во иднина да имаме недоразбирања околу некои термини кои сигурно, убеден сум дека во иднина различно ќе ги толкувате.

Трето, овој договор е потпишан од неформална група на граѓани. Неформална група на граѓани кои себе си се нарекуваат лидери на политички партии. Тие заедно со претседателот на државата г. Трајковски најпрво го суспендираа Собранието, а потоа ја блокираа и работата на Владата. Поради наведеното овој договор е вонинституционален. Неформалната група ужива многу мал авторитет кај македонското население а посебно сега по потпишувањето на овој срамен и понижувачки Рамковен договор.

Ќе почнам од претседателот на државата.

Господинот Трајковски во првиот круг беше катастрофално поразен од противкантидатот. Тоа доволно зборува за неговата непопуларност кај македонските граѓани, а потоа во вториот круг да биде избран со невиден фалсификат на полнење на кутиите токму од албанското малцинство.

Премиерот на ДПМНЕ за многу кратко време направи пустош во сите сфери на државата со што ја изгуби довербата кај македонскиот народ. Тоа се потврди на локалните и на претседателските избори...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде малку за амандманот IV.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

И за амандманот има.

Додека за претседателот на СДСМ, Бранко Црвенковски можам да кажам дека многу одамна дека македонскиот народ крена раце од него затоа што ги удри темелите на криминалот, грабежот, затворањето на фирми, праќањето на вработените на улица. И на крај ако се додаде потпишувањето на Рамковниот договор ќе се добие правата слика колку се популарни и претседателите и премиерите.

Доволно зборува податокот што имавме можност деновиве да бидеме и пратеници. Дури пратениците кои беа избрани во центарот, срцето на СДСМ беа избрани со одвај 2000 гласа, а ДПМНЕ се плашеше од пораз, дури немаше ни свој кандидат. Уште ако се додаде дека Имери и Џафери се потписници на Призренскиот договор за Голема Албанија валидноста на Рамковниот договор ќе биде само за нив двајцата кои сонуваат за Голема Албанија но не и за македонскиот народ.

Господо граѓани на Македонија, дали постои разлика помеѓу СДСМ и ДПМНЕ. Сигурно дека не. За ДПМНЕ нема ништо свето. Тие се што им е на дофат ќе го изнесат на пазар и се во состојба да го продадат, а додека за СДСМ нема ништо црно, се прифаќаат дури и оние што се витални интереси.

Предложените промени со Рамковниот договор доколку бидат усвоени не само што нема да постои граѓански карактер на Македонската држава, туку со брзи неповратни чекори ќе се оди кон разнебитување и распарчување на Македонската држава. Потврда за наведеното се следните примери.

Изоставувањето на категоријата Македонски народ не само во преамбулата туку и во нормативниот дел ќе значи дека во Македонија ќе живеат две етнички заедници-македонска и албанска.

Со изоставувањето на Македонскиот народ Македонската држава останува без носечкиот столб и преминува од граѓанска во мултиетничка држава со драстична можност за федерализација.

Етничките заедници се земаат како основа за изградба на државната власт, а за каква власт се заинтересирани македонските политичари од албанско потекло имавме можност да видиме, а посебно и од пратениците присутни денес на оваа седница.

Господо македонски политичари со албанско потекло крајно време е да ја отфрлите перфидната и нечесна политика која доаѓа од соседна Албанија и Косово насочена против Македонија и македонските државни интереси. Не заборавајте г. пратеници со албанско етничко потекло дека живееме во 21-от век...

(Дофрлување на некои од пратениците од ПДП и ДПА).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почекајте нека заврши човекот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Век на почит, век на љубов, век на песна и игра, а не на страдања и убивања. Дали е можно во новиот милениум да живеат и такви луѓе кои сакаат да убиваат други луѓе. Зарем целото зло е собрано на тој пусти Балкан и до кога. За жал во Африка учат дека најнецивилизиран народ живее на Југот од Европа, поточно на Балканот. До скоро се мислеше дека единствениот виновник за

немирниот Балкан е токму Милошевиќ. Бидејќи сега него го нема и понатаму продолжуваат понижувањата на Балканот токму од албанските терористи. Сега повеќе од јасно е кој е предизвикувач на немири на Балканот. Гласно прашувам како може човек да живее откако ќе му го одземе животот на некого и дали се тоа човечки особини. Може човек да живее во 21 -от век, век без граници, кога Европа се обединува ние сакаме да се делиме. Обратно работиме од она што се работи во Европа.

Господо пратеници крајно време е да сфатиме дека време е на обединување, а не разединување. Господа пратеници и граѓани на Македонија цивилизираниот свет влезе во новиот милениум. Како по добар балкански обичај ние повторно го згрешивме влезот и наместо да влеземе во новиот милениум влеговме во крвава војна. Таа остави длабоки траги кај граѓаните на Македонија и тие тешко можат да се избришат за еден краток временски период. Јас не знам како ќе живееме заедно кога не сакате да попуштите.

Само колку да ве потсетам г. македонски политичари со албанско потекло.

Вие сте единственото малцинство кое не е лојално на македонските државни интереси додека другите малцинства, како што се ромите, србите, власите, бошњаците сите се лојални. Како за нив човековите права и граѓанските права се прифатливи и на високо ниво, а за вас не. Тоа доволно потврдува дека вие повеќе сакате човекови права, поточно сакате распрарчување на Македонија. Поради големоалбанските апетити вие сакате да останете и конститутивен народ и како два народи со различни религии и различни јазици да се конфедерализира Македонија, а покасно да се распарчи и приклучи кон Голема Албанија. Таквото размислување и таквата идеологија водат знаете ли каде? Само кон граѓанска војна. Тоа ли го посакувате? Зарем сакате граѓанска војна. Никој г. пратеници со албанско потекло никој не знае како ќе заврши таа граѓанска војна...

(Мевљан Таири од место - ти ја сакаш таа војна).

Јас не сакам, кажав што сакам. Јас сакам почитување на меѓународните стандарди. Македонија не ја сметате за своја држава. Јас ја кажувам вистината дека ја сметате за туѓа држава и постојано работите против државните интереси. За тоа постојат голем број на примери и некои од нив ќе наведам.

Не почитувате Устав. Уште кога се носеше Уставот вие ја напуштивте седницата, место најсвечено да гс поздравите тој чин вие ја напуштивте седницата.

Не истакнувате македонски знамиња на македонски празници.

Сепак најголем показател ви е земањето на оружје. Со оружјето кое го земавте направивте многу ѕверства. Со тоа ја вративте Македонија најмалку 20 години назад. Еден од пратениците албанци напомна дека не сака да живее во држава која заостанува и слично. Господа, вие правите Македонија да ја вратите назад. Оваа војна Македонија ја чини преку милијарда марки...

(Мевљан Таири од место - што трошите толку).

За да си ја одбраниме државата. Само заради тоа. Ако Македонија ја чувствувате како своја држава во која сакате да живеете заедно со македонците тогаш немаше да посегнете по оружјето, туку ќе бевте лојални граѓани на Македонија како што се другите малцинства.

Исто така многу брзо заборавивте кога Милошевиќ со невиден терор избрка преку 350.000 албанци од Косово. Вие по тие тешки судбоносни денови заедно со македонците не велам не и вие помогнавте со раширени раце и срца ги примивме им дозволивме и топол дом и топол оброк. Не испаднавме себични и не им ги затворивме границите. За жал вие тоа многу брзо го заборавивте и за возврат ни вративте со бомби, експлозиви, мини, куршуми и други средства за убивање на луѓе. Зарем тоа е соживот господо? Ние вас со леб вие нас со камења.

После сето ова што го направивте и со ова што го направивте тешко да постои македонец кој може да ви верува дека ова нема да се повтори и дека нема да се подготвувате за уште поголеми и порадикални промени. Веќе јавно барате да ја делите државата со македонскиот народ. Тоа веќе го кажувате. Не затоа што стварно барате поголеми човекови права, туку затоа што не ја остваривте крајната цел, а крајната цел кажете ја еднаш. Зошто не сакате да кажете јавно дека крајната цел ви е распарчување на Македонија и припојување кон Косово и Албанија. Господо, тоа сценарио е видено. Тоа сценарио истото се практикуваше во Косово и затоа Косово дојде до ова што денеска го имаме во Косово. Ако се дозволи, отстапи, во Македонија ќе дојде истото. Тој сон го сонувате преку 200 години, уште од турско. Тешко дека може да се врати довербата помеѓу македонското и албанското малцинство.

Што е многу битно, за Македонија прогледаа и најголемите слепци македонци дека крајно време е да се зачуваат државните македонски интереси. Поради наведеното не постои македонски пратеник кој може да гласа за наведените амандмани бидејќи Рамковниот договор нуди само поделба на Македонија, а не мир. Со овој Рамковен договор вие барате односно ќе се дојде до граѓанска војна, ако не вие конкретно.

Господо македонски политичари со албанско потекло. Вие треба да знаете дека ниедно малцинство во светот не ужива исти права со автохтониот народ. Верувајте вие уживате. Уживате дури и поголеми од македонците. Ние сме единствената држава која тие права ви ги дала. Вашата дволичност веќе е разоткриена од меѓународните институции каде постојано се жалевте дека сте обесправени и барате еднаквост односно рамнопрвност. Ако стварно баравте еднаквост и рамноправност немаше да се затварате во гета и ќе сакавте соживот со македонците. Немаше да ги бркате македонците од Западниот дел од Македонија. Немаше да вршите егзодус. Зошто ги бркате ако сакате соживот.

Од наведените причини, затоа што сакате чисти етнички територии вршите терор во Западниот дел од Македонија со единствена цел да направите чисти етнички средини заборавајќи дека живеете на македонска територија.

Господо албанци вие сакате рамноправност, но дали таа рамноправност ја имате или не. Вас не ви е целта да ја барате рамноправноста туку целта ви е да ја распарчите. Правата што ги барате многу полесно ќе можете да и одмогнете на Македонија. Тоа ви е правата цел, а за тоа зборува конзензуалната демократија. Која е целта на она што го барате. Вие барате да се вратиме на Уставот.

Со конзензуалната демократија вие сакате суспендирање на граѓанското општество и воведување на конзензуално одлучување каде што 95 македонци ќе бидат надгласани од еден албанец. Фаворизирање само на едно малцинство и тоа албанското, каде што само тоа ќе има право на вето.

Стварање на услови во државата за хаос, уцени и постојани пазарења. Со други зборови стварање на бинационална држава или поделба на државата. Ваков начин на владеење нема во ниедна земја во светот каде што малцинството со право на вето ќе одлучува дури и Уставот да го менува.

Со други зборови ако се прифати амандманот XVIII тогаш албанското малцинство ќе ни го крои Уставот а каков Устав ќе ни скроите повеќе од сигурно е, верува целиот македонски народ, знае како, не е македонски сигурно, само не знам дали знаат четворицата потписничари.

Промени во Уставот се дозволени само ако водат кон подобро а не кон полошо како што сега се предлага со овој Предлог Рамковен договор. Со овој Тројански коњ се губи унитарниот и граѓанскиот карактер на Македонската држава, затоа што државата е во негативна спрега со етничкото групирање. Таквата поставеност на државата неминовно ќе доведе до голема непродуктивност во сите сфери на државата.

И, на крај ќе доведе дури до меѓуетнички конфликти. Поголема штета на Македонија и на Македонскиот народ, потписниците на овој срамен и понижувачки договор, неможеа да и нанесат. Тие наместо договор на Македонија и подарија Тројански коњ, кој ќе биде сместен токму во Уставот и ќе служи како средство за немири и за разнебитување на Македонија. Токму овој договор тоа го нуди, ако е договор.

Ако можеа албанците во 1991 год, да не гласаат за донесување на Уставот на РМ со напуштање на седницата, се поставува прашањето зошто токму ние Македонците да не се договориме да не гласаме за предложените катастрофални промени со Рамковниот договор.

Со голем респект кон државничката функција на претседателот на Републиката, сепак, морам да укажам на некои негови недоследности. Дека никој, па ниту тој нема право да го брише нашето национално и историско минато и да ја одредува судбината на Македонскиот народ, без разлика дали е претседател или не. Г. претседател го излажа Македонскиот народ, затоа што на почетокот вети дека ќе организира во Охрид меѓуетнички дијалог, а не дека сака да преговара и да нуди предавнички рамковен договор. Г. претседател, ако сакал да и помогне на Македонија со уставните промени, требало да повика експерти за меѓународно право, а не да повикува советници, вечни губитници, со недефинирани македонски чувства. Кој му го дал правото на претседателот на државата да одлучува. Кои лидери и партии ги повикува, за да одлучуваат токму за судбината на Македонија. Тој, најпрво, направил катастрофална грешка, повикувајќи ги Џафери и Имери, затоа што тие јавно покажаа со Призренскиот договор дека се за голема Албанија и нормално нема да ги штитат македонските интереси. Со кое право не ги повика лидерите на другите малцинства. Зарем тие не живеат во Македонија, зарем тие не придонесуваат за Македонија, зарем е битен нивниот број. Со тоа максимално ги понижи другите малцинства како претседател и покрај тоа што се многу лојални на Македонската држава. Секое право, само двајцата лидери од македонските партии СДСМ и ДПМНЕ се највиновни што дојдовме до оза дереџе за овие 10 години владеење точно овие две партии, партиите на СДСМ и партиите на ДПМНЕ. Морам да напоменам дека Г. претседател е најнеспособниот врховен командант на земјината топка, затоа што си дозволи да биде поразен од една терористичка група и покрај тоа што беше информиран дека Македонија ќе биде нападната токму до терористички групи. Виновен е, затоа што ништо не презел да го спречи влегувањето на терористичката група во Македонија, туку

стоел со скрстени раце, чекајќи некој друг да му ги реши проблемите.

Која е вистинската причина за таквото однесување на претседателот? Кој му го дал тоа право на претседателот на државата да го трампа Уставот за мир. Ако е неспособен како врховен командат да се справи со терористите, тогаш нека се повлече од функцијата претседател и нека го отстапи местото на поспособни од него, кои знаат да ги решаваат проблемите на соодветен начин. Заедно претседателот и премиерот не лажеа дека Танушевци не е окупиран, туку дека тоа се терористички криминални банди, а додека како врховне командат бил должен, бидејќи дал заклетва и дека има способности реално да ја процени состојбата со влегувањето на групите и да изнајде адекватно решение со соодветни одлуки на дејствување. Дека ништо не презел претседателот и дека ги понижил одбранбените сили доволно зборува податокот дека тие знаат многу добро да војуваат одбранбените сили на Македонија, за што зборуваат нападите на Радуша, каде ги изведоа многу успешно без ниедна жртва. Но, за жал, тие не добиваа наредби односно добиваа само забрани да не дејствуваат или да дејствуваат само по наредба од претпоставените.

Претседателот на државата дозволи во Македонија да се води некоја си чудна војна, која повеќе наликуваше на предавство, отколку на права војна. За оваа војна многу мал број луѓе знаеја, кој војува, против кого се војува и зошто се војува. Никој неможе да свати, а уште помалку да ве оправда дека токму вие Г. претседателе сте предлагач на најголемото предавство на македонските државни интереси со овој предлог Рамковен договор. Зарем од вас Г. претседателе, да произлезе бришењето на Македонскиот народ и носителноста на државотворноста. Ако не е Македонскиот народ носител, тогаш кажете кој ќе биде носител на државотворноста.

Г. претседателе, си земам за право од името на Македонскиот народ, кој си ја сака повеќе од се својата татковина да ви се заблагодарам за понудениот тројански коњ, со кој сакате да ја распарчите Македонија, да си го земете тројанскиот коњ и да се вратите таму од каде што дојдовте. Кој ве донесе, зошто ве донесе и дали ве донесе за да ни ја распарчите Македонија, треба да дадете одговор на Македонскиот народ. Зарем не гледате и не слушате дека Македонскиот народ не ве сака. После толку голема трагедија што му нанесовте на овој напатен Македонски народ прашувам што треба повеќе да му наштетите на овој Македонски народ, за да си отидете.

Поради наведеното, барам од вас да си поднесете оставка. Во спротивно, ќе бидеме принудени да се повикаме на член 87 од Уставот на РМ да се покрене псотапка за утврдуваше на ваша одговорност. Вие за време на претседателските избори ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам вака сега, кога ќе покренете постапка по тој член, тогаш за тоа ќе расправаме. Сега одете на амандманот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Благодарам. Вие на претседатлските избори го протежиравте слоганот "Верувам во Македонија", само не кажавте во каква Македонија верувавте. Со вашето постојано одлагање благовремено да преземете решителна акција против терористите, се виде во каква Македонија верувате. Вие ги спречивте и ги пониживте одбранбените сили да дејствуваат благовремено, а како врховен командат имавте, дури и заклетва дадено, точно овде и од ова место. Уште си земам за право да кажам дека сте потпишале мировен договор, па затоа ве прашувам, со кого потпишавте мировен договор? Кој војуваше и против кого се војуваше? Дали во Македонија имаше војна и кој ја објави војната или сакате да станете Македонски Дон Кихот. Кој е победник во оваа војна? А, кој ја загуби војната? Ќе мора да дадете одговор како командат на врховните сили на Македонија.

Исто така, треба да кажете на Македонската јавност зошто го уништивте граѓанскиот концепт на уредување на Македонската држава, а ни предлагате заедно со вашите предавници без срам консензуално уредување на Македонската држава. Или, со други зборови, право на вето на албанското малцинство. Зарем и ова, г-да пратеници, треба да го внесеме во Уставот.

Сето ова ни дава за право да прашаме Г. претседател дали и тој е потписник на Призренскиот договор, кој многу лесно го пласира и многу успешно го спроведува во Македонија. Бидејќи, барањата во Призренскиот договор и во Рамковниот договор се скоро слични, блиски и идентични, дури во него незнам дали се бараше и Призренскиот договор менување на преамбулата. На тоа треба да даде одговор претседателот.

Г. претседателе, ве прашувам зошто војувале одбранбените сили на Македонија. Зошто имаме преку 60 жртви, голем број на ранети и инвалиди кога вие потпишавте на зелена маса капитулација на Македонија и за разградување на Македонската држава.

Дури и на врапчината им е јасно дека со усвојувањето на наведените амандмани, етничките заедници немаат теоретски можности да опстанат. Само тоа не ни е јасно на тројцата потписничари и на нивните двајца советници. После усвојувањето на наведените ујдурми со Рамковниот договор, ќе следи втора фаза, каде што ќе нема разбирање помеѓу двете етнички заедници. После недоразбирањето помеѓу двете етнички заедници, ќе долетаат олеснувачите или митаџиите и многу брзо ќе изнајдат решение, мировно решение или правично решение и ќе ни

понудат мирно разрешување и менување на границите. Тоа ли го сакате г-до потписничари.

Г-до народни Македонски пратеници, мое е да ве потсетам, ставете прст на главата и добро размислете, пред да го притиснете предавничкото копче, дали ќе го потврдите предавството и ќе станете заверувачи и соoучесници на разграбувањето на Македонија. Знајте едно дека во ваши раце е одлуката дали ќе го избегнете срамот со притискањето на правото копче, а исто така не заборавајте само едно, овој библиски чесен и напатен македонски народ не заслужува да биде предаден на ваков најнизок начин.

Г-до пратеници, сакам да ве потсетам дека ние сме легитимни претставници на народот и должни сме да ги штитиме интересите токму на народот кој не бирал. Тој не не бирал да ја распарчуваме Македонија и да правиме отстапки од државните интереси. Ако го знаел народот ова дека ние ќе го менуваме Уставот и дека ќе направиме невидени отстапки, тогаш сигурно нема да гласал за нас.

Јас останувам она за што ме гласал народот и со народот и нема да гласам за никакви отстапки. Народот еднаш преку референдум се изјасни дека е за Суверена и независна РМ. Со кое право, кога тоа право веќе народот еднаш го стекнал јавно на референдум, сега вие сакате да му ја делите државата со гласање.

За да не се повтори пак некое слично предавство, предлагам на бизнисмените наспроти "Жена Парк" да изгради еден споменик баш од предавниците и сите оние што ќе притиснат на копчињата за предавство на Македонските интереси што ќе гласа за овој Рамковен договор. Да го одбележиме денот кога ги удираме темелите на распарчување на Македонската држава. И, за да не се повтори ова во иднина, за крај незаборавјте г-до, големи партии  и големи политичари, дека народот ве бирал токму вас да ги штитите интересите и суверенитетот на државата, а не да се пазарите со државните интереси. Народот го дал гласот за вас, а вие сторивте најголем грев, го изневеривте народот. Затоа, крајно е време да сватиме дали постои можност да ја исправиме грешката.

Г-до пратеници, најголемиот број овде, верувам дека се луѓе без идеали. Таквите луге немаат ни визија, ни чувство за државност, а за национална идеологија не станува ни збор. Довербата е најважна човечка особина, а вие ја изгубивте токму кај народот. Па затоа ве прашувам, како можете да останете сеуште на власт, кога за вас нема ништо свето и ништо црно. Во кого ќе верува народот? Значи, се потребни нови избори. Бидејќи, постојано ме прашувавте дали ќе зборувам за преамбулата, ќе имате можност и неколку зборови за преамбулата.

Не сум правник, а уште помалку сум стручњак за уставно право. Па, затоа, го почитувам мислењето на експертите на Уставно право дека преамбулата со амандман неможе да се менува. Тоа имавме можност да го прочитаме и во печатот и да разговарам со Г. д-р проф. Светсзар Шкариќ, проф. по уставно право. Затоа, останувам цврсто на ставот дека треба да си остане истата преамбула. Рамковниот договор не е предложен со добри намери, што може да се види од преамбулата со нејзиното унакажување се врши целосно обезличување на Македонскиот народ и омаловажување на неговите вековни стремежи и неговата непрекината борба  за сопствена и национална држава. Ако се менува преамублата, тогаш ќе треба да се менува и целиот Устав. Затоа што преамбулата е услов и надградба на другите дел на преамбулата. Бидејќи, преамбуалта е тесно поврзана со текстуалниот дел, а таа претставува душата на Уставот, заедно тие би преставувале една целина. А, каква целина ќе се направи кога се менува Уставот и консензуалното одлучување, незнам во каква корелација ќе биде.

Предлог преамбулата е во колизија со нормативниот текст, што е и нормално. Тоа е доволен доказ дека таа е изготвена набрзина и веројатно од нестручни лица. А, набрзина знаеме што се прави, единствено народот знае да каже дека набрзина се фаќаат само муви, а не уставни решенија да се носат.

Со преамбулата е извршено предавство на Македонскиот народ. Од преамбулата од 1991 год, во предавничката Предлог преамбула се земени само фазите, додека суштинските и темелните вредности свесно се исфрлени. Од преамбулата од 1991 год, се исфрлени суштинските моменти и тоа. "Македонскиот народ", нешто најбитното, исфрлен е Македонскиот народ. Некој ќе рече повторно се враќаме на тоа. Г-до, зарем требаше да се направи таков пропуст да не се стави Македонскиот народ токму од претседателот на државата. Национална држава на Македонскиот народ, избришано е, што Македонците копнеат 1000 години за таа своја држава и тоа национална. Граѓанска и демократска држава, постојано се декларираме дека сакаме да бидеме граѓанска и демократска држава, а ние го бришеме од Уставот, Зошто?

Уставно-правниот континуитет на Македонската држава како суверена Република на Федеративна Југославија, исто така, е избришана. Секој кој настојува да ги отфрли наведените четири категории, ќе значи дека е за разнебитување на Македонија.

Ако се избрише Македонскиот народ од преамбулата, тогаш кој ќе биде носител на суверенитетот на Македонската држава. Зарем некој друг може да биде, освен Македонскиот народ.

Ве прашувам кој ќе биде носител на суверенитетот ако не македонскиот народ. Како можеле господата да дозволат да го избришат

македонскиот народ. Чудно, освен ако нема задни намери.

Поимот македонски народ ги опфаќа сите граѓани на Република Македонија, независно од нивната етничка припадност, или со други зборови, албанците ќе бидат македонци со етничко албанско потекло. Сето ова е изводливо само ако албанците сакаат да се интегрираат во системот на државата, во што според ова што имавме можност да го слушнеме и што го бараат, тешко верувам дека сакате господа албанци да се интегрирате, кога сакате да не избришете како македонски народ дури од преамбулата. Јас незнам зошто толку омраза спрема нас македонците. Зошто сакате да не избришете? Што ви пречи македонски народ ако стои во преамбулата? Дообјаснување точно за албанското малцинство. Според меѓународното право, на кое вие постојано се повикувате и барате да се почитува, поимот народ подразбира демос, а не етнос. Вие тоа право го злоупотребувате. Како поткрепа на сето ова што го реков, преамбулата на Уставот, постојано се повикувате на САД од 1787 година започнува со зборовите "ние американскиот народ" и покрај тоа што во Америка живее огромен број народи. Преамбулата на Уставот на Франција од 1958 година започнува со зборовите:"францускиот народ". Сите устави во светот го нагласуваат својот народ. Зошто токму ние македонците да не го нагласиме својот народ кој постои многу поодамна отколку овие народи. Јас спомнав дека постоиме повеќе илјади години, и на голем број од овие држави кои почнуваат со овие зборови "нашиот народ" или народот на таа и таа држава ние им дадовме писменост. Сега ние да се срамиме да кажеме нашиот народ" или некој сака да ни спори да кажеме нашиот народ. Господа, ние не треба да дозволиме и не смееме да дозволиме.

Навистина незнам зошто е избришан македонскиот народ. Со бришењето на македонскиот народ му го одземавте правото токму на овој народ на самоопределување, и го земавте правото на Македонија да се грижи за малцинствата во соседнните земји. А тоа не ме чуди, мпогу од партиите на власт и се откажаа од малцинствата во соседните земји. И го земавте правото на Македонија да функционира како унитарна држава. Присилно од Македонија сакате да створите на тој начин бинационална држава со етничките заедници. Исто така, после тоа, би следело, сосема нормално и разбирливо конфедерација, а конфедерацијата води кон распарчување на Македонија и повторно безброј пати што го повторив приклучување кон Косово и голема Албанија.

Преамбулата не смее да се менува, туку таа може само да се дополни, оние малцинства кои беа испуштени во претходната преамбула, тоа е моето видување. Факт е дека Македонија постоела како држава и од 1946 година до 1991 година во рамките на Федеративна Република Југослaсвија. Тој период треба да се констатира во Преамбулата бидејќи тоа е наше минато, никако не смееме тоа да го негираме. Овој период е нишката што ги поврзува АСНОМ со Република Македонија како независна држава. Господа пратеници од албанско етничко потекло спомнаа дека и тие учествувале во НОБ, па тогаш зошто да го отфрлиме ако и тие учествувале, значи заеднички е интересот.

Господа албанци, ако настојувате по секоја цена да се промени Преамбулата, да не постои македонски народ, тоа ќе значи дека сте против македонските државни интереси, со цел да се избрише вековното име Македонија и да се разгради македонската држава. Со тоа само ќе ги потврдите големоалбанските цели или големоалбанските апетити кои се присутни на овие простори и промовирани се со безброј карти, во кои карти ја има зацртано и Македонија.

Со предефинирањето на преамбулата на Уставот се врши целосно обезличување на македонскиот народ и омаловажување и бришење на еден од најстарите народи и најцивилизираните народи во минатото.

Неможам никако да ги сватам охридските свадбари. Тоа повеќе мене ми личеше на свадба, отколку на некој си договор. Како можеа да го избришат македонскиот народ или како можеше да си ја заборават невестата бидејќи невеста би бил народот, а претседателот би бил зетот, и го избришал. Јас не верувам дека досега некоја свадба е одржана или спроведена без невеста. Секогаш зетот оди со невестата и сега дополнително се враќаме повторно на народот односно на свадбата. Или обратно, мора да сватиме дека неможе да постои држава без народ, ниту народ без држава. Да земеме пример, ако Германија постои, постои германски народ, ако Франција постои постои француски народ, ако Турција постои како држава постои турски народ, ако Албанија постои албански народ. Зошто и како одговорете ми тогаш може да не постои македонски народ а да постои македонска дражва. Во таков случај бидете сигурни дека и македонската држава нема да постои ако не постои македонски народ. Некој можеби и тоа го сака, со право тогаш соседите, грците ќе не прашаат каква држава сакате да е Македонија кога немате народ. И со право бугарите тогаш ќе прашаат каков народ, нема македонски народ, тогаш вие сте бугари. Некој тоа го сака. Дали свесно или несвесно, но запаѓаме во тие нечесни игри. Ако не постои македонски народ логично е дека не постои македонска држава, додека ако имаме македонска држава тоа ќе значи дека ќе имаме и македонски народ. Тие два поими се во тесна корелација народот со државата. Со бришењето на македонскиот народ и албанското малцинство, како и нивното ставање во ист кош, би се створиле услови за постојани караници и недоразбирања. Сето тоа некој свесно го смислил кога го именувал македонскиот народ како етничка

заедница и албанското малцинство како етничка заедница и на тој начин ќе формираме држава со две етнички заедници. Со непостоењето на македонски народ се создава можност да се створи бинационална држава меѓу етничките заедници а што е уште потрагично, ако тоа не се овозможи, ако се избрише македонскиот народ меѓу овие две етнички заедници, меѓу албанската и македонската етничка заедница можеби во почетокот ќе постои името Македонија, но во иднина со право албанската етничка група ќе праша зошто оваа држава се вика Македонија кога нема македонски народ, ќе бара да се смени името. Упорно како македонци ќе настојуваме да го задржиме името Македонија, упорно албанците ќе бараат името да биде заменето и ќе почнат пазарењата. Многу е битно кој ќе биде претседател на државата тогаш, кој ќе биде премиер и какви успеси ќе има пазарењето. Во тој момент обновата ќе ја бараме и ние и тие како да се договориме да се вика државата. Брзо ќе долетаат олеснувачите и ќе ни предложат, еднаш го кажав тоа, да се вика "Кушкундалево", таа држава знаете дека не постои, некој сака и Македонија да ја избрише, затоа што не ќе можеме да се договориме за името и тогаш олеснувачите ќе ни помогнат па нека се вика "Кушкундалево".

Господа, сакам да завршам со моето излагање, само ќе мора да го слушнете и гласот на народот. Поточно, имам порака од моите гласачи, ќе бидам попрецизен од гласачите на населбата Радишани во која јас живеам. Тие ви порачуваат и на граѓаните на Република Македонија им порачуваат:

"Голема тага срце ми стега,
зашто народот од вистината бега.
Нека бега, но еднаш ќе свати,
за кукавичлук тој ќе плати.
Дали некој од вас се праша
оваа Македонија е земја наша.
Па затоа ве повикувам гласно
да кажеме еднаш чисто и јасно,
да ги искажеме нашите цели,
Македонија нема да се дели.
Ние сме македонци храбри и вредни
не потпишуваме договори бедни.
Народе македонски, дојдете доброволно
да го осудиме ова Собрание болно,
ова Собрание за нас неафирмирано
да го наречеме Собрание ретардирано.
Народот се буди и
дојде време да ви суди".

Тоа е порака господа од граѓаните на населба Радишани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Даневски. (Повеќе пратеници бараат реплика).

Ајде да работиме, ве молам. - Има збор господин Даневски.

(Реакција на пратеници кои бараат реплики).

Добро, реплика за господинот Таири, но ве молам само еден.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Демократот со американска кравата ни држи неколку часови лекции, од кои лекции и ние пратениците и граѓаните на Република Македонија го изгубивме трпението.

Јас ќе предложам претседателе, процедурално, за писателите и за господинот Вангел Симев кој пишуваат книги или им пишуваат книги да ги промовираат од говорницата на Собранието, не е фер да не малтретираат нас граѓаните на Републиката. Затоа, во иднина предлагам тие што мислат да пишуваат книги и да ги промовираат од оваа говорница подобро книгите нека ни ги поделат, ќе ги прочитаме во слободно време (дофрлување од место со зборовите: "како не, ќе ги прочитаме"), или кој сака нека ги прочита. Поединецот или странецот со македонско грчко потекло, за кого јас се сомневам дека е македонец, неколку часови ни држеше предавање за македонскиот патриотизам кога сите пратеници или повеќето пратеници во Собранието на Република Македонија се трудат колку толку да излезат од оваа криза и на граѓаните да им биде подобро дека оваа криза во Собранието на Република Македонија не ја донесоа пратениците од ова Собрание, туку пратениците ја земаа таа улога за да ја смират оваа состојба во државата. Затоа, апелирам до другите колеги кои имаат намера вака да дискутираат, подобро да не влегуваат во вакви дискусии, подобро да зборуваат за преамбулата, за амандманите, а да не ни продаваат патриотизам од говорница. Затоа во иднина јас лично ќе ја напуштам салата и нема да ги слушам таквите излагања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Бињал Љутвии.

**БИЊАЛ ЉУТВИИ:**

Нека се крсти процедурално или деловничка забелешка, но сакам да укажам на следната работа. Господинот Симев ни се обрати на сите овде во Собранието и вели: вие, вие, цело време вршите терор, правите ова, правите тоа. Јас мислам дека претседателот на Собранието треба да укаже на ваквите празни реченици, празна реторика, бидејќи убедени сме сите ние дека ретко некој го следи ова Собрание во директен пренос, но најмалку тие што се обидуваат овде од говорницата да станат "поголеми свештеници од Папата". Всушкост, ваквите и слични идеи се повод и добри аргументи угледните странски политичари

честопати да не прашуваат односно сортата на Симев да ја прашуваат: дали сте за Македонија или за Србија. Се случуваше ова, буквално цитирам, на 24 март 1999 година, кога бевме во посета во Лондон како Комисија за внатрешна политика и одбрана, каде што беше и г. Илија Филиповски, поранешен пратеник од СДСМ, а сега министер во Владата на РМ, потоа тогашниот пратеник и екс министер за одбрана Љубен Пауновски, потоа Наталија Марковиќ-Димова, Петар Гошев, буквално тогаш не праша заменикот на Робин Кук: Дали сте за Македонија или за Југославија. Ако сте за Македонија треба да ги решите тие проблеми. Ако сте за Србија, ние имаме лек, а истиот ден најдоа лек на 24 март 1999 година и почна НАТО интервенцијата односно интервенираше во Југославија и го спаси човештвото, човекот воопшто па и албанецот во Косово. Јас не верувам дека некој му верува на господинот Симев, но сум убеден дека некој сигурно му дал задача така да настапува во ова Собрание преку оваа говорница. Инаку доколку навистина таа би била сопствена идеја на господинот Симев тогаш јас ќе им забранам на моите поранешни ученици да ме викаат професор.

Еден од оваа говорница рече дека господинот Симев прави гимнастика со умот. Се прави гимнастика со тоа што го имаш. Треба да имаш па да правиш гимнастика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што можеме помалку да се навредуваме, значи да внимаваме што зборуваме.

Господинот Мирчевски има процедурална интервенција.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, прво ние немаме услови за работа, немаме доволен број пратеници. Јас предлагам да ја прекинеме денес расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нека влезат пратениците во салата.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Прво, господинот Симев нека одговори на репликата на господинот Билал Љутвии.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да му реплицирам на господинот Мухамед Таири.

Господине Мухамед Таири, можеби за вас оваа седница е малтретирање, но за македонскиот народ оваа седница не е малтретирање.

Него, него, него го реплицирам, не вас.

(Реакции во салата, а претседателот предупредува на ред).

Мислите дека вас ве гледам? Не ве гледам вас. Изгледа си ја имате мувата. Избркајте си ја мувата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам повелет, ајде да работиме.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Бидејќи ова се судбоносни денови за македонија како држава, ова не е малтретирање, ова е сосема сериозно подготвувано. Верувајте или не, барем јас за себе, не сум голем политичар, јас сум мал политичар, се подготвувам ако не повеќе, барем два месеци. Ако толку ве интересира, два месеци, да.

(Реакции во салата).

Да ви кажам, да ја видите хартијата на амандманите, напишано е позади. Дури хартија немам. Хартија од овде користам.

Мене ми е битна Македонија, а не малтретирањето. Затоа, ова се судбоносни денови и не сакам да ја навредувате оваа седница, бидејќи ова е една од најважните седници од осамостојувањето на Македонија до денес што се одржува.

Потоа кажавте за вратоврската. Дали јас носам вратоврска со американско знаме, па вие постојано истакнувате американски знамиња на вашите куќи. Сакам да ви докажам дека јас сум поголем американец од вас, затоа што си дозволувам американско знаме. Да знаете дека има од американците уште поголеми американци.

А, што е најважно еднаш треба да ја научите историјата на Македонија а не на Албанија, дека јас не сум странец со македонско потекло. Јас сум македонец со македонско потекло. Треба еднаш да ја научите историјата кога веќе живеете во оваа историја. Да сте во друга држава, уште овој момент ќе бидете избркани од државата, затоа што не ја познавате историјата на државата во која што живеете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. (Реакции од место).

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Сега реплика на г-динот Љутвију.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа добивте збор.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Тоа беше на Таири. Сега на Биљал Љутвију.

Напомна дека гимнастиката се вежба со ум. Господине...

(Реакции од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дозволете нека доврши.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Точно, гимнастиката се вежба со ум. Да знаете дека без ум, знаете што може да се прави? Кога на кучето ќе му се извади умот, знаете што прави, малиот мозок, само право оди.

Нема спорт каде што нема ум. Ви кажав уште некни дека во висока корелација е умот со физичките способности. Ако сакате ќе ви донесам литература и ќе прочитате, дека спортиста не може да не биде умен.

Потоа, треба да ми го научите името. Не сум јас бугарин. Со тоа ме навредувате. Симеон. Јас сум Симев. Не сум Симеон. Упорно вие Симеон, Симеон. Ми паѓа многу тешко, испаѓа дека сум бугарин. Да ми го запамтите името, Вангел Симев. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, чекајте да заврши репликата.

Има збор г-динот Мухамет Таири.

(Реакции од место со барање збор за реплика).

**МУХАМЕТ ТАИРИ:**

Што се однесува до малтретирањето, спомнав дека не сакам на Собранието да ми се читаат пишувани книги од други автори. Тоа навистина е малтретирање.

А тоа што сте се спремале дваипол месеци, тие амандмани се сменети и сигурно се ептен надвор од употреба.

Што се однесува колку сте македонец, јас само ќе ви кажам колку јас ги разбирам некои работи, Вангел на грчки значи Благоја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да заврши репликата, има збор г-дин Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Сакам да му одговорам на колегата дека читањето и пишувањето и служењето со литература е одлика на секој кој сака да направи нешто поквалитетно и подобро. А, тресењето празна слама, тоа што ќе му текне, може да биде својствено само на г-динот кој си зеде за збор. Јас признавам дека следам литература, читам и се консултирам со литература. Избирам, тоа што сметам дека е најдобро за македонските државни интереси. Си земам за право тоа да го цитирам и автори што нешто значат дали за Уставот или за целокупната дејнсот во државата. Значи, секогаш си земам за право да ги цитирам, бидејќи секако тие повеќе од мене знаат за поедини области.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници, четвртокот беше, моја дискусија тука, се повикав на документ на што г-дин Симев излезе тука и нотoрно, на демагошки начин демонстрира дека еве и тој е поврзан со некои работи што се именуваат наука.

Но, денеска морам да бидам малку попрецизен, ако сака г-динот добро да ме слуша. Конкретно за преамбулата, што е предмет на расправа и на денешната седница, пишува вака и така почнува Уставот на Република Македонија:

"Тргнувајки од историското, културно, духовно и државно наследство на Македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода за создавање своја држава, а посебно од државноправните традиции на Крушевската Република...", и понатаму продолжува. Јас токму за овој дел што е предмет на расправа, на што се повикуваме, извадив доста податоци од Архивот на Република Македонија, турски документи за Илинденското востание.

Тука работеле група професори, почитуваниот Александар Стојановкси. Дента беше кога реков за Матковски, а денеска кажувам за професор и доста почитуван Александар Стојановски. Професорот на едно место, за жал, велам за жал, пишува дека "па сепак останува уште доста простор за објективно утврдување на сите фактори што овозможиле употреба на етнонимот бугарин за словенското население во Македонија да биде толку присутно" и т.н. и т.н., тој продолжува.

Требеништа е село во Славна Дебарца, према Охрид и Охридско. Тука загинале, по повод една мала препирка со Османлиската власт, кај загинатиот во неговата капа пишувало "жртва за слобода". Тоа што кај нас е доста употребено слобода или смрт, кај "Табекерата" на големиот наш херој Гоце Делчев – „слобода или смрт“. Меѓутоа, слобода или смрт овде во неговата капа и тоа во Требешница, пишува - жртва за слобода што сепак индикација дека самиот воин се изјаснил за Бугарија.

Потоа, под Бугарија, така вика дека е, баш Чауш Черкез Дачо, некој војвода, истиот се изјаснува исто така. Одиме понатаму, не сакам да ве разочарам господине, но меѓутоа, останува Македонија да ја бранат навистина кои не се македонци. Една српска пословица, пословица, на српски тоа го кажувам, вака вели " Гори је потурак од самог турчина". Жалам што г-динот Вангел Симев, еден потурица толку да има ... (Реакции во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, правото за реплика од пет минути измина.

Ве молам завршете сега.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Турски опширни тефтери, не знам колку ги има, над 30, извршен 1453 година, никаде во тие пописни опширни турски тефтери ве нема, македонец и македонци. Ама нема. Воопшто. Луѓето се имаат изјаснето како Бугари, како Влав, како Грк... (Бурни реакции во салата). Слушај ме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Готово е г-дине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Одиме и на една, исто така ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, готово е. Времето истече. Ве молам исклучете го.

Готово е. Немате вие веќе можност. Ве молам напуштете ја говорницата. Немате веќе право да зборувате. Во тоа е работата. Вам ви мина времето.

За реплика има збор г-дин Симев. Нека одговори на репликата.

Да го ислушаме уште г-динот Симев, па потоа нешто да се договориме.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ми дофрлуваат колегите овде дека не сум личел на Цар Симеон, туку сум личел на Цар Самуил.

Колеги, бидејќи се служам со литература, не сакам напамет да зборувам, можеби ми е тоа мана, недостаток, за албанските пратеници, македонски пратеници со албанско потекло, нека ја слушнат вистината, точно од литература:

Во Скопје, господо, 1953 година живееле само 3107 албанци. Во 1961 година живееле 11.908 албанци. Во 1971 година живееле 22.705. Во Куманово живееле во 1953 година 951 само албанец, а во 1961 година 1893, во 1971 година 6.327. Или, вкупно 1953 година во Македонија живееле 21.359 албанци. Господо, немојте да измислувате бројки што не се засновани, што не се изградени што не произлегуваат од литература. Немојте да зборувате на памет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Репликите завршија. - Има збор г-дин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници, ајде да заборавиме, времето низ историјата, нека зборуваат историчарите. Мојот повод за моето јавувања е тоа што е ова крајна фаза на промената на преамбулата на Уставот и дел од Уставот, тоа не донесе мир. И деновиве се пука. И деновиве уште не се ослободени дел граѓани кои не знаеме што се случува со нивната судбина, дали се убиени, дали се во заложништво, дали се киднапирани. И, се се врти, целата приказна дека за албанците главен генератор на кризата во РМ е Уставот. За Македонците дека е нешто подлабоко. Никако да ги усогласиме ставовите помеѓу македонците и албанците.

Дали вечерва треба да го погребаме, да го убиеме, да го отстреламе Уставот, дали да кастрираме дел?

Дали тоа, ако го направиме, ќе донесе мир во Република Макеоднија?

Ова беше повод за моето јавување по трети пат на оваа говорница, затоа што до ден денеска истите укажувања беа нема да постои мир. Ме загрижува јавувањето на еден пратеник кој меѓу редови кажа една порака што треба да остане и да се запише, затоа што таа порака што ја кажуваа таму, оваа година, во месец март и кога најавуваа дека ќе има војна, дека ќе има ред други работи, дел од пратениците не го сватија сериозно, дел од државното раководство не свати сериозно дека може да се случи. Но и тоа ни се случи.

Имено, што ни е пораката, пратеник? Оваа генерација албански политичари ја завршуваат нивната одисеја. Нивното историско патешествие ќе заврши тука. Пораката беше дека проблемот во македонија се институциите. Проблемот не е македонскиот народ, туку се институциите, а борбата против институциите ќе биде со многу години. Значи тоа би било некако световна војна. Тоа е прашањето што треба да го размислат сите тука во оваа сала и оние кои се надеваат и преферираат да бидат на повисока функција во иднина.

Дали ние имаме во моментов во Македонија либанизација, што сака да го каже дел медиумите, дел политичарите, дали имаме окупираност на Македонија, дали Македонија контролира една четвртина од својата територија, дали македонија потпиша предавство и дали Македонија во овој момент врши државен терор како што милуваат да кажат нашите колеги пратеници?

Многу пати, од многу наши колеги тука, албански пратеници се кажа дека се врши државен терор. Кој го врши државниот терор? До ден денеска ние не отворивме прашање и стои тоа прашање како отворено Што е тоа државен терор? Кои се тие кои вршат државен терор?

Кога става збор за преамбулата што е денеска на дневен ред, мојот впечаток како граѓанин, мене ми наликува во текстот некако како на Обединети нации. Многу лошо, по мое, јас морам да кажам јас сум еден од тие на самиот почеток кој се декларира дека нема да гласа за преамбулата. Тоа е мое право и не подржувам она што значи Рамковен договор и ред други активности што следеа.

Секогаш се водиме по тоа дека го користиме правото на Уставот како

супермаркет или Законот, влегуваме таму, земаме и не плаќаме. Го користиме секогаш она што нам ни одговара,

Ајде да ги замениме сега тезите. Не е ништо страшно да се брани Македонија од позиција на Македонец. Не е ништо страшно албанците да бараат човекови права, еве и со оружје, да кажеме. Еве, тоа е така преведено. Да ги замениме тезите. Секаде каде има албанци има немири. На Косово немири во Македонија немири, во Црна Гора немири, во Албанија немири и во Грција немири. Во што е проблемот. Значи нешто се случува не е баш онака како што треба да биде.

Зошто, еве тука е г-динот Црвенковски не се договорат со Георгиевски нека направат она што и фали на Македонија нека седнат нека направат една македонска влада не е ништо страшно нека биде чисто македонска. Да видиме, албанците нека испаднат од сите институции да видиме дали ќе бидат задоволни. Ајде да видиме. Се направија многу напори да ги имплементираме во сите системи во институциите. Тоа не вроди плод. Еве немаме плод.

Се враќа контра ефект, значи луѓето не се задоволни. Се направија напори, има министри, амбасадори, началници, генерали, и уште што нема, се зголеми квотата во администрацијата, и многу други работи, да не збориме што има јазик, печат и ред други работи. Ајде сега да направиме еден експеримент, да ги смениме тезите еве, албанците нека бидат надвор од институциите да видиме како ќе реагираат. Зошто да не го направиме тоа? Тоа не е страшно.

Она што недостига и што е голема грешка во овој момент што не се дозволи, тоа е референдумот. Зошто ние по едно клучно прашање и за она што значи (му дофрлуваат од место да направи референдум во Свети Николе) не се секирај, во Свети Николе има имало секогаш референдуми. Зошто недозволивме референдум па дали ќе било ретроактивно или не, ова се прикаски за мали деца и непотребно го оптоварувавме народот. Дали ќе бил постфестум, еве нека биде и така, зошто не дадовме право на граѓаните да се слушне гласот на народот. Да слушнеме што ќе каже. Можеби, познавајќи го менталитетот на македонците тие се исплашени од ситуацијата можеби немаше да гласаат, можеби е и македонскиот народ за ова што го бараат албанските политичари. Од што се плашат. Кој ќе добиеше, кој ќе изгубеше. Требаше да му дадеме шанса, знаеме толку напори се направија, јас ги жалам тие луѓе што седат надвор со денови, но еден општ впечаток е знаете македонскиот народ е слаб во душата. Не е одлучен. Ако требаше нешто да се покаже, да се покажеше единство, требаше да се испадне на плоштадот, да испаднеа 100 до 200 илјади народ, да се искажеше незадоволството и нема што да се лутиме. Доаѓа група од 200 до 500 луѓе, влегуваа во Собранието, правеа неред и тука се завршуваше. Од тоа сакаше некој да профитира, дали едните или другите добиваа поддршка од една или друга политичка партија, трети, четврти профитираа, дали ќе украдат некои фармерки, вокмени, телевизори и незнам што, и на тоа се завршуваше. Она правото што требаше да се покажеше дека постои единство во Република Македонија помеѓу македонскиот блок на политички партии, мислам дека не постои. Тоа е најголемата трагедија. Тоа се двете работи што недостасуваат на Македонија со векови. Нема стратегија, нема единство. Тоа е цената која ќе ја плаќаат идните генерации.

Кога станува збор за овој и тн., Рамковен договор кој го потпишаа тие што го потпишаа четирите претседатели на најголемите политички партии и претседателот на државата и сега се поставува другото прашање кој им дал легитимитет. Дали тие имаат легитимитет, бидејќи милуваат да кажат колкав број на гласови ќе имаат и ако се собере статистиката колкави се бројките на сите четири политички партии, ќе испадне дека го немаат тој легитимитет. Дали знаете која е најголемата политичка партија во Македонија? Неопределените гласачи. Некаде се 49%. Тоа е најголемата политичка партија, а не оние што милуваат да кажат ние имаме толку проценти, ние имаме толку и кога дојдоа од Тетово никој не застана и да станеше херој, туку сите бегаа, не застана да даде одговор пред граѓаните, избегаа со телохранители, да кажат што се случува, што ќе биде, што е ова што се случува, бегаа од одговорноста, бегаа од народот.

Сега ќе дојде друго, ќе почне кампања, ќе почнат да се лажат, но, за жал што да правиме ако не можеме да ги смениме политичарите да се смени народот. Друго не постои во оваа држава.

1991 година ПДП не го гласаше Уставот. Ова е многу интересен момент. За овој период од 10 години многу добро си ја изиграа улогата во меѓународната позиција и точно го користеа адутот дека не го гласале Уставот. Факт е дека не го гласале. Сега се наметнува едно прашање дали македонците треба сами да го сменат Уставот? Не. Ова се прави под еден голем притисок, меѓународен притисок, не е лесно и тие што потпишаа ќе си сносат историска одговорност, граѓаните милуваат да кажат дека се предавници на македонскиот народ, дали ова ќе помине, ќе кажат идните генерации. Идните вака. Сега се поставува и друго прашање, не слушнавме во овој момент дали постои можности и друго пореално решение да се надмине оваа криза, да нема војна, да се реши ситуацијата. Дали има некој да кажеме магија да ја надмине целата ситуација што треба да се направи. Мислам дека е крајно време да се каже до каде може да се оди, до каде е крајниот пат на слободното паѓање. Можеби е направена грешка што секогаш се играло на картата на албанскиот фактор да се добијат изборите. Дали да се

добијат локални избори, дали да се добијат парламентарни избори, дали да се добијат претседателските избори. Цената ја плаќаме и ќе ја плаќаме. Тука нема што никој никому да се лути. Во овој момент и она што се формираше и што даваше една надеж меѓу граѓаните тоа беше широката коалиција за спас на Македонија. Широката коалиција беше за пропаст на Македонија. Никакво единство, секој во коалицијата подметнуваше игри и секој сакаше да профитира на свој начин. Дали економски или политички.

Она што останува отворено и што ни прави голем проблем и ќе ни прави, ако било борба за идеали, борба за човекови права, на албанците, она што ни се случи за овие пет месеци мислам дека ние како мала земја не можеме да го поднесеме, тоа е ерозијата во економијата. Потрошени се многу пари. Некој профитираше, поединци или групи, некому му одговара да се војува во Македонија од политички, лични или незнам какви интереси. Но, она што го направивме како црна дупка во економското работење и живеење и стопанството на РМ, треба многу време. Сега станавме зависни и не условувааат од сите страни ни викаат дали за 15 милиони долари ќе потпишете со ММФ, е ќе направите и ова, е ќе се соблечете и гаќите ќе ги соблечете и уште повеќе и ова ќе направите и на крајот е, нема пари. Нема пари. Проблемот е тука. Сега ние се надеваме ќе се случи ова, ќе се случи она, без разлика што јас како пратеник не гласав за ниеден амандман она што земаа одговорност четирите лидери на политичките партии и претседателот на државата мислам дека многу тенко се преговараше иако овој договор меѓународно право не носи никаква обврзувачка обврска спрема другите, тоа е направено локално што ништо не е условено. Она што боли и останува отворено е кој ќе ги сноси трошоците, кој ќе ги сноси штетите, која ќе биде економската повратна инекција за стопанството во РМ, и она што стои како најсуштествено прашање никој не гарантираше за мирот. Во овој договор, го прочитав повеќепати никаде не стои обврска за никого и никој не одговара за ништо, туку тоа е напишано еден пишан текст дел ги обврзува четирите лидери кои ги гмечат од сите страни и тн., олеснувачи, отежнувачи дека ова е момент кој мора да се заврши.

Сега, она што доаѓа најтешката задача доаѓа во парламентот. Парламентот е последниот филтер и тој треба да ја сноси одговорноста би било чесно, тука е само г-динот Црвенковски, но добро разговара телефонски, јас ќе почекам, да даде одговор барем на едно прашање...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете си, нема разговор со поединци, туку треба да му се обраќате само на парламентот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ќе почекам да заврши. Две минути ќе го почекаме, но нека заврши, сигурно има важна работа на Црвенковски, ова беше наменето за него затоа што милува да каже дека се партија со најголем рејтинг, нека размисли г-динот Црвенковски, и кога ќе ги добие следните избори овој дил што се прави со албанците ќе биде на штета на македонците. Јас сум тој што не гласав, ќе се видиме пак, може би избори ќе има во јануари, ова е за мене предавство, можеби овој момент нема да изреагираат македонците затоа што секогаш реагираат инертно, но ќе изреагираат по година, три, четири. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На ред е г-динот Јордан Бошков, а ги молам пратениците да влезат во салата. Има цели пратенички групи кои се комплетно отсутни. Молам да влезат пратениците во салата. Инаку, не работиме додека не дојдат, нека причекат г-динот Бошков, нека дојдат луѓето, треба да дојдат.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г-дине претседател јас сум му должен на претходниот говорник г.динот Даневски со кого заеднички и со други двајца колеги ја прогласивме групацијата за заштита на Уставот на многу нешта што ги кажа во овој период и некои нешта што ги испушти, а можеше да ги спомне, решен сум да не го одолговлекувам овој мачен процес на дебата и на некој начин не дека сум се помирил со злобниот дух кој произлегува од овој Рамковен договор, злобен дух, посебно за младите, бидејќи за нив не се отвораат перспективи.

Ако нашите ценети соговорници од белиот свет, а ние го цениме посебно белиот свет, не толку сивиот и црниот и жолтиот, туку белиот го цениме, ако тие ценети г-да имаа малку разбирање за потребите на нашите млади генерации, барем две нешта ќе ги сработеа во меѓувреме незнам можеби биле доставени до нив, како барање, а можеби не биле, а и да не биле морале да се апсолвираат, тоа е прво укинување на визите за слободна циркулација ширум Европскиот континент таму каде што се нашите ориентации, за обединување, за приклучување.

Второ, тоа е нашиот идентитет, а и идентитетот на нашите млади поколенија, такви нешта не видовме и дополнително за потребите на безбедноста на тие млади, мое лично гледиште е дека на лицата овде во Република Македонија кои ја заминале 40-тата година најдобро место им е пензионерското, многу малку можат да придонесат, но дополнително за тие млади вредеше да се дадат безбедносни гаранции, гаранции дека нема да биде возможно одново настанување на терористички групи и разни други војски или паравојски што било, но и од тоа нема ништо. Напротив еден страотен цинизам нема пари, нема поддршка, било да станува збор за светска банка, било за ММФ, било за Европска комисија каде сакате да погледнете освен

достоинственото држење на неколку национални влади, никој друг на РМ, не и дава скршен грош финансиска поддршка. Тоа е срамно. Не е срамно за нашата политика иако е мнсгу болно и непријатно за тие што се на тие функции, но, срамно е вака да се однесува белиот свет. Морам да нагласам белиот свет кон РМ, посебно кон нашиве идни генерации. Тука нема да има никакви отстапки. Тоа што се промовира ценети мои колешки и колеги со овој договор, тоа е перманентна, постојана, непрестана борба и тоа во секаков вид *со* секаков облик, субверзивно, подземно, со оружје, со терор, без терор, вербално, медиумски, прекуинтернет и кои и да се средства, тоа се плодовите од овој Раммковен договор и за навек ќе немаме мир и спокојство барем не онака како што ние го запознавме во текот на минатите децении Тој неспокој, тој немир ќе ги разори било кои заедници, па и семејни од било кој етнос, од било која религијска позадина. Тешко на идните генерации во таа иднина што ние ја зацртуваме тука со оваа Рамковна спогодба и бидејќи не сакам да должам, затоа што вие си имате на некој начин директиви разбрано или не зошто го следите, оставам на совест кај вас, јас се обидов позитивно да го читам амандманот IV, во него има неколку недостатоци и затоа г-дине претседател поднесов еден амандман според пуката што ја добив од стручниот дел на службите само еден но всушност тој се однесува на три нешта во тој амандман и убаво е да претрпи некаква измена тие нешта што ги сугерирам во мојот амандман подоцна ќе ги елаборирам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На ред е г-динот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Јас мислам дека расправаме за една сериозна тема на која треба сите сериозно да и пристапиме. Меѓутоа, гледам дека овде во собранието има пратеници кои не се сериозни и се занимаваат со други прашања и го оставаат на страна прашањето кое треба да се реши да најде ме заеднички јазик.

Вие знаете спомнаа неколкумина пратеници дека албанците или претставниците на ПДП не го прифатиле Уставот од 1991 година, и понатаму јас тврдам и ќе тврдам дека овој актуелен Устав беше генератор на кризата поради тоа што немаше еднаквост и рамноправност на сите граѓани на РМ, во сите свери на животот.

Безброј пати пратениците на ПДП и другите пратеници Албанци од другите политички партии сугерираа, предлагаа пред ова собрание да се напрват измени каде во оваа држава ќе се третираат сите подеднакво без разлика на која националност припаѓаат, меѓутоа тврдоглавоста и останувањето во своите ровови и немајќи слух за барањата на албанците во РМ, дојде кризата и сите бевме заинтересирани и сите конструктивно пристапивме на тоа прашање дајте г-да, да најдеме консензус како да излеземе од оваа криза.

Република Македонија во времето на кризата направи коалициона влада за политичко единство се со цел за да најдеме заеднички јазик, потпирајќи се врз јазикот на аргументите за да излеземе од таа криза, да дадеме уште една шанса на мирот и да се врати стабилноста во Репбулика Македонија.

Се обидовме тука во РМ, под покровителство на претседателот Трајковски сите претставници од сите пратенички групи што се претставуваат во Собранието да најдеме заеднички јазик да се авансираат правата на албанците во РМ. Тука не можевме самите и кај претседателот Трајковски да најдеме заеднички јазик. Сите ние тука почнувајќи од претседателот на државата Собранието и Владата ги повикавме олеснувачите да ни помогнат за да излеземе од таа тешка состојба во која се наоѓавме. Затоа сега воопшто не ги прифаќам обвинувањата на одредени пратеници до меѓународната заедница дека таа помага на едните, а работи на штета на другите пратенички групи или врз еден етникум. Затоа мислам дека сите тие обвинувања што одат на адреса на меѓународната заедница и на адреса на самите албанци, за нас се неприфатливи. Ние како претставници на народот претставени тука во Собранието заедно сите четири политички партии или поголеми политички партии претставени во Собранието се собравме во Охрид под покровителство на г-динот Трајковски претседател на државата. Таму се одвиваше дијалог помеѓу македонците и албанците за да најдеме решение кое ќе биде прифатливо за двете страни. 12 дена работевме нонстоп, работевме заеднички, работевме во присуство на олеснувачите, за да дојдеме до некои решенија кои ќе бидат прифатливи и за албанците и за македонците.

Вие ги знаете барањата на Партијата за демократски просперитет, го направивме максималниот компромис што е можен во самиот Охрид за да дојдеме до еден договор, за да му дадеме уште една шанса на мирот и да се врати мирот и стабилноста во Република Македонија. Сите лидери на политички партии се согласивме со тој Рамковен договор. Не бевме избрани ние дека сме најубави, најпаметни да одиме во Охрид, беа избрани четирите лидери дека тие го имаат мнозинството во ова Собрание. Јас потполно ги сфаќам политичките партии, или помалите политички партии кои реагираат на овој договор, бидејќи не беа дел од тој политички процес. И имаат секакво право за да реагираат и да ги обвинуваат лидерите на политичките партии кои се потписници на овој договор. Меѓутоа, несфатливо беше да реагираат политички партии кои беа потписници на Рамковниот договор и да се поплакуваат кај Меѓународната заедница и да зборуваат неафирмативно за самиот Рамковен

договор, иако позади тој договор седеа и нивните потписи. Ние како ПДП стоевме зад тој Рамковен договор и насекаде каде што се појавивме афирмативно зборувавме за тој Рамковен договор. И од друга страна, првата фаза, иницијативата за измена на Уставот на Република Македонија помина со огромно мнозинство во ова Собрание, исто така и втората фаза. Меѓутоа, се случува преседан во третата фаза каде од страна на претседателот на државата во својство на предлагач на амандманите без да има некаков мандат си зема за право да прави измена врз текстот на Амандманот IV што се однесува за Преамбулата и за рамноправноста на верските заедници. Јас мислам дека правило е тоа, ако еден договор се постигнува помеѓу сите страни, истите страни треба да седнат и да се договорат дали има простор да измениме нешто од тоа, или пак ќе останеме на тоа. Меѓутоа, до тоа не е дојдено. Затоа мислам дека тука со овие измени што се прават од страна на претседателот на државата во својство на предлагач на амандманите, јас мислам дека со овие измени се остава простор и понатаму да не бидат решени проблемите на албанците во Република Македонија и да остане простор да не бидеме задоволни со сето тоа што ќе биде постигнато со усвојувањето на амандманите во Собранието на Република Македонија. На крајот на краиштата ние направивме голем компромис во нормативниот дел на Уставот, затоа што постигнавме еден консензус околу Преамбулата на Уставот. Ние сите па и претседателот Трајковски, па и Собранието, па и Владата, па и сите претставници на политички партии одевме кон зајакнување на граѓанскиот концепт на државата. Иако ние предложивме тогаш и пред олеснувачите и пред македонскиот блок на политички партии дека ПДП се залага за бинационална држава Македонија да биде заедница на македонскиот народ и на албанскиот народ и на другите етнички групи кои живеат во Република Македонија. Тоа беше неприфатливо од страна на македонскиот блок на политичките партии, па и од Меѓународната заедница. И затоа и ние го направивме целиот компромис во нормативниот дел на Уставот и дојдовме до заедничко решение и прифатливо за двете страни во Преамбулата да стојат граѓаните на Република Македонија, затоа што не убедија нас како претставници на ПДП дека ова не е во тренд со европските норми и тн. Затоа, во Европа треба да се гради граѓански концепт на држава и тн. Јас заради објективно информирање, или излагање и пред јавноста да ви кажам дека ние не бевме воопшто задоволни со употребата на јазикот кој го регулира Амандманот V кој е предложен сега. Меѓутоа, не бевме согласни и со тоа дека нашето барање беше во Република Македонија да има две нивоа на полицијата: локална полиција и централна полиција. Меѓутоа, целиот овој компромис го направивме затоа што најдовме заеднички јазик во сите амандмани. И сега ова веќе е една политичка игра на претседателот Трајковски и на македонскиот политички блок. Ги убедивме албанците да ги прифатат сите други амандмани. Ајде сега ние ќе направиме една политичка игра, плачејќи пред Меѓународната заедница, ајде сега ќе ја промениме Преамбулата, Амандманот IV што се однесува за Преамбулата и Амандманот VII за рамноправноста на верските заедници. Ве молам господа, ако вие имате проблеми и ако македонскиот квалитативен блок има проблеми со своето гласачко тело, дали ние нема да имаме проблеми со нашето гласачко тело? Па нас ни требаше огромно време за да ги убедиме нашите гласачи дека Рамковниот договор е најдоброто решение што е прифатливо и од македонската страна и од албанската страна и од Меѓународната заедница. Тука не изигра и Меѓународната заедница што мораме да го кажеме јавно, дека таа Меѓународна заедница ни ветуваше дека ние треба афирмативно да зборуваме за Рамковниот договор, дека ние стоиме зад тој Рамковен договор и не смее ниедна запирка да се измени од тој Рамковен договор. И сега сакаме да бидеме рамноправни, или сакаме и понатаму да тераме по старото, македонскиот народ да биде доминантен кој ќе доминира со другите. Албанците и понатаму ќе останат граѓани од втора и трета категорија. Па вие гледате дека имавме многу проблеми во овие изминати 10 години. Некој си пратеник тука во ова Собрание кажа дека албанците биле и досега рамноправни. Јас само ќе ве потсетам, каде бевме ние рамноправни, дали во пропорционалното застапување, дали во образованието, дали во културата и тн. Јас морам тука да спомнам дака ние во државната администрација бевме застапени едвај со 2% или 3%, дека некој си пратеник тука во ова Собрание рече дека на штета на македонскиот народ, добивале албанците. Сакате да го земеме МВР каде имало само 2 или 3% од албанците, сакате да ја земеме одбрана, или поточно, еве да одиме во еден хуман сегмент во здравството, еве ќе набројам колку доктори има вработени во Клиничкиот центар во Скопје. Можам слободно да ви кажам дека јас можам на прсти да ги избројам, четири или пет. И понатаму сакате да продолжиме така, и сакаме соживот, и сакаме добри односи? А јас од друга страна сакам да ви укажам и во образованието што некој си пратеник тука во ова Собрание рече: Што бараат албанците, тие се рамноправни и во образованието. Нас со Уставот ни е овозможено основното и средното образование на мајчин јазик. Во 1994 година немајќи кадар за предавање во основните и во средните училишта, албанските интелектуалци фсрмираа тетовски универзитет, високо образование во Тетово. Не го формираа тоа затоа што им беше толку голема желба, го

формираа дека останавме без кадар. По растурањето на бивша Југославија каде можевме ние како албанци да студираме во Приштина и во другите центри на Југославија, по осамостојувањето на Република Македонија ние немавме веќе каде нашите средношколци да се запишат во двата универзитета што постоеја во Република Македонија. Значи, тоа ли е рамноправност, едните, македонската страна да има два универзитета, а албанците да немаат ниеден, или тој што е формиран од страна на интелектуалците албанци и кој е подржан од страна на политичките партии што делуваат во Република Македонија и сега било тоа рамноправност. Потполна нерамноправност. И сега, со овој Рамковен договор тоа прашање не е решено, тоа прашање ќе биде извор на кризата и понатаму. Затоа ние тука сите заеднички треба да смогнеме сили за да најдеме решение и за тој тетовски универзитет, дека таму има огромен број на студенти, со илјадници. Само оваа година во прва година иако е отворен универзитетот на Штул, или универзитет на Југоисточна европа примени се над 3.000 студенти и нема веќе место и има уште многу заинтересирани. Затоа во овој правец ние сите треба да смогнеме сили да не му дадеме шанса пак да биде тој извор на кризата во Република Македонија.

Од друга страна јас ќе се обидам пред јавноста да кажам дека има многу шпекулации дека албанците во Република Македонија се против македонскиот народ. Тоа господа не е точно воопшто. Меѓутоа, ние ниту сакаме да земеме од некого, меѓутоа ги бараме нашите права што ни следуваат, дека тука ние во Република Македонија не сме ниту кираџии, ниту сме дојдени од некоја друга земја. Ние и нашите предци тука се родени, тука живеат и нашите идни генерации тоа ќе го направат. Затоа ве молам ако сакаме да живееме, да имаме добар соживот, мораме да бидеме толерантни едни кон други. Не смееме секој да остане во својот ров, не смееме да бидеме тврдоглави, дека таа тврдоглавост не доведе до оваа состојба во која сме денес. И денеска седнуваме да расправаме за нештата за кои сме можеле да расправаме пред појавувањето на кризата во Република Македонија. Некој си тука вика дека под закана на оружје се менува Уставот на Република Македонија. Кризата се појави, конфликтот беше во Република Македонија и ние сите заеднички седнавме да го најдема изворот на кризата, кој е генератор на кризата во Република Македонија. Испадна и со ова се демантираат сите тие што викаат дека Уставот не е генератор на кризата, испадна дека генератор на кризата е Уставот на Република Македонија. И зато го менуваме Уставот, драги господа пратеници, не дека ако не беше Уставот извор на кризата немаше да дојде до промена и да поднесеме амандмани за измена на Уставот. Вие знаете многу добро ПДП реагираше и во првиот Устав. Вие рековте дека направивме најдобар Устав во Европа, дека сите ги имаме своите права. А знаете вие добро како го толкуваше Утавниот суд самиот Устав на Република Македонија кој беше донесен од ова Собрание. Вие тогаш рековте дека овој Устав добил и виза од европските институции како што е господинот Бадентер. И кога се појави кризата, вие рековте дека ние нема потреба да го менуваме Уставот, дека тој што ни дал виза за овој Устав ќе доаѓа на ревизија и ви кажа дека овој Устав нема потреба да се менува. Откога почнавме ние да разговараме и кога имавме притисок од Меѓународната заедница, истиот тој Бадентер рече дека јас ќе ги тужам овие другите за авторство, затоа што ги зеле моите мислења. Значи, и тој имал мислење и сакал да каже дека овој Устав треба да се измени, дека со овој Устав нема граѓанска и национална рамноправност за сите што живеат во Република Македонија.

И сега, откога и ние сите постигнавме нешто заедничко за да надминеме оваа состојба во која се наоѓавме, доаѓаат други предлози од страна на претседателот на државата и вика: ние сега ќе го измениме текстот на Преамбулата и за рамноправноста на верските заедници. Јас само би го прашал предлагачот, како можеше првично да зборува афирмативно за тој текст на Преамбула, а сега одеднаш ги слушам и предлагачите го оправдуваат новиот текст на Преамбулата. Па кога беа во право? Во првата варијанта, во таа што ја постигнавме во Охрид, или за ова сега што е изменета, не можам да кажам под притисок, туку ова е една политичка игра за да владеете уште со другите, уште другите да ги третирате како граѓани од втора, или од трета категорија. Јас само ќе ви кажам дека има некои што го фалат и овој текст на Преамбула. Јас ова сум го слушал од правниците, ниту сум правник, меѓутоа еве ќе земам за право, тука се професорите по право најверојатно ќе можат и да одговорат. Ако еден студент положи кај професорот по право и го прашува професорот студентот, што е национално малцинство? Ако сака тој студент да земе шестка, не повеќе, тој треба да одговори дека национално малцинство е дел од народот кој живее надвор од својата држава. Како вие што пишувате, дел од албанскиот народ. Ние навистина сме албанци, меѓутоа, ние не сме дојдени од никаде, ние сме тука родени, ние тука живееме. И затоа за нас е неприфатливо. Сега тука ќе се осврнам на тоа дека ние воопшто не сме против македонскиот народ кој е мнозинство во оваа држава, меѓутоа не смеете никако да не направите дистинкција помеѓу албанците и другите кои живеат во Република Македонија кои едвај постигнуваат 0,4%. Па вие пред некој ден тука го слушавме и господинот Саво Климовски кој имаше потполно право. Се чудат вика Власите, станале дел од народот. Во

која држава живеат тие, каде тие како народ се формирани и тн.? Или пак да одиме кај рамноправноста на верските заедници. Ако вие пратениците од македонска националност ги слушате тоа што викаат архиепископите, поповите и тн. и вие потпаѓате под такви нивни закани, па и нас може да ни се закануваат. Како смеам јас да го прифатам тоа? Дали во оваа држава ќе бидеме сите рамноправни, или ќе кажете дека во оваа држава главен протагонист, патрон е македонскиот народ. Затоа тука сме веќе во спротивност, вие самите сте во спротивност. Сакаме да изградиме држава, сакаме сите заедно да ја заштитиме оваа држава, а правата кои произлегуваат од оваа држава сакаат да ги искористат само една нација. Ве молам, каде е тука рамноправноста? Затоа ние тука предлагаме, дајте господа не давајте шанса да остане простор да не ги затвориме политичките прашања, да не им ставаме крај на нашите политички барања. Иако го постигнавме тоа, сепак некој си сака да подбуцнува, некој си сака да остава некој простор. Ние како ПДП овој нов текст на Преамбулата нема да го прифатиме, нема да го прифатиме, заради тоа што ние остануваме на тоа што го прифаќаме Рамковниот договорт. Ако сакате да го измениме тоа, дајте ние четирите лидери да седнеме под покровителство на господинот претседател, господинот Трајковски, па тука да бидат и олеснувачите и ќе зборуваме со јазикот на аргументите и ќе најдеме решение кое ќе биде прифатливо за сите страни. Ако вака тврдоглаво се оди, ние сме мнозинство, ние ќе ги мајоризираме другите кои се во помал број во Собранието, тогаш не сме постигнале ништо. Сакаме да постигнеме, сакаме да ги решиме овие прашања и да се осврнеме на други прашања во државата, во економски правец, во сите други сегменти кои сегменти го тангираат секој граѓанин. Дајте да ги затвориме заеднички. Нема да се направи ништо ако и понатаму форсирате да самите можете да донесете нешто без наше присуство, без наше гласање, обидувајќи се нас да не мајоризирате.

Ќе се случи истото тоа што се случи во 1991 година и што тие последици ние денес ги трпиме. Затоа, тоа е и мој предлог и предлог на мојата пратеничка група, дајте да не се избрзуваме, дајте да седнеме, да се договориме, да најдеме заеднички јазик, да биде за сите добро.

Ве уверувам дека ниеден граѓанин во Република Македонија не сака војна. Ни еден граѓанин не сака ова да заврши, не гласајќи еден дел, или еден потписник од тој Рамковен договор. Затоа нашиот предлог, кој можеби е доставен и до претседателот на државата, треба да го разгледате за да ја надминеме оваа состојба и сите заеднички да дојдеме до еден консензус што ќе биде прифатлив за сите страни и да го продолжиме животот и да почнеме да работиме во другите свери. Инаку, ќе испадне истата состојба, пак барањата на албанците нема да се исполнат и ќе доаѓаме секогаш да бараме. Меѓутоа, едно да ви биде јасно. Не бараме туѓо. Не бараме да го оштетиме некој друг. Ги бараме нашите природни права, нашите природни права кои ни следуваат, затоа што и ние сме граѓани на оваа држава и никој нема право да ни кажува дека во оваа држава сме кирации и да не прозива со тоа дека албанците во Република Македонија не размислуваат за зајакнување на сопствената држава, туку секогаш мислат за туѓа држава, за Република Албанија. Тоа не е точно. Таа теза веќе неколку пати ја демантиравме. Меѓутоа тие што сакаат да направат маркетинг, а немаат аргументи, ќе не обвинуваат со тоа. Ние сме граѓани на оваа држава, во оваа држава имаме обврски, а сакаме да ги имаме и правата. Меѓутоа нема да дозволиме да бидеме граѓани од втора или трета категорија. Затоа ве молам, во овој правец треба да размислиме сите добро, да размислиме за доброто на сите граѓани во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јавува пратеникот Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, беше инспиративен говорот на господинот Вејсели. Кога не 6и ги слушале претходните говори или ова што сега го кажа, навистина да му веруваме.

Немав намера да земам збор, еве водиме расправа околу тоа подолго време, имено, после неколку месечна расправа и во неколку фази за тоа што треба да го спроведеме денес, утре или во некој нареден ден, зборуваме за нешто и сега веќе не можеме да ги препознаеме искажувањата на луѓето, од првото нивно искажување па до сега. Некако тоа ми е несватливо. Имено вие г. Вејсели до вчера зборувавте едно, а сега сосема нешто друго и самите нас не доведувате во дилема што треба да направиме. Вие треба сами да разберете, целата постапка која трае веќе неколку месеци и прво вашиот избор што сами рековте на времето и многу од вас овде од говорница дека вие се решивте со оружје да барате некои права, човекови права, а сега зборувате дека вие сте за соживот, за градење на некаква држава. Која држава, кога веќе вие ја разградивте.

Последната седница мислам најконструктивен беше мислам господинот Петар Гошев кој ви кажа која е штетата што ја нанесовте со вашата идеја за борба за човекови права.

Тоа вие веќе вие го кажавте. Сега зборувате за некакви права и за права на некаква држава. Толку сте контрадикторни што

навистина не можам да ве разберам што заправо вие сакате да кажете. Престанете веќе со тоа. Вие сами се побивате, со вашите искажувања од почетокот на расправата па до сега. Вие кажавте, се решивте со оружје да добивате човекови права. Сега правата за кои зборувате ќе дојдат на изгласување и престанете веќе вакви демагогии да ни продавате, на 5 мин. од моментот кога треба да се реши, кога сите не ставивте, да не речам на една гилотиња, сите пратеници дали сме или не сме за нешто што треба да го одлучиме овие денови. Немојте со такви тези.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално се јавува г. Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Бидејќи од претходниот говорник беа искажани интересни, повторно тези и повторно со доста емоции, господата претставници на претседателот Трајковски, дали чувствуваат потреба, не ние пратениците, туку тие, јас сега гледам во нив и го гледам претседателот на државата, некои работи да разјаснат, веднаш, овде во овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г. Вејсели, да одговори на претходната реплика.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ми се чини јас бев многу разбирлив. Меѓутоа, ако не сака некој да разбере, тоа е веќе нешто друго. Вака ако продолжиме, како што господинот Крале Спанчевски излезе на говорница, тоа ќе не одведе таму каде што ќе не одведе, во тој правец што не го сакаме ни ние, а најмалку вие.

Ние никогаш не сме зборувале на друг начин.

Рамковниот договор го потпишавме сите политички партии односно го потпишаа четворицата лидери на поголемите политички партии претставени тука во ова Собрание. Тоа се ВМРО, СДСМ, ПДП и ДПА.

ПДП воопшто не го напаѓаше Рамковниот договор. Рамковниот договор го напаѓаше токму пратеникот кој сега зборуваше овде на говорница. Јас секогаш и пратеничката група на ПДП сме сакале да изнајдеме решенија кои ќе бидат прифатливи и цело време по потпишувањето на Рамковниот договор ние афирмативно зборувавме за Рамковниот договор. Сега кој е во право и кој доведе до оваа состојба, пад да разговараме за истото нешто. Сите се согласивме дека Рамковниот договор е најдоброто решение за излегување од кризата. Кој го прави сега преседанот. Кој дава други предлози, со тоа што ги менува првичните ставови. Вие знаете дека ВМРО-ДПМНЕ пред една недела со Рамковниот договор сите стоеја на говорница. Денес сите траат и се чудат што ние правиме. Ништо не правам јас. Јас само ќе повторам.

Господа пратеници од сите пратенички групи, дајте да не избрзуваме, дајте да седнеме и да најдеме решение прифатливо за сите нас. Овој нов предлог не е прифатлив за ПДП, не поради тоа што сме против македонскиот народ, дека ги лансирате тезите и пред меѓународната јавност дека ПДП е против македонскиот народ, ПДП не сака соживот. Не е точно тоа. Точното е дека ние сакаме да бидеме рамноправни во оваа држава. Ако вие не сакате рамноправност, треба тоа да го кажете јавно. Јас во мојот говор реков, треба да се направи динстинкција меѓу албанците и другите кои живеат во Република Македонија кои се одвај 4%. Јас не знам што можеме друго тука да кажеме. Ако намерно не се сваќаме, тоа е веќе нешто друго. Меѓутоа најдобронамерно го реков ова, за да излеземе од оваа состојба, дека не сме во состојба да прифатиме статус на малцинство, исто со власите, србите, ромите итн, дека сепак ние и бројчано сме многу повеќе од власите во Република Македонија. Според службената статистика, која јас никогаш не ја прифатив, сме 23%. Добро, македонците се мнозинство. Меѓутоа, албанците се втор народ. Од овие два народи зависи Македонија како ќе тера натаму. Треба тоа да го сватиме. Добронамерна е целата оваа работа. - Ако сакаме да бидеме неразбрани, тоа е веќе нешто друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господинот Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Сакам да напоменам дека за се она што го имам кажано во првиот мој говор, уште кога почна првата процедура околу можните уставни промени. Ако добро се сеќавате моите зборови беа, сега вие го спомнавте истото, да седнеме и да се договориме. Јас сум свесен дека вие и сами не бевте задоволни од првиот Рамковен договор.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ние бевме.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Не, сами си кажавте. Многу говорници од вашата партија рекоа дека не се задоволни со она што е зацртано во Рамковниот договор. Јас реков, нека седнат сите односно лидерите кои го потпишаат договорот, што не е грешка ако го повлечат овој Рамковен договор, но да направиме едно единствено дело со кое ќе бидат задоволени сите страни. Тоа беше мое искажување. Проверете го стенограмот и ќе видите.

А сега, да менуваме некакви тези, јас сум за тоа и сега. Пак ќе изгласаме нешто во кое некои ќе бидат задоволни, а некои нема да бидат задоволни. И сега вие постојано тоа го

споменувате. Кои се тие проценти на вашиот мајоритет во присуството во Македонија, дека треба да имате поголеми права. Јас не сум за тоа дека не треба да има. Но, ако има права, ќе има за сите малцинства. Сум и ги поддржувам правата на сите малцинства подеднакво. Значи ништо немам кажано повеќе од тоа што сум го кажал во првиот мој говор и не сакам и тоа ми е најмалку цел да се повторувам, или некои од говорниците да ги повторувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Треба да не сватите. Ние не бевме задоволни со Рамковниот договор. Јас го кажав тоа во мојата дискусија. Ние имавме многу забелешки на самиот Рамковен договор. Имавме забелешки на сите предлози што беа дадени во самиор Рамковен договор и во самиот текст. Меѓутоа реков многу кратко и јасно, го прифативме Рамковниот договор и стоиме зад нашиот потпис што го дадовме, само за тоа да му дадеме шанса на мирот, да се врати мирот и стабилноста. Ние потполно се согласуваме. Друго е што ние бевме незадоволни и го изразивме нашето незадоволство. Меѓутоа ние го прифативме. Друго е сега што се предлагаат нови измени без нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Сакам само да укажам односно да појаснам некои од коментарите кои се однесуваат на амандманот IV, што беа овде драматично потенцирани, имено промена на неговиот граѓански карактер, исто така на техниката и технологијата, дипломатска, како е до него дојдено.

Имено, предлогот кој е пред вас и неговата основа и врска со нормативниот дел, е граѓанскиот карактер на преамбулата. Дефинитивно тој карактер останува во предлогот и не е точно дека е изменет во однос на некаква градација на колективитет. Основата на тој предлог е граѓанскиот карактер и како таков тој е континуитет и врска со текстот во преамбулата.

Заедниците тука се именувани. Не е направена никаква градација која е поврзана со права, туку се именувани и погрешна е интерпретацијата на именувањета да се додава градација, како носители на суверенитетот, на ниеден од колективитетите. Суверенитетот е врзан само и единствено за граѓаните и тоа јасно определено и во преамбулата и потоа во нормативнот дел. Според тоа, се работи за лоша интерпретација, намерно или случајно, на суштината на преамбулата. Останува нејзиниот граѓански карактер и во таа смисла има континуитет и доследност во ставовите, од почетокот.

Техниката на која е самиот договор донесен, во овој случај и делот од него, анексот "А" и уставните амандмани и оваа промена е изведена на истоветен начин, преку меѓународни олеснувачи и во консултација со сите лидери кои се тука наведени и тоа дополнително засилено со присуство на Хавиер Солана и со согласност на лидерите, како што е од него интерпретирано, согласност која е добиена. На ист начин е изведена промената. Не можете и не е коректно да се наведе дека се работи за некаков трик од предлагачот и за некаква промена на технологијата со која е дојдено до сите решенија во Рамковниот договор. Истиот е. Тоа што политички некому му одговара или не му одговара, тоа е друго прашање. Меѓутоа технологијата, дипломатијата до која е дојдено е на ист начин. Согласноста која е добиена е добиена на ист начин, согласно, конкретно во овој случај вашиот лидер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Најблаго речено господинот Фрчковски зборува невистини.

Доколку е така како што тој вели, зошто не го потпишаат текстот на преамбулата, го прашувам, како што беше направено во Охрид кога ставија параф сите лидери и како што тоа го потврдија во Скопје. Не се работи за иста технологија. Сосема е јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Тоа е чиста работа. - Збор има господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на претседателот на државата. Јас размислував дали да се јавам за дискусија, меѓутоа, очигледно е дека треба да се јавам.

Прво, имам процедурална забелешка дека во салата нема доволен број пратеници односно многу малку пратеници имаме во салата а се работи за извонредно важна работа, според мое мислење. Цело време околу тој сегмент постојано сугерираме и укажуваме, меѓутоа очигледно се нема доволно слух за таа работа. Но, како и да е, ќе го прескокнам тоа, понатаму нема да го коментирам, ќе продолжам со дискусијата, по она што сакам да го кажам.

Чувствувам за потреба да кажам дека промените за Уставот кои сега се предлагаат и кои се на дневен ред, во третата односно во завршната фаза, кога претстои нивно усвојување, извонредно чувствителна

фаза, бидејќи навистина се појави потреба, многу од предложените амандмани за промена на Уставот да се дополнат со амандмани на тие амандмани, за да се исправат во одредени сегменти, како би можело, да кажеме, таквите уставни промени, колку толку да бидат прифатливи.

Еве зошто. Цело време зборуваме за некаков граѓански карактер на Уставот, а на мала или голема врата со дел од промените правиме нешто сосема друго. Посебно со оние промени кои што се предвидени во овој дел.

Би се навратил на дискусијата на еден од претходните дискутанти рече дека со огромно мнозинство во првата и втората фаза беа усвоени предлогот на претседателот Борис Трајковски да се пристапи кон уставни промени и понатаму на текстот на предложените уставни амандмани од претседателот Борис Трајковски. Очекувале дека исто така и во третата фаза ќе поминат толку глатко, без дискусии, без коментари по тие уставни амандмани и онака како што е предвидено со Рамковниот договор од Охрид, а потпишан во Скопје. На таа тема ние предложивме референдумско изјаснување на граѓаните, која што како точка на дневен ред на собраниската седница сеуште не е завршена и според наше мислење можеби требаше прво да се заврши таа седница, а понатаму да се продолжи со постапката. Но, излезе како што излезе и околу тоа немам коментар, но ќе продолжам понатаму со мојата дискусија.

Во Амандманот IV за текстот на Преамбулата се нудат нови решенија, за кои гледаме дека се јавува еден отпор од страна на колегите пратеници од албанскиот дел односно од страна на ПДП. Претпоставувам зошто се тие реакции, меѓутоа не можам да сфатам една работа. Сакаат да не убедат во нешто во што и сами не веруваат иако се трудат со сите сили тоа да го потенцираат и постојано да прикажуваат дека нив не им смета македонскиот народ; дека не им смета ова, не им смета тоа, а всушност се им смета во тој дел. Тоа е мое лично убедување и би требало да ме разубедат не со зборови, со приказни, туку со дела. Делата им се најмалата работа што ја прават, а приказните им се многу големи.

Компромисот што го бараат е компромис за бинационална држава Што се крие позади тоа, не би сакал да коментирам многу, меѓутоа, на сите тука им е многу јасно. Никој тука не мислам дека нема доволно памет, човек треба да расмисли малку и да сфати дека таквата бинационална држава носи други можности кои што се всушност позадината на целата оваа работа која што се крие, а би сакале да ја филуваме во една обланда и да покажеме дека таквата бинационална држава ќе функционира идеално, што во принцип мислам дека не е точно, а позади тоа се крие и се обелоденува полека, но сигурно желбата за стварање на големи држави на Балканот. Таквите желби мислам им се избиени од главата оној момент кога беше кажано дека територијата на Република Македонија повеќе е неделива и дека разграничувањето со СР Југославија на делот од Косово и потпишувањето на договорот за границата се потпиша иницијална написла за да се започне со она што се започна. Сега, ако треба да бидеме реални и ако сакаме на вистината да и гледаме в очи, мораме да зборуваме со факти, а фактите зборуваат следно.

Фактите зборуваат дека Република Македонија доживеа агресија од страна на Косово. Тоа е факт. Не може никој ниту мене, ниту некој друг да го замаглува со тоа дека не е така. Фактите зборуваат дека е токму така. Конфликтот не почна во Република Македонија. Конфликтот почна од страна на Косово, во Танушевци и понатаму се прошири.

Понатаму, од еден колега пратеник, беше кажано дека оружје земале младите албанци, незадоволни од нивниот статус и положба во Република Македонија. Јас би ги прашал колегите пратеници кои тие го застапуваат, да ми одговорат на следното прашање. Што е тоа што толку многу нив ги погодуваше во овие години, во што толку многу беа незадоволни, што е сето она што ни направи на крај да го земат оружјето во рака и да почнат еден вооружен конфликт? Јас 6и го рекол следново:

Не беа незадоволни од состојбите во Република Македонија, туку моментот кога видоа дека се затвораат сите можности за стварање на големи држави, последен момент беше овој да се створи криза во Република Македонија, знаејќи дека стабилноста во Република Македонија се темели токму на тие меѓуетнички долги години соживот, долги години градење на доверба. Одеднаш се посегна по тој најсветол момент на опстојувањето на Република Македонија - довербата и таа беше на еден или на друг начин понатаму разнишана и сега најголем проблем во Република Македонија, кој што ќе се појави понатаму е токму враќање на таа доверба. Незнам како, верувам тешко, меѓутоа ако постои искрена желба тоа да се надмине, мислам дека постои можност тоа да се направи во Република Македонија, но треба многу работа. Верувајте, многу работа треба на тоа поле. Тоа е прво.

Второ, она што сакам цело време да го кажам, се зборува дека цело време и на крај се кажува следната работа. Генератор на кризата во Република Македонија е Уставот на Република Македонија од 1991 година. Бидејќи зборуваме за бројки, бидејќи зборуваме за факти, зборуваме за податоци, јас имам уште едно прашање на кое што сакам да добијам концизен и точен одговор. Колкава беше присутноста на албанците во јавните

институции 1991 година, а колкава во моментот на започнување на судирите во Република Македонија?

Прво, на тоа прашање сакам да ми се одговори. Да видиме дали постои тенденција за раст во тој сегмент, или постои тенденција за намалување на тој сегмент. Ако постои тенденција тие бројки да покажуваат нагорен раст, тогаш би го поставил прашањето што е тоа? Дали е тоа учество на албанците во институциите на системот? Нас не споредуваа едно време со Србија и дека заради тоа почнал конфликтот и тн. и тн., меѓутоа јас и пред малку и со господинот Вејсели и на таа тема поразговаравме и му реков господине Вејсели, вие учествувате во Собранието на Република Македонија, учествувате во Владата на Република Македонија, имате директори на јавни претпријатија, имате и имате, само имате, кажете ми што немате? Е сега, слушнавме што немаат. Немаат народ во Република Македонија. Еве со Преамбулата и тоа добиваат. Слушнавме немале тетовски универзитет, па добија универзитет во Југоисточна Европа меѓународно признат. Слушнавме немале образование на албанците. Јас 6и поставил едно друго прашање. Дали ние бараме квантитет во образованието, или бараме квалитет во образованието? Ако бараме квалитет во образованието, тогаш нема да разговараме од делот на бројки, туку ќе разговараме од делот на квалитет ако треба да зброуваме само од делот на бројки, тогаш во тој случај не правиме граѓанска држава. Граѓанската држава, почитувани колеги претставува говор на бројки. Што значи тоа? Паѓаат сами во контрадикција кога зборуваат дека ние сме 23% и заради тоа бараме вакви или онакви права. Сега ако барате вакви или онакви права, по тој однос, по 23%, тогаш мора да прифатите дека има некој кој што има поголем процент од тоа. Значи, има некој 60% и повеќе. Спроед тоа, ако зборуваме од тој сегмент, во тој случај бројките се кажуваат, но во граѓанска држава бројките се многу присутни и прифатливи во секој момент.

Во одредени концепти победува мнозинството. На тоа треба да бидат сите спремни. И покрај сите тие работи, ние прифаќаме и прифативме еден вид на консенсуална демократија. Малку поголем отколку оној што господинот Бадентер го заговараше и затоа сакам точно на тоа прашање посебно да се навратам и да кажам дека господинот Бадентер, со кој што имавме неколку пати сите ние средби во Република Македонија, дури и јас неколу пати, неговата основна концепција кога дојде тука и кога кажа беше Преамбулата воопшто да не промени, туку да се направат промени само во нормативниот дел на Уставот, ако зборуваме за волја на вистината, тоа што треба да го кажеме.

Во нормативниот дел и да се опфати еден благ облик на консенсуална демократија.

Понатаму, откако го кажа тоа господинот Бадентер, беше дипломатски елиминирано од понатамошните разговори во делот каде требаше да кажеме дека треба да биде присутен и господинот Бадентер, а на негово место дојдоа другите олеснувачи, прво, господинот Леотар, па веднаш потоа, незнам по чија интервенција и како и господинот Пердју. Но, добро. Секој добронамерен во Република Македонија кој што е дојден по било кој основ е добредојден, доколку може да помогне во одредени работи. Ние тоа го прифаќаме и го сфаќаме како нормална работа, дури и во такви дипломатски разговори.

Сега би се задржал малку и на оној дел од Рамковниот договор кој што беше спомнат како Рамковен договор.

Прво, тој договор беше потпишан на англиски јазик. Дури и за самите потписници таму и понатаму одредени сегменти неразјаснети до крај и недоволно добро објаснети и заради тоа се појавиле вакви или онакви проблеми. Но, добро и тоа ќе го прескокнеме, но би укажал на следната работа.

Рамковниот договор во принцип според мене во одредени сегменти е прифатлив, дури и во делот за уставни промени каде се кажува дека има промени за уставни промени. Затоа, Пратеничката група на Нова демократија гласаше така на почетокот, двајца за, двајца воздржани, за да кажеме дека ние не го отфрламе Рамковниот договор и делот на предвидените уставни промени во него апропо, туку сакавме да кажеме дека не се согласуваме во целост со уставните промени предвидени со тој Рамковен договор. Затоа, ние како пратеничка група поднесовме амандман скоро сите на сите амандмани што ги поднесе овластениот предлагач и се надевам дека тие добро ќе бидат разгледани и дека по тој основ понатаму продискутираме за истите и ќе видиме што всушност како пратеничка група на Нова демократија нудиме.

Имено, дури и во делот на Преамбулата за која што сега зборуваме ние имаме поднесено амандман, со кој всушност укажуваме на одредени работи, а тоа а .................

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ги разгледуваме тие текстови посебно.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Бидејќи се држиме на Преамбулата, а дискусијата ни е во тој контекст, би сакал само накратко да кажам неколку работи.

Сакам да кажам дека понудените измени и дополнувања кои што ги предлагаме се всушност од јазична природа и да ја

отстранат двосмисленоста на одредени зборови. Меѓутоа, за тоа потоа.

Сега би кажал нешто околу тоа за граѓани од прв и втор ред и околу статистичките податоци во јавната администрација. Она што го кажав мислам дека држи и би сакал јас да добијам точни и конкретни податоци за бројот на граѓаните во Република Македонија од албанско потекло, јас сега новиот термин би го употребил, со друга национална припадност. Сакам да видам колкав е тој број и каква тенденција има тој број. Дали тој број има тенденција да расте или да опаѓа?

Понатаму, тука беше укажувано дека албанците се автохтонен народ, во што јас многу многу не се сомневам во еден дел, меѓутоа, се сомневам во еден друг дел, а тоа е прашањето на дојдените албанци од Косово. Дали тој механички прилив -и колкав е тој механички прилив би запрашал и би сакал да добијам од 1991 година па наваму? Знаете зошто! Затоа што од 1991 година ако веќе треба да зборуваме со бројки, јас би сакал тие бројки да ги имаме и тие бројки да бидат релевантни како податок за понатамошна експлоатација.

Имам уште неколку забелешки што сакам да ги кажам. Имено, пред да започнеме со расправата на 86-та седница по предлогот на амандманите, ме застана една лидерка и ме праша што мислите за предвремени парламентарни избори? Она што јас мислам за предвремените парламентарни избори и она што го мислам за состојбата во Република Македонија се совпаѓаат. Имено, сега и во весникот "Вечер" прочитам една реченица која што ми остави впечаток и најповеќе заради тоа се јавив за дискусија, а која што вика: "Командантите на ОНА будно ја следат ситуацијата на теренот и треба да бидат присутни на своите фронтови и повремено да се огласуваат со оружјето, како би вршеле притисок во Собранието на Република Македонија, што побрзо да се донесат уставните промени". Јас веднаш поставувам прашање. Дали во Собранието на Република Македонија треба да работиме под притисок, под закана цело време или треба да бидеме оставени на мира, да можеме со ладни глави да носиме одлуки, одлуките да бидат адекватни на времето кое тоа го бара и да бидат, што е најважно, прифатливи за сите. Тоа е она што треба да биде примарно според мое мислење во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, со ваков начин на функционирање на работење, мислам дека во овој момент нема услови за таква работа.

Друга работа која што ја прочитав е дека гробниците ќе бидат откриени за 2-3 дена. Гробници масовни на киднапирани и тн. Јас сепак би продолжил со следнава работа.

Дали сметате и дали мислите дека во вакви услови можеме нормално да работиме. Можеме нормално да одлучуваме. Можеме, можеме да одлучуваме без емоции? Јас, според мое мислење, мислам дека таква работа е невозможна. Емоциите секогаш ќе бидат присутни додека се работи за такви работи. Мислам дека сите состојби треба да бидат расчистени, доволно јасни за да можеме понатаму ние да продолжиме со работа.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас уште еднаш апелирам до вас, да видиме дали се овозможени сите услови нормално за работа на ова Собрание? Дали се исполнуваат сите делови од Рамковниот договор, кој што всушност требаше да биде до одредени сегменти и завршен. Дали се вратени сите раселени лица во своите домови?

Дали се овожможени нормални услови за живот на тие граѓани? Сеуште статистичките податоци зборуваат дека има некаде околу 50.000 раселени лица од своите домови, многу изгорени куќи и сеуште се горат, се палат и се пљачкосуваат. Сеуште не постои целосно обезбедување на теренот од страна на безбедносните сили на Република Македонија на целата територија на Република Македонија. Во такви услови, според мене, невозможно е ова Собрание да функционира нормално и затоа уште еднаш апелирам сите овие услови да бидат исполнети, да се створи една атмосфера во државата каде што ќе можеме да почнеме да си веруваме едни на други, да почнеме да створаме доверба по тој основ, за да можема нормално да работиме. Благодарам на довербата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална интервенција има господинот Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мојата процедурална забелешка се однесува на застапниците на претседателот на Републиката, односно како се наречени - претставници, не се олеснувачи. Знаете што е забелешката моја?

Не можам да сфатам и не во ред на секоја наша дискусија двајцата господа Поповски и Фрчковски да излегуваат, да појаснуваат и тн. Ние треба овде да одлучуваме сосема одговорно и сосема независно од било чие влијание. Ве молам, почитуван претседателе, не може тие без малку на секоја дискусија да даваат појаснување и тн. Тие треба да слушаат и да не делуваат на нашето мислвење, на нашето одлучување, а уште повеќе на нивното настапување, кое за мене барем личи на невиден цинизам. Еве зошто.

Јас незнам двајцата господа кога ја зборуваат вистината. Дали во 1991 година кога тие беа едни се творците на постојниот сега Устав или сега 2001 годна кога истите учествуваат во целосно рушење на постојниот

Устав, дури и во целосното рушење на нашата држава. Ова е мојата забелеша.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова прашање го разрешивме со гласање овде. Претставниците на претседателот овде се прифатени и одбиен е секој приговор на тоа и ве молам тие постапуваат како претставници на предлагачот.

Има збор господинот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Господа, незнам дали ова е предмет само за процедурална забелеша, или па и реплика, но јас ќе се обидам да биде само процедурална забелеша.

Мислам дека со ваков кворум ние само на некој начин не можеме да стигнеме до таму, каде што сакаме ние, до нашата цел. Значи, овие предлози на амандмани за уставни промени да добијат и нивен расплет така како што треба и со еден конструктивен пристап, затоа што се гледа тука најмногу се реплицираме меѓу себе и секој нешто бара вон тоа што е предмет на нашата расправа. Ние сме дел на овој политички договор кој е постигнат во Охрид и понекогаш не обрнуваме внимание на фактите што ги имаме пред нас, туку напротив, тие факти ги одалечуваме намерно или ненамерно. Се спомнуваат и некои работи кои не лежат на целата вистина, се спомнуваше Танушевци и јас како што разбрав од последниот дискутант Танушевци, барем јас како што разбрав или пак пошироката јавност се ќе му се причинува дека припаѓа на Косово и дека од таму доаѓа тој прилив на една таканаречена, што стално се поставува за мене како многу погрешна теза и ефтин политички маркетинг дека конфликтот на Косово на еден прилив од Косово, што не е точно и на почетокот и дел од советниците на претседателот кои сега ги нарекуваме како македонски олеснувачи, се осврнаа на една таква теза што, според мене, и тогаш и денеска е погрешна. А дека постоеја во една екс комуникација тотална меѓу Танушевци и институциите на државата и градот на кој припаѓа Танушевци како село, тоа е наша реалност и дека луѓето немале најминимални услови за нивниот нормален живот. Таму се беше најнормално. Почнувајќи од тоа дека се државјани на Република Македонија а беа без државјанство, без лични документи, без патни и тн., па се до тоа што мислам дека сите нас не довеле до тука, ние денеска да расправаме за тие измени, за тој подо-бар живот, живот на сите граѓани во Република Македонија.

Едно е вистинито дека македонците биле народ од прв ред, привелегиран народ во секоја смисла на животот. Албанците како народ немале можност да ја чувствуваат таа равноправност, бидејќи беа нерамноправни. Па и кога се работи за Танушевци, еве, како симболика ја спомнувам, бидејќи еден од помагачите тука што е пред нас, што ги претставува овие предлози од страна на претседателот, ополномоштен тука, на три пати бил министер и тогаш кога се жалеле тие македонски граѓани албанци во Танушевци дека постојано пенетрира српската војска, која беше инсталирана на Косово, тогаш тие работи поминаа преќутно. Подоцна, да се сака да се покаже дека, ете, албанците во името на некои си човечки права, сега застанале зад оружјето.

Правата на албанците секогаш, до колку се одолговлекуваат и ќе се бараат. Тоа е неминовно бидејќи албанците во оваа држава, како што и реков, сакаат да станат равноправни со македонците. И, нивното тежиште се скрои на некој поинаков, на некој друг начин, што не одговара на реалноста во Република Македонија. И, што се направи? Од тоа што избегнуваме да ја прифатиме како реалност на држава со маке донскиот народ кој е мнозинство и покрај него што доаѓа ведиаш албанскиот народ и понатаму да продолжиме со националностите, турците, ромите, бугарите, власите и сите други кои што се исто така наша неминовна реалност, ние создаваме нешто друго. И, тоа што не одговара на приликите кои ние ги имаме денес. Но, ние имаме едне договор, тој е охридски договор, за нас прифатлив со сите досегашни измени, со кои се согласил и нашиот партиски лидер и сметам повеќето од граѓаните албанци, државјани на Република Македонија.

И уште нешто, ќе се осврнам околу тезата дека конфликтот не е пренесуван од Косово во Македонија. Сите политички лидери, па и други команданти на ОНА се граѓани на Република Македонија, државјани на Република Македонија. Тоа беше признато, речено и докажано и од страна на актуелниот протекторат, кој е под меѓународно влијание на Косово и нивните авторитети докажаа дека ова што се случува во Македонија е во склопот на границите на македонските граѓани. И понатаму не треба да се судруваме со тоа и не треба да напаѓаме, да ја напаѓаме целата Меѓународна заедница што се однесува за нашите лични работи што тука ги имаме нерасчистени од 1991 година, со самиот револт, со самата игнација, со самата еклатантност што ја заобиколува Република Македонија, со самото несогласување со Уставот, кој беше донесен на еден неприфатлив начин за сите граѓани и за пратениците албанци кои тогаш како протагонисти не гласаа за тој Устав. Ние, значи, ги поправивме грешките на историјата. А, тука за да ги поправиме тие грешки мора да учествуваме сите.

Затоа, сите ние со една голема одговорност и почит кон нашите лидери пристапивме кон овие измени што ги имаме денеска тука. Секоја друга измена трета или петта измена може да има, но страната или дел

од страната која е незадоволна, за тоа треба да се свика еден таков самит ист со истите луѓе и таму да се направат тие измени. Тука ние само можеме да ги одолговлекуваме работите, како што сега и ние гледаме во моментов дека така ни се случува, немаме кворум, се повторуваме, реплики, се и сештс и на крај да остане ништо.

Затоа, ве молам, уште еднаш, не сакам да ве убедувам, биејќи никој никого не може тука да убеди, тоа што е убедено е направено во Охрид и во Скопје потпишано. Сето друго мислам дека е неприфатливо и несфатливо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи веќе сме доста заморени и многу аргументи беа искажани, јас ќе се потрудам да бидам што пократок и да кажам некои работи кои ќе се однесуваат токму на преамбулата и на овој амандман IV. Се надевам дека мојот говор нема да биде пионерски говор за ликот и делата на големите водачи, како што чувме некои говори овде пред малку, колку големи биле водачите и колку големи дела направиле со охридскиот договор. Амандманот IV, преамбулата, што да се каже за една алхемија во-ведена во Македонија од која се произведе еден мутант, не во однос на содржината на текстот, не во однос на она што пишува во неа, но во однос на начинот до кој се дојде до промената на преамбулата во Република Македонија. Пред се, на неприроден начин се создаваат мутантите а не на природен начин и оваа преамбула е дојдена на неприроден начин, невообичаен начин, непознат во мегународното право, во меѓународната историја и без сличен пример во праксата под притисок, под сила, под војна да се менува еден дел кој не е нормативен за некакви права.

Жал ми е што дискусијата по овој амандман, за кој сите се сложуваат дека воопшто не е нормативен, туку треба да претставува вовед на Уставот, кој ќе содржи како досега некои историски факти и од сегашноста, жално е што од дискусиите за него, произлегоа некои дискусии кои зборуваат дека,сепак, и одат на тезата дека сепак се работи за борби за територии, бидејќи овде чувме многу пати дека ние сакаме на нашиот дел да бидеме господари или ние сакаме на нашето да би-деме господари што оди во прилог на тоа дека сепак се работи за борба за територии, а не за борба за граѓански концепт, како што е замислено и како што ни сугерираа токму потписниците на овој договор. Четирите големи партии ветија на македонскиот народ дека ќе направат договор, кој ќе нуди граѓански концепт, а веќе оди во самата преамбула, тие отстапуваат, еден од нив, еве, постојано отстапува од тој концепт, барајќи некакви права за колективитети, што за нерамноправноста на албанците во Република Македонија, за нивни права, за менување на нивната положба, што значи дека сепак не се работи за интенција, за зајакнување на граѓанските права на граѓаните на Република Македонија, туку за интенција за победа на некои колективни права, што ќе се сложиме дека не беше воопшто кажано на граѓаните на Република Македонија дека тоа се размислува.

Јас сакам да кажам во оваа прилика и дека ние при настаните минатата година кога се формираше ВМРО-Вистинска, пратеничката група на оваа партија, предупредувавме и се плашевме од една состојба во Република Македонија, која е можеби најлошото сценарио за сите нас, а така и го кажувавме при излегувањето од коалиција дека е можна поделба на Република Македонија. Денеска, прашањето кое се наметнува пред нас, дали со овие измени со ваквата преамбула ќе придонесеме да одиме поблиску кон нова поделба на Македонија, бидејќи некои веќе дадени аманд-мани за преамбулата, зборуваат дека во Македонија се повеќе јакнат силите кои одат во тој правец. А, посебно некои тези тука за негирање на македонците, па еве, тезата дека тие се друг народ, не се македонски народ, која беше изречена посебно од еден припадник на албанското малцинство во Република Македонија кој прилог на желбата за поделба на Македонија на албански и бугарски дел, што за мене е нешто неприфатливо и нешто што треба да го кажеат на граѓаните на Република Македо-нија. Кога размислуваат така и кога зборуваат за Гоце Делчев и другите наши дејци кои ги сметаме за предводници на македонската нација и гордост на македонската нација.

Очигледно, ретерирањето на потпишувачите, едни во позитивна, едни во негативна смисла, едни се радуваат на~новата преамбула, други се разочарани од новата преамбула на амандманот IV, што зборува дека сепак и ова состојба и овој така да го кажам компромис до кој дојдовме, не е компромисот до кој треба да бидеме и дека нема утре да доведе до некоја политичка врамнотежена ситуација во Република Македонија, туку напротив пак ќе регенерираат нови разлики, нови видувања, кои ќе се судруваат околу овие проблеми и нема да реши ниеден од проб-лемите за кои се зборуваше претходно дека се проблеми на Република Македонија.

Сите тие потпишувачи кажаа дека не веруваат и во новата формула, што е навистина тажно и незнам која е смислата да ја менуваме старата преамбула, додека не најдеме вистинска формула. Преамбулата е нешто што треба да биде украс, почеток на Уставот. Се прави еднаш обично во историјата, не ја правиме, очигледно, не е еднаш и која е причината и која е формулата, прво, не се сложуваат потписниците за оваа формула. Сите четири потписници не се сложуваат. Голем дел од ма-кедонскиот народ не се сложува. Сите партии легитимни и легални прет-ставници на народот, кои не беа во охридскиот договор децидни се дека не се сложуваат со новата формула и со промената на

постојната преамбула во Уставот. Која е тогаш логиката да брзаме и да генерираме една ваква преамбула, која не кореспондира со желбите и со размислувањата на сите политички субјекти во Република Македонија. Преамбула, сепак, се носи кога не е нормативна може да се донесе со консензус, со многу по-сериозна јавна расправа, за да се дојде до вистинска формула.

Ваквиот потег ќе биде пвоторно еден избрзан потег, една промена од која никој нема да биде задоволен и една формула од која ќе произлезат нови и нови моменти, кои веќе беа навестени на состанокот таен кој го објавија новинарите меѓу албанските партии, веројатно тоа е моја претпоставка.

Навистина, неможам да разберам каков чекор ќе направи во нашата психологија оваа нова формула, кога нашата психологија е останата можеби и во времето пред 1991 година. Ние зборуваме за времето од 1991 година, меѓутоа, некои наши однесувања се пред 1991 година и многу порано, бидејќи ние очигледно не знаеме сеуште да разговараме. Ние не знаеме да ги почитуваме аргументите, не знаеме да ги процениме реалните состојби и да се однесуваме разумно околу елементарните работи. Ќе дадам пример, сеуште неможам да сфатам како албанските фактори двајца, кои го потпишаа охридскиот договор ПДП и ДПА не смогнаа сила за сите овие шест месеци да осудат барем еден немил настан кој се случи на граѓаните на Република Макеоднија, макар да се тоа и македонци. Како не успеаа тие, на пример, да ги осудат барем чиновите на вандализам што се случуваат над гробовите во Западна Македонија. Или, чинот на уништување на културните споменици, да не зборувам за масакрите и измачувањата на луѓето. Рака на срце, македонскиот блок од партиите направија барем таков гест и го осудија чинот во Битола, каде што имаше една, јас би рекол, повеќе хистерија со доста религиозна основа, која беше осудена од сите политички партии во Република Македонија па и низа други чинови, како што се истражувањата на Попова Шапка. Јас верувам дека, ако случувањата на Попова Шапка се случеа во Шипковица ниеден фактор од албанските политички фактори, ниту еден албанец немаше да прозбори за тоа дали тоа ќе беше од страв, или тоа го прават од страв или од политички калкулации, тие тоа го знаат, меѓутоа, факт е дека тие се должни пред македонската јавност да се оградат од некои настани што се случија во изминатите осум месеци. Тие имаа повеќе можности тоа да го направат, до денес јас не слушнав од нив некој тоа да го направи и тоа е минус на нивнито политичко конто и кредит кон градењето на довербата за соживот во било каква идна држава и со било каква преамбула. Така не се прави преамбула. Да се замижува пред фактите како што се уништуваше, убивање, измачување во XXI век тоа е тажно **и** воопшто не е интелектуално, иако некои со неинтелектуални чинови и со насилство ќе успеат сепак да променат некој акт и во Уставот на Република Македонија.

Јас тука не ги амнестирам ни македонците од своето однесување во целиот овој период, посебно периодот пред овие случувања. Можеби и во нашите редови ние не бевме доволно свесни за некои тенденции и случувања и пулсирања на македонците, можеби со една носталгија или инерција од поранешната СФРЈ, кои одеа во некакво неформално сојузништво кон поранешните републики и кон другите соседи, многу повеќе отколку можеби кон албанците во Република Македонија и тоа е предмет за кој треба да зборуваме и да најдеме начин едни со други да се интегрираме и да најдеме начин како да ги решаваме прашањата во Република Македонија. Очигледно, сепак ние сме оставени на судбината, на неволјите кои не чекаат и мораме да научиме заеднички да ги решаваме, а јас сум сигурен дека ова не е начинот како се решаваат неволјите заеднички, како се решава заедничката иднина.

Никој не може да ме убеди дека ваквата формула понудена сега, па и следните што ќе дојдат нема да придонесат за нова сегрегација или дека ќе придонесе за интеграција конечно на сите граѓани во системот на Република Македонија. Веќе слушнавме бројни навестувања, граѓаните остануваат нерамноправни, не се исполнети сите услови, не е исполнето ова, нема да добијат она, се уште имаат да бараат некои. Значи, интеграцкјата и сепарацијата по национална основа ќе продолжи и тоа е една од најтрагичните состојби која останува и која оваа материја не ја решава. Значи, решава само текст, а не ги решава суштинските проблеми кои се појавуваат во Република Македонија.

Навистина потписниците и тоа сите на овој договор и со новиот текст неможат да се гордеат, како што сакаат да го прикажат овој чин на новиот текст како победа, нова победа и да се извлечат од стапицата во која влегоа, од која сите се незадоволни, посебно граѓаните на Република Македонија, покажувајќи го сето ова како некоја нова победа со новата преамбула и слично.

Исто така, загрижија покажаните тенденции и оваа преамбула остава отворено прашање на темата поеднаквите од другите.

Тоа е многу дискутабилна работа да си подеднаков од другите еднакви, а очигледно овде се појавија тенденции да има едни кои ќе се поеднакви меѓу другите, ако се дел од народ да се поеднаков дел од народ од другите, бидејќи се помали. Значи, бројката е услов во оваа држава за правата, а не граѓанските права и тоа е едно од отворените прашања кое останува.

Не можам да прифатам тука дека фразите кои се употребуваат од оваа говорница, кои се мрачни фрази, како да ги гледам филмовите од времето на окупацијата, има некоја окупација, еден режим, постојано се

измачуваат луѓето, затворите се полни со политички затвореници, луѓето кои се од одредена националност ги малтретираат, ги третираат како посебна група на граѓани и постојано се извикуваат фрази од типот сите граѓани да се третираат подеднакво, Макдонскиот народ е доминантен, што во практиката нема никаква врска со реалноста. Јас верувам ако сега одиме да ги изброиме бизнисите што ги држат колегите пратеници од албанскиот блок на целата територија, како што во јавната администрација се малку, во биснизите кои ги држат над сите граѓани на Република Македонија над 80% со разни производи како што е шеќерот, паштетите и сли., тука ќе видиме една добра дискриминација. Една добра дискриминација бидејќи да увезеш илјадници и илјадници тони шеќер на име на пет луѓе и фирми тоа е голема дискриминација и мачење во една држава, а парите каде се отидени, тоа е друго прашање, и да си ексклузивен увозник за цела територија на паштети и слично. За овие дискриминации и мачења од страна на македонскиот народ можеме многу да зборуваме, меѓутоа, да не отвораме теми. Но со ваквите фрази треба да се замислат колегите пратеници кои дефинитивно не се плашат во Македонија да шират македонофобија. А сакајќи албанските партии да го сегрегираат, да го сепарираат албанското политичко тело за да можат да го манипулираат и да ги остваруваат и понатаму своите политички привилегии, тие едноставно му наметнуваат една психологија на страв од македонскиот народ, го заплашуваат со македонскиот народ и тоа е појава која треба да ја избришат од својата фразологија. Јас ги повикувам дека треба да се интегрираме едни со други граѓани на Република Македонија, без разлика од која нација, националност се и од какво потекло.

Оваа нова преамбула навистина загрижува дека може да биде вовед во нова криза, бидејќи покрај незадоволните мали партии, условно велам мали партии или партиите кои не учествуваа во Охридскиот договор, очигледно веќе доведува и до незадоволство кај потписниците на Охридскиот договор, што е големо прашање како треба да се однесуваме кон тој Охридски договор во целина и дали не треба да се вратиме на почетната позиција на нови преговори и разговори. Мислам дека тоа е патот по кој треба да одиме и да разговараме. Ова е уште повеќе што далеку се овие решенија од консензуалност. Вакви решенија за преамбулата посебно, за овој амандман, можеби треба да нема консензуалност, огромна, јавна консензуалност, можеби таква не е можна за ништо, меѓутоа, треба да има голема политичка консензуланост. Ако во оваа формула нема консензуалност само од четворица потпишувачи, јас не гледам зошто треба да се менува старата преамбула која што сеуште е добра и која што никого не обврзува.

Верувајте, сметам и сугурен сум дека изгласувањето промена на старата преамбула ќе произведе чувство на мачење кај многу граѓани на РМ, кај најголемиот број од граѓаните на РМ. Тоа нема да е никаква победа на демократијата, нема да е победа на разумот, нема да е компромис. Тоа ќе биде ново отворање на "Пандорината кутија", посебно гледедајќи ги амандманите колегите пратеници од албанскиот блок кога кажуваат Македонскиот народ, Албанскиот народ и останатите, тие веќе се промовираат во една друга градација, тоа е една опасна тенденција која тие веќе ја промовираат на оваа седница кога преамбулата не е изгласана, а можете да замислите како ќе се одвива сето тоа во наредниот период.

Компромиси ние направивме за ова време многу. Меѓутоа, кога сме кај компромисите треба да доаѓаат од сите страни и да го согледаме нашето реално опкружување во кое живееме. Јас ќе ви дадам еден пример. Ова е втора измена на Уставот. Во првата измена на Уставот, сега јас ќе парафразирам за да не се враќам на тие членови кои што се изменети, кои се направени, изменето е тоа дека Македонскиот народ нема да се грижи за граѓаните кои живеат надвор од границите. Меѓутоа ние на кој Балкан и каде живееме? Еве го членот 8 од Уставот на Република Албанија кој има три става. Во првиот став се вели дека Република Албанија ги заштитува националните права на албанските граѓани кои живеат надвор од нејзините граници. Тука не мислам на граѓани како жители туку како албанска националност. При постоење на еден ваков член во Република Албанија и при постоење на овие тенденции, незнам дали ќе се смират тенденциите кои се појавуваат во блискио регион или со еден ваков член во соседството и со новата преамбула ќе се генерираат нови размислувања за идеи кои сметаме дека не се поволни во регионот.

Некој овде рече, односно не можам да не одговорам на уште една работа. Некој овде рече дека најстрашната случја што се случила во последно време во светот е Косово. Тоа го кажа некој од говорниците и рече дека бомбардирањето е најтрагичното. Јас сепак сметам дека тоа не е најтрагичното. После Косово се случи потрагичен чин на тероризам, невиден тероризам и најтрагичниот момент е Авганистан. А некои луѓе од Балканот се уште не е сигурно дали немаат врска со луѓето од Авганистан, со Бин Ладен и со неговите организации. И при сето ова ние треба да донесеме една преамбула. Ставете се малку и во наша позиција и замислете се за сите кои заговараат вакви идеи.

Иако верувам дека се ова што се случува денес е договорена работа уште на Охридскиот договор и дека сите потписшци ќе си ги извршат обврските, и покрај многу големиот маркетинг кој се случи на овие седници, јас уште еднаш ќе апелирам до пратениците да не чепкаме во овој дел во преамбулата бидејќи не е нормативен, со тоа нема никој ништо да добие ако ја смениме старата преамбула, а ќе има само еден губитник. Губитници нема да се ни граѓаните, пред се најголем губитник ќе биде меѓусебната доверба. Тоа е нешто што многу тешко се враќа, тоа е нешто што се гради со векови и со години, а се губи многу лесно. И немојте да си играме со меѓусебната доверба. Можеби тука ќе можеме уште многу да разговараме од говорницата, тоа право го имаме со имунитетот и со правилата на игра. Меѓутоа, како ќе ја вратиме довербата на граѓаните едни меѓу други, дали ние некогаш размислуваме или не, тоа е прашање за кое треба да размислуваме. Со генерации албанците и македонците на овие територии никогаш не војувале во директна војна, значи знаеле да живеат едни покрај други. Генерирањето на криза на одредени вооружени групи кои тврдам дека се многу повеќе увезени и организирани од страна отколку што сте автохтони, чија намера е борба за некакви права, сметам дека е новокомпонирана случка во сегашноста на Република Македонија која не потекнува од автохтоните албанци, а Македонците и Албанците се уште имаат сила да живеат едни покрај други без да војуваат, без да се уценуваат, без присилно да си наметнуваат закони кои никогаш не ги наметнувале едни на други, туку изнаоѓале компромиси. Навистина вака можам да кажам нема да изградиме просперитетна иднина, нема да генерираме во државата процеси кои ќе не доведат до доверба, до поглед кон иднината, до втемелување на процеси за подобра економија и општество на генерациите кои следуваат после нас, така што во формулата денес и оние кои ја бранеа не веруваа, не верувам и јас и уште еднаш ве повикувам да размислите за старата преамбула, додека не созрее некоја формула, која ќе созрее на природен начин онака како што треба да созрее и ќе биде новата преамбула на РМ, па нека биде добра за сите граѓани на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(некои пратеници бараат реплика)

Не сте прозвани.

Прво да слушнеме процедурална забелешка од Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван г. претседателе, во салата има 32-33 пратеници. Со тоа не е исполнет условот за работа. Доколку немаме кворум, јас барам да ја прекинеме седницата и утре да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште Билал Љутфии уште да каже, ќе го заклучиме општиот претрес и ќе продолжиме утре.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Сакам две три реченици да кажам во форма на реплика на г. Стојменов, од причина што ги генерализира некои работи, но однапред му се извинувам, не е во состојба некои анализи објективно овде да ги прави во Собранието, односно што се случуваше во овие 45 односно 50 дена во ова Собрание. Како ги сфати г. Стојменов укажувањата на некои албанци овде дека треба да бидеме сериозни, да не се занимаваме со дневна политика, да бидеме одговорни пред нашите бирачи и пред сите граѓани во РМ. Кога на некој начшн овде ќе се занимаваме со осудување, тогаш немаме морално право да осудуваме настан односно однесување на луѓе кои не се избрани од ова Собрание.

Оттука, треба да зборуваме за одделни министри, па ако сакате и за целата Влада, но јас би рекол за одделни министри, за нивните изјави, како тие уште фрлаат масло на огинот, како тие играат со нервите на граѓаните во РМ. Апсолутно не држи да се споменува Уставот на Република Албанија бидејќи ние сме избрани и сме пратеници на Собранието на РМ. И така и така доста проблеми имаме овде и не сме толку способни да се занимаваме и со Собранието на другите држави, во конкретниот случај со Собранието односно Уставот на Република Албанија и на другите.

Факт е, јас се согласувам дека албанците и македонците никогаш не војувале. А зошто во овие последниве шест месеци војувале, причините за таа борба апсолутно не сум расположен да ги објаснам, но знам дека во ова Собрание се причините. Иако ние не сме виновни што сме избрани 1998 година, има пратеници што се во составот од 1990 година, па има и министри овде и патем да кажам една реченица за тие што викаат дека Уставот не е причина за борба, за ова или за тоа. Впрочем, бранејќи го тој Устав, 1995 година беше употребена сила и убиен човек во сред Тетово, во Мала Речица за Универзитетот во Тетово, повикувајќи се на Уставот и на законите.

Поглед кон иднината - каква иднина г. Стојменов, ако ти мислиш дека твојот син треба да се школува, јас се радувам да се школува, но ако мислиш дека твојот син треба да се школува да постигне успех а мојот не, заборавaш дека си сосед со мене и кога мојот син не се школува, ги нема тие услови што ги има твојот син, тогаш нема иднина. За мене и за тебе и така и така веќе нема иднина, и ти сигурно имаш 40 години, но за нашите деца треба да размислуваме, а тежината е кај сите нас овде. На кој начин ние ќе се договориме овде и како

ќе се договориме тоа ќе го имаат нашите деца во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за г. Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Што се однесува до мојата порака г. Љутфии за осуда на некои настани во РМ, јас те барав да се осудат настаните кои се врзани само за избраните луѓе од ова Собрание, но ова Собрание е одговорно за многу состојби во РМ, и треба да расправа за многу состојби.

Ако вие за 8 месеци не најдовте ни една состојба која ве загрижува како пратеници што се случува во Западна Македонија, ни една од состојбите кои се случија да ја осудите и да ја искажете пред македонската јавност, тоа е навистина жално. Меѓутоа, јас ќе ви кажам јас и од говорницата спомнав, вандализмот е нешто што е измислено од Атила Хунот, тоа е уништување на гробови и скрнавење на најсветото нешто, тоа е културните споменици, потсмевање со светците, со Црквите без разлика колку сме ние верни, г. Љутфии, тоа е огромен вандализам.

Измачувањето, убивањето, пишувањето букви по грбот на граѓаните,тоа е измачување и ништо друго. Тоа е уништување на достоинството на граѓаните, газење по неговите чувства, а злочин од најтежок вид.

Ова се мал дел, еве, да зборувам за масовните гробници, не сме ги виделе дали постојат. Ова е само мал сегмент од она што сакам да ви обрнам внимание дека можете да најдете начин да се оградите од тоа. Никој од вас во ниту еден момент не најде сили како човек, како политичар, како пратеник, како партија да каже не сакаме во Македонија вандализам, ние сме против уништувањето на гробо-вите, не сакаме убивање, не сакаме измачување, не сакаме цртање по фреските што се со векови стари и ги чуваат и негуваат генерации и генерации и кои не ги цртале ни турците, ни сите други окупатори после нив. Дошол некој, после тоа, да се исмева со нив. Тоа е газење по верските чувства на одреден број на граѓани. Тоа мораше да го осудите и вие, и ние и Парламентот на Република Македонија. Тоа е во однос на вашата осуда.

Во однос на тоа дека треба да учат и нашето и вашето дете, апсолутно се согласувам. Затоа ве повикувам да се интегрираме во еден систем, а не да ги сепарираме нашите деца да не можат да разговараат. Знаете ли кога прв пат јас разговарав со албанците на македонски? Кога се сретнав на факултет. И, само со оние кои бее на Медицински факултет.

Во сите современи земји младите генерации се мешаат уште во најрана возраст, господине Љутвии. Тоа е интеграција.А, не сегредација по зидови и во гетоизирани училишта, во кои ќе зборуваме само македонски и нема да го чаучиме македонскиот. Само албански и нема и нема да го научиме македонскиот јазик. Ние мораме да најдеме кодови преку кои ќе корсепондираме и преку кои ќе се интегрираме. А кодот, сепак, ќе признаете е македонскиот јазик. и, ако ви пречи тој код, тогаш нема начин како да разговараме. А, сметам дека тоа е добар код за кој ќе се разбереме токму за овие проблеми што не мачат, да ги решиме сите проблеми.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Лутвии.

**БИЛАЛ ЛУТВИИ:**

Космополитизмот за кој вие зборувате апсолутно не држи, бидејќи вие ја кристализирате до крај идеата и неможам да ве сватам каде ви е целта. Ако сте на мислење дека треба да се учи во една средина и едниот и другиот јазик, тогаш имаме можност овде, поднесете амандман, сигурно ќе биде прифатен, особено кога некој пратеник, македонец ќе го предложи.

А, дека ние го негираме јазикот, народот, нацијата, апсолутно не држи. Јас неможам да сватам, наставник, професор, 35 години, се пензионира човекот, ги учи албанските деца, се случило во Гимназијата "Кирил Пејчиновиќ" во Тетово тој никогаш, ни добар ден, ни добро утро. Ама баш никогаш. Ги храни децата, 35 години учејќи ги тие албански деца.

Апсолутно, апсолутно не се согласувам, сум против тој вид вандализам во вид на рушење на цркви, на гробишта и верските чувства. Тие кои упорно инсистираат во смисла на верата, заборавaат едно дека, без оглед дали сме припадници на исламската вероисповед или рисјанскат, вероисповест, сите ние се обраќаме на еден господ. Во таа насока јас сум расчистил некои дилеми.

Уште нешто. Пишување букви на грбот на граѓаните, кој го сторил тоа, тој не е мој пријател. Но, кој измислува такзи фотографии и слики може да ме убеди мене и целата јавност кога би го видел лицето на тој човек. Додека не го видам лицето на тој човек, апсолутна измислица и добро обучени луѓе го прават тоа. Апсолутно, јас не верувам така бланко дека токму тие биле македонци. Еве, тие биле албанци. Можеш ти да негираш, да велиш, но лицето да го видам, некој сигурно го познава тој човек. А, како настан, го осудуваи. Било да е тој грб на албанец или на македонец. Но, сакам лицето да го видам, а не така бланко да верувам на оние кои ги подготвуваат тие емисии. Мислам дека тоа беше една слика во времето кога се водеше специјална војна, можам да го сфатам. Но, да ми биде мене, како аргумент, на говорница, за да убедам некого, апсолутно како човек никогаш не би ја злоупотребил таа слика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Нема да спорам со другите тези, освен со последната, и неможам да го сватам сега господинот Лутвии дека ќе гласа сега за промени на Уставот, за преамбулата, за разни членови на Уставот. Се прашувам дали тој планира и дали размислува во иднина да ги почитува сите тие акти што ги гласа и дали ги почитува актите што ги гласа во Собранието постојано, бидејќи тој не ја почитува актуелната легислатива и законодавство на оваа држава. Имаме записници од судкси органи, од МВР, од меѓународни организации кои тврдат дека е направено тоа злосторство. Можеме да поставиме и пратеничко прашање заедно со него, дали е случено тоа злосторство? Може и имињата да ни ги дадат под строго доверливо во Парламеитот. Тој знае. Се работи за предадените граѓани.

Меѓутоа, да се замижува на фактите, дека сето тоа постои и покрај постоењето на сите легални процедури во државата, како што се истрага, наодите на МВР, на судските органи, покренување на кривично обвинување, навистина е жално.

Уште едно ќе ви кажам, во оваа држава, покрај тие има покре-нато и кривични дела за тероризам, за ништење на уставниот поредок и се додека тие дела се важечки, ако ја почитуваме легалната процедсура во државата сите, треба и вие да ја почитувате. А, тие постојат за одредени пуѓе и немојте ноќно време, зад грбот на македонската јавност овде да дојдете, да држите говори за чесност, а зад грбот да се среќавате со воени злосторници одговорни за масовните гробници, за време на викендите.

Благодарам.

(Пратеникот Билал Лутвии, бара збор за реплика).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Билал Лутвии немате право за реплика. Толку е. Два пати вие, два пати тој. Вие сега немате право на реплика.

За реплика се јави господинот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Само кратко, бидејќи остана една реченица нерасчистена, односно теза на господинот Стојменов. Еве, го спомнувам, без намера да реплицирам понатаму.

Мешаните паралелки од 1988 година, како пробен балон се покажа дека е туѓ и штетен за Македонија. Таков бало, кога веќе е пробан, не треба да се повторува уште еднаш во Македонија, бидејќи тоа го имавме за вреке на едноумието и видовме какви последици имавме од тоа. Па, резултат или рефлекси ка тогашната 1988 година се и овие денешни предлози и измени што ни се нудат нам тука и нке мораме да ги прифатиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Го прифаќам ова, како можеби, личен став на колегата пратени, а можеби и како партиски став за мешаните паралелки. Меѓутоа, сигурен сум дека ниту тој, ниту некој од неговите партиски другари ваквото нешто би го искажале пред меѓународните олеснувачи, пред се пред американците и пред европските олеснувачи, оваа теза за немешање на паралелките и на граѓаните. Така што јас го оставам како резерва, како личен став на колегата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Ако се слушаме добро и ако се слушаме еден со друг, тогаш мислам дека е повеќе од јасно дека таа теза беше изнесена. И, секогаш се сака да се крои нешто според, ајде да го наречеме, мојот терк. Само тоа е вистината, само тоа е доброто како што велам јас.

Сите сме сведоци на нешто што ни се случува тука,во Македонија. Значи, на една спогодба, на еден Охридски договор што е резултат на она што велам дека мора да го прифатиме, бидејќи тоа е резултат на компромис. Во компромис се усогласуваат некои ставови, што не значи дека сите страни се задоволни, со сите нивни работи. Значи, има место и за нешто што не е задоволено, но сепак тоа е резултат на компромис. Во компромис нема победници, нема губитници.

Затоа јас не сакам да се враќам во тоа лошо минато што повеќе ни носеше зло отколку добро. Затоа сакам нешто што е добро. Тука се правниците и сите знаат дека во Македонија разговараме за нешто што е најреално и најнормално им следува на граѓаните и на националните колективитети, т.е. народите кои живеат во Македонија. Се работи за стекнати права на албанците во Македонија. Сите тука можеме да се надмудруваме, тези, контратези, аргументи, контрааргументи, историја, праисторија, но фактите се тука и еднаш ние може и мораме да ги корис-тиме нив за да достигнеме до целта кон која тргнавме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госопдинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ќе бидам само лраток, бидејќи господинот Бајрами не ми одговори на мојата теза. Ќе кажам само една реченица, го повикувам заедно да напишеме едно писмо, да ни одговорат олеснувачите бидејќи ги сметаме за претставници на САД и на Европската нација околу две прашања. Околу интеграцијата и околу мешањето на младата популација во учењето и во дргуите процеси. Тука да добиеме одговор, нивно мислење, како е во нивните држави, какви

се тенденциите во нивните држави. Дали да ги сепарираат младите генерации по теркот на 1988 година или ќе водат политика да ги интегрираат едни со други и да ги учат на толеранција ме-ѓусебна и трпеливост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие немате право, два пати реплициравте и толку е.

Постои деловник, по него работиме. За збор се јави господинот Горѓи Тодоров.

Нема повеќе реплика. Ве молам барем некоја работа денеска да завршиме. Да го завршиме општиот претрес.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Ова што денеска ни се случува од Танушевци до денеска, со Рамковниот договор, уставните измени...

(Реакции во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да седнат.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Ова што денеска ни се случува во Република Македонија, поагајќи од Танушевци до денеска е производ на лошото или неадекватно владеење на оние власти, оние влади д 1990 година до сега, бидејќи не изнајдоа начин Република Македонија да биде конституирана како национална држава со граѓански опции, согласно сите светски држави, согласно Повелбата на ОН каде сме ние членка како БЈРМ. Но, затоа во некоја друга прилика повеќе. Денеска, на дневен ред е преамбулата.

ВМРО-Вистинска останува верна на темелните вредности на ма-кедонската духовна држава. Верна на македонската историја. Но, во исто време горда на македонскиот јазик, писмо и култура. А се темелот на европската цивилизација со длабока индигнација и горчина во нас. Јавно и енергично го осудува и се оградува од најопасниот атак врз највиталните корени на македонските вредности, создадени и негувани со милениум.

Како што е таканаречениот Рамковен договор и уставните амандмани, што се предмет на денешната расправа, конзистентни на нашите оценки за кризата во Македонија и нејзините корени уште на самиот почеток ВМРО-Вистинска, застана против обидот за употреба на оружје и присилни средства од надвор и од внатре да се менува Уставот од 1991 година. И, уште поенергично го осуди и отфрли понудениот рамковен документ и неговата содржина.

Ние не сме против промени на Уставот. Напротив, имаме мноштво причини за промена на важечкиот устав. Но не вакви и на начин со притисок со оружје од внатре и политички притисок од надвор, од причини наведени во Рамковниот договор.

Факт е дека ништо во историјата на државите и на општествата не се случува одеднаш и случајно, без причински и последични врски на настаните што ја определуваат историската патека. Тука лежи фундаменталниот генератор на денешниот најтрагичен чин во современата македонска историја. Од 1945 година до денеска, сите устави и уставни амандмани ја содржат нишката на денешната судбина. Се конституираше уставно правен, политички и духовен поредок, чија скриена порака и цел беше атеизмот и интернационализмот, што во корелација на делумно пренесен суверенитет на тогашната СФРЈ имаше мисија да ја разгради Македонија како државнотворна реалност и да ја уништи колективната свест и потсвест за припадност на најстарата европска цивилизација и култура, а тоа е македонската. Да ги избришат сите нејзини симболи на препознавање.

Затоа не не чудат сите овие обиди на антимакедонските сили од надвор и од внатре. Со ваков уставотворен акт, дефинитивно,самите да си пресудиме и извршиме колективно национално самоубиство. Ме чуди и боли сознанието дека тоа го предводат македонски глави и раце чии имиша со најцрни букви ќе останат врежани во колективното паметење на македонскиот народ, а кои би требале да бидат негови лидери, негова гордост. Тоа се претседателот Борис Трајковски, како пкровител и предлагач на овој чин, Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевскиот едниот поранешен премиер а другиот актуелен. Двајцата лидери на двете партии кои во изминативе десет години владеат во Македонија, а сега имаат две третини мнозинство во Собранието на Македонија.

(Дофрлање од место.)

Никола повели па зборувај.

Ниту една нација во современата па и подалечна историја во Европа не забележала ваков трагичен епилог, па дури ни во услови кога војнички и економски биле поразувани и уништувани. Единствен пример за вакво колективно историско самоубиство ќе биде македонската нација.

Следствено, нашето основно сознание, оценка и став за ваквиот чин, ние сепак ќе се впуштиме во општата расправа по одделните амандмани и нивнот текст, што не значи дека и натаму нема подетално да го образлагаме нашиот став како чин на неслагање и негласаше за нив.

За нас, најважно од се е да го свртиме вниманието на вас, колеги пратеници и на македонск-ата јавност на чинот на бришење на уставната преамбула и нејзиното сведуваше на посебен акт уставна декларација и особено на нејзината предложена и утврдена содржина.

Невкусни и антинародни се објаснувањата на предлагачите, потписниците, покровителот и неговите рентакар експерти.

Дека, уставната преамбула на македонскиот устав е декор, дека е извор на конфликт дека нема нормативно правно дејство и тн.

Се наметнува прашањето дали сте свесни господа за последиците од таквите циркузантски точки и потези. Само, не заборавајте, дека не сте во циркус, туку се наоѓате на кормилото на бродот - Македонија, бродот кој под вашето водство секојдневно се повеќе тоне.

Прво, од причини на нејзината најтрагична судбина од сите во семејството на европските нации во поблиското и подалечното минато, македонската нација во својата преамбула има потреба и мера да ја изрази историската вистина, Исто така преамбулата ја изразува националната свест и потсвест, како и духот и целите на македонскиот народ како конститутивен на ова мало преостанато парче од нејзините етнички и државни територии. Афирмирајќи ја вистината за тоа, кои сме, што сме и кон што се стремиме, според тоа, преамбулата е коренот, таа е духот, таа е мајка на сите мајки и на вредностите, начелата и принципите на уставното устројство.

Дополнителен елемент на преамбулата треба да бидат духовната симболика и специфика на конституентот како нераскинлив дел на неговито корен, на неговото битие тоа е православно христијанство кое извира и е врвен духовен дострел на македонската милениумска цивилизација пред Христа со неговата македонска црква мајка на сите мајки, цркви во христијанството и макеоднското писмо, најстарото писмо што воопшто светската цивилизација го познава, а на кое и денес пишуваме и учиме.

Така лесно и лекоумно да се потпише документ каков што е Рамковниот договор пишувамнадвор од Макеоднија на англиски јазик, без верзија на макеоднски јазик однапред ја обелоденува намерата и суштината на предавничката улога на неговите потписници.

Дами и господа пратеници дали ви е познато дека ни два реда од текстот не се авторство на потписниците и покровителот на Рамковниот документ, ниту на неговите рентакар експерти, барем тоа право го имаме да ги запрашаме. Дали знаат кој е авторот и со какви цели го создал ова чудовиште над чудовиштата. Во уставно-правната историја на европската цивилизација неспоредливо со ништо.

Во овој контекст сакаме да ја истакнеме нашата оценка дека тој е подеднакво штетен и опасен за сите граѓани на Македонија кои како делови од соседните народи или автохтони малцинства живеат во Македонија.

Нашиот став е дека се тие наши собраќа кои споделуваат со нас иста судбина и се надеваат на иста иднина со нас како нераскинлив дел на макеоднската историја државност, сегашност и иднина. Нивното обезличување, обезимување со овој Рамковен документ е подеднакво опасен и за нас и за нив. Барем тоа да го знаеме и препознаваме од досегашната заедничка историја.

Оттука ние најенергично ќе се спротивставиме на овој чин на фалсификување на историјата, бришење и обезличување на националните, духовните и културните обележја не само на македонскиот народ, туку и на сите кои заедно со нас живеат во Макеоднија како наш заеднички дом, како колективен симбол на психолошката, етничката и верската сигурност и идентификација на сите.

Се останато е измама со најцрни намери на надворешни фактори кои предизвикувајќи воени и други конфликти имаат за цел дефинитивно да ја разградат и распарчат Македонија приграбувајќи ги нејзините со милениуми градени вредности и цивилизациски придобивки.

Ни една економска, воено-политичка и духовна глобализација чија жртва, во конкретниов случај, Македонија не е вредна за да сами си ги отсечеме корените стари илјадници години и длабоко вкоренети во основата на европската цивилизација и ова парча земја и натаму да го натопуваме со крв заради туѓи интераси.

Затоа ги повикувам сите пратеници, без разлика на идеолошкита, политичките, етничките и други припадности најенергично да и се спрстивставиме на мрачната иднина која ни се нуди со овој документ и самите заеднички да се обидаме да изградима нов Устав, но под поинакви околности и ситуации кој ќа ги изрази заедничките вредности и интереси, а на Устав кој ќе ни биде заедничка црна судбина на сите.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Го заклучувам општиот претрес.

Сега ќе пренаме со работа, а утре во 11,00 часот продолжуваме со расправа односно претрес по текстот на амандманите.

(Седницата прекина со работа во 23,15 часот).